СПИСАНИЕ ЗА ПРАВОСЛАВНА ВЕРА, КУЛТУРА, ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ОГЛЕДАЛО

Тетовско-гостиварска епархија

Двоброј 12/13, Октомври 2019

Ако не се запише – ќе се заборави



ОВОЈ БРОЈ ОД ЕПАРХИСКОТО СПИСАНИЕ „ОГЛЕДАЛО“
Е ПОСВЕТЕН НА ИГУМЕНОТ КИРИЛ (ПЕЈЧИНОВИЌ) И
НА ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА
И СВЕТИ АТАНАСИЈ ВЕЛИКИ“




Со благослов на Неговото Високопреосвештенство,
Митрополитот Тетовско-гостиварски
**г. Јосиф**

**Издава:**
Тетовско - гостиварска
православна епархија

# ОГЛЕДАЛО

## РЕДАКЦИЈА

*Главен и одговорен уредник:*
Митрополит Тетовско-гостиварски г. Јосиф (Тодоровски)

*Технички уредник:*
дипл. теолог Петар Петковски

*Уредувачки одбор:*
протоерej-ставрофор Мирко Станковски;
протопрезвитер Марјанчо Мадевски;
протопрезвитер Александар Стојаноски;
протопрезвитер Жарко Мицкоски;
Синиша Георгиев

*Соработници:*
проф. д-р Ѓорѓи Поп Атанасов, академик;
проф. д-р Јован Таковски, протоерej-ставрофор;
проф. д-р Методи Чепреганов, невропсихијатар;
проф. д-р Елизабета Димитрова;
проф. д-р Маја Ангеловска-Панова;
м-р Даријан Сотировски, директор на КОВЗРГ;
вонр. проф. Милан Ѓорѓевиќ, презвитер;
д-р Оливер Ивановски, протопрезвитер;
проф. Илија Петрушевски;
монахиња Илијана (Илкова), игуманија;
Славе Николовски – Катин;
Васко Гичевски;
Дарко Гавровски.

*Лектор:*
Наталија Крстеска Мадевски

*Графички дизајн и ликовно обликување:*
Александар Павловски

*Печати:*
„Пропоинт“ - Скопје

# СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР:**

*Поздравно слово до читателите на списанието „Огледало“* ..... 09
- г. Јосиф, Митрополит Тетовско-гостиварски

**ТЕМА НА БРОЈОТ: *ИГУМЕНОТ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ И ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР***

*Игуменот Кирил Пејчиновиќ и Лешочкиот манастир (1818-1845)* ..... 13
- г. Јосиф (Тодоровски), Митрополит Тетовско-гостиварски

*Abbot Kiril Pejcinovic and Leshok Monastery (1818-1845)* ..... 25
- His Eminence Dr. Joseph, Metropolitan of Tetovo and Gostivar

*Преподобен отец Кирил Пејчиновиќ – Тетоец, Светилник – Огледало на Црквата во едно мрачно време кое трае* ..... 27
- проф. д-р Јован Таковски, протоереј-ставрофор

*Значењето на отец Кирил – денес* ..... 33
- м-р Даријан Сотировски, директор на КОВЗРГ

*Книгољубецот Кирил Пејчиновиќ* ..... 35
- проф. д-р Ѓорѓи Поп Атанасов, академик

*Местото на игуменот Кирил Пејчиновиќ во современата македонска наука и просвета* ..... 41
- вонр. проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ, презвитер

*Стихотворецот Кирил Пејчиновиќ* ..... 47
- протоереј-ставрофор Мирко Станковски

*Јеромонах Кирил Пејчиновиќ како игумен на Марковиот манастир и просветител* ..... 51
*Hieromonk Kiril Pejcinovik as hegumen od Marko's Monastery and educator* ..... 53
- Монахиња Илијана (Илкова), игуманија на Марковиот манастир

*Библиографија за Лешочкиот манастир, за јеромонахот Кирил Пејчиновиќ и за Кириловите дела* ..... 55
- проф. Илија Петрушевски

*Црквата „Свети Атанасиј“ во Лешок (типологија, хронологија и структурен дизајн)* ..... 69
- проф. д-р Елизабета Димитрова

*„Седмогрешник“ на јеромонах Арсенија од 1844 година пишуван на тетовски народен говор* ..... 77
- Дарко Гавровски

**ТЕОЛОШКИ ТЕМИ:**

*За исходењето на Светиот Дух (втор дел)* ..... 85
- д-р Оливер Ивановски, протопрезвитер

*Персонологијата и христологијата на свети Максим Исповедник (втор дел)* ..... 91
- протопрезвитер Александар Стојаноски

**ИСТОРИСКИ ТЕМИ:**

*Христијаните во Османлиска Македонија – прилог кон социјалната историја на Османлиска Македонија (втор дел)* ..... 103
- Васко Гичевски

*Архиепископот Доситеј (1906-1981) – првиот поглавар на возобновената Охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква од 1958 до 1981 година* ..... 109
- Славе Николовски - Катин

*Регистар со поважни датуми од црковниот живот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (втор дел)* ..... 115
- дипл. теолог Петар Петковски

**МЕДИЦИНА:**

*Агресивноста во интерперсоналните односи (втор дел)* ..... 121
- проф. д-р Методи Чепреганов, невропсихијатар

**БЕСЕДИ:**

*Во спомен на просветителот од Теарце* ..... 131
- г. Јосиф, Митрополит Тетовско-гостиварски

*200 години „Огледало“* ..... 133
- г. г. Стефан, Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима

**ВЕСТИ И НАСТАНИ ОД ЕПАРХИЈАТА:**

*Вести и настани од Тетовско-гостиварската епархија* ..... 139
- Синиша Георгиев

# ПОЗДРАВНО СЛОВО

Тетовско - гостиварска епархија

Митрополит Тетовско-гостиварски г. Јосиф

# ПОЗДРАВНО СЛОВО

*„чувајте ја верата и никогаш немојте да ми го заборавете мојов манастир“*

г. Јосиф,
Митрополит Тетовско-гостиварски

Со овие прекрасни и силни зборови на јеромонахот Кирил Пејчиновиќ, нашиот мудар преродбеник и игумен на Лешочкиот манастир, го започнувам овогодинешното поздравно слово упатено до сите Вас, почитувани читатели на новиот двоброј 12/13 на епархиското списание „Огледало“. И навистина нема подобри зборови од Кириловите со кои можам да Ве поздравам, а истовремено и да Ве посоветувам... Како надлежен епархиски архиереј на Тетовско-гостиварската епархија под чија јуриздикција е и Лешочкиот манастир, оче Кириле, уште од почетокот на мојата служба, се трудам никогаш да не го заборавиме твојот и наш манастир. Ако него го заборавиме и ако верата наша прадедовска не ја зачуваме, тогаш се заборавaме себе си, своите корења и својот идентитет. А дека во нашите мисли секогаш е Лешок и грижата кон манастирскиот комплекс, и зачувувањето на спомените на неговите игумени – доказ е овој број на списанието. Како плод на тој незаборав, Редакцијата на списанието одлучи главната тема на списанието да биде посветена на Лешочкиот манастир и неговиот најпознат игумен, на отецот Кирил Пејчиновиќ.

Лешочкиот манастир и игуменот Кирил се нераздвојно поврзани. Секоја прошетка во Лешок, секое пролистување на неговите дела, секое предание за неговиот лик и дело – нè потсетуваат на него и на неговата исполнета дејност во Лешочката света обител. Токму затоа, не може да се

пишува за животот и дејноста на јеромонахот Кирил, а да не се спомене Лешочкиот манастир, и обратно. Не може да се пишува за манастирот, а да не се спомене неговиот најпознат игумен Кирил, чиј гроб и епитаф ни се постојано сведоштво за еден праведен живот поминат во постојан труд, во борба за зачувување на верата, во просвета на народните маси, како и во надградба на манастирот и неговиот имот.

Преку овие научни трудови, чувајќи и надградувајќи го споменот на отецот Кирил, игуменот на Лешочкиот манастир – ние ја чуваме и верата, чиста и света како што ја проповедаше игуменот Кирил. Неговата проповед е жива и сеуште трае. Таа ќе трае додека трае неговиот свет спомен, а споменот на праведникот трае вечно. Затоа неговата проповед ќе трае вечно и ќе нè инспирира кон напредни идеи и ќе нè вдахновува кон творење на дела со кои ќе го развиеме манастирот, кој е светило на Полошкиот крај и пошироко.

Освен научното градиво поврзано со носечката тема на списанието, во овој двоброј вметнавме и други популарни трудови од областа на теологијата, но и текстови од областа на историјата и медицината, потоа рубриката вести и настани од епархијата, како и репортажа за Лешочкиот манастирски комплекс.

Се надевам дека и овој број на списанието ќе ни помогне да се сетиме на игуменот Кирил, да не го заборавиме Лешочкиот манастир и да ја сочуваме својата вера чиста, сега и секогаш и во сите векови! Амин.

Митрополит Тетовско-гостиварски
г. **Јосиф**,
главен уредник на списанието „Огледало“





# ТЕМА НА БРОЈОТ:

Игуменот Кирил Пејчиновиќ
и Лешочкиот манастир



# ИГУМЕНОТ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ И ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР (1818-1845)

г. Јосиф,
Митрополит Тетовско-гостиварски

**КРАТКА СОДРЖИНА**

Од целокупниот живот на јеромонахот Кирил (Пејчиновиќ), кој изнесувал некаде околу 74 години, последните 27 години од својот живот ги поминал во познатиот Лешочки манастир (1818-1945), кој во негово време го достигнал своето возобновување, ревитализација и воскресение на секој план, како на градителско и економско поле, така и на културолошко и просветно. Во овој труд на еден современ начин ќе биде истакната, изложена и нагласена богоподобната дејност на јеромонахот Кирил Пејчиновиќ кон заживување на урнатиот и во распадливост оставен манастирски комплекс во село Лешок. Од една страна, изложувајќи ја активната дејност на Лешочкиот игумен Кирил, ќе ни се отвори и втора страна и тоа рефлектирана од самата игуменска дејност во манастирот. Всушност, преку истражувањето на ликот и делото на јеромонахот Кирил – преку овој труд ќе ни се даде една подетална историска слика за Лешочкиот манастирски комплекс (1818-1845), и за исклучителното дело во времето на периодот од 1818 до 1845 година на споменатиот игумен, чиј дух до ден денес го буди духот за едни подобри времиња за Лешочкиот манастир „Пресвета Богородица и свети Атанасиј Велики“.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:**

Село Лешок; Лешочки манастирски комплекс, Лешочки манастир; манастирски храм „Свети Атанасиј“; манастирски храм „Пресвета Богородица“, Полошки епископ Јоаникиј, Скопски митрополит Никанор, разрушен, укинување, Охридска архиепископија (ОА), преродба, игумен, ктитор, книжевник, преродбеник, отец, јеромонах Кирил Пејчиновиќ, с. Теарце, обнова, воскресение, развој, епископско седиште, Македонска православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) и др.

## ВОВЕД

Секој манастир си има своја историја. Некоја обител има побогата, а пак некоја посиромашна историја, на друга е откриена, а на трета манастирска обител – историјата е сеуште сокриена тајна за нас луѓето. Манастирот во с. Лешок познат како Лешочки манастир, кој по Божјата промисла во последниве години повторно стана епископско седиште на мојата маленкост – има богата и во поголем дел откриена историја. Живеејќи во Лешок, служејќи Му на Бога и на народот Божји низ моето секојдневие во манастирскиот двор, од контактите со постарите жители и свештеници и од денешниот игумен на манастирот отецот Теодосиј, бев удостоен да слушнам многу работи за Лешочкиот манастир, за неговиот најпознат игумен, јеромонахот Кирил Пејчиновиќ – Тетоец и за многу други работи, кои низ текот на годините се случиле во Лешок. Времето променило и постојано променува многу работи. Историјата тече како река. И Лешочкиот манастир денес е поинаков од минатото, но и во иднина сигурно ќе биде поразличен, бидејќи секоја генерација се труди и остава траги на своето битисување, траги кои сведочат за животот, дејноста, но и за верноста на народот.

Во Лешок мнозина оставиле траги, од кои ние денес се мотивираме и инспирираме. Трагите започнуваме да ги бележиме од самиот почеток, од основачот на манастирот епископот Полошки Јоаникиј, подоцна преку Скопско-полошкиот митрополит (во некои извори се спомнува како епископ) Никанор, секако потоа и на возобновителот – игуменот Кирил Пејчиновиќ, како и низ делата на останатите игумени: Силвестер и Езекил и останатите незнајни личности, кои се вградиле во манастирската историја и во животот на манастирот.

Таа историја пак, секогаш на површина го исфрла некогашниот игумен на манастирот, јеромонахот Кирил Пејчиновиќ, чиј живот и дело е нераскинливо поврзан со Лешочкиот манастир. Не може да се пишува за отецот Кирил, а да не се спомене манастирот и неговата дејност во Лешок. Тој е клучна и централна личност во историјата на манастирот. Се појавува на преминот од старото кон новото време и како една средишна интересна личност, за него може да се каже дека е своевиден мост, кој историски ги поврзува старите и новите генерации. Неговиот богоугоден живот поминат во Лешочкиот манастир, неговите богољубиви дела направени во Лешок и неговата целокупна дејност ќе бидат тема на овој труд. Во неговото изготвување ќе користиме видни истражувања од страна на веќе докажани научници, кои долги години истражувале и пишувале за Лешочкиот манастир и за Кирил Пејчиновиќ. Се надевам дека по молитвите на игуменот Кирил, чиј гроб и музеј се моја секојдневна инспирација, еден ден повторно Лешочкиот манастир и неговиот двор ќе бидат побогати за неколку монаси како во времето на споменатиот игумен. Во продолжение дозволете да Ви го доловам Лешочкиот манастир во времето на игуменот Кирил Пејчиновиќ.





## ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР ВО ВРЕМЕТО НА ИГУМЕНОТ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ (1818-1845)

Кога се истражува и пишува за Лешок[1] и за Лешочкиот манастир неизбежно е да се спомене отец Кирил Пејчиновиќ, кој во 1818 година доаѓа во Лешок и откако предходно добил согласност од Османлиската власт, по цели 128 години (1690-1818) од замрувањето на Лешочкиот манастир, успеал да го возобнови разрушениот манастир и да создаде поволни услови за развој на црковниот и на монашкиот духовен живот во Полошкиот регион[2]. Тоа било трето по ред возобновување на манастирот и самото тоа возобновување го означува почетокот на третиот период[3] од богатата манастирска историја.

Токму тоа негово дело е главна тема на овој труд. Во ова поглавје ќе се обидам низ призмата на животот и делото, односно врз целокупната дејност на игуменот на Лешочкиот манастир јеромонахот Кирил, да ви ја доловам сликата на споменатиот манастир во времето на својот прв игумен од возобновувањето. Преробеникот, отец Кирил Пејчиновиќ и во Лешочкиот манастир, иако веќе бил навлезен во петтата деценија од својот живот, сакајќи да остави траги[4], активно како игумен на Лешочкиот манастир се вклучил во неговата обнова на секаков план. Освен со возобновителско-градителска дејност, тој се занимавал и со културно-книжевна и секако со просветно-мисионерска дејност. На тој начин во континуитет го продолжил своето дело и дејност од Марковиот манастир. Покрај другото, мора да се спомене и фактот дека тој е и возобновител на монашкиот живот во Лешочкиот манастир, а со тоа и во Полошкиот регион. Пред неговото доаѓање монашкиот живот бил целосно замрен, а со неговото доаѓање и со духовната мисија на тие простори успеал да основа манастирско братство, кое во иднина го продолжило Кириловото дело на тие простори. Пред да почнеме со сериозно разработување на Кириловата дејност во Лешочкиот манастир, со цел да ја запазиме хронологијата и секако за подобро разбирање на настаните, ќе започнеме да ги презентираме настаните поврзани по неговото доаѓање во Лешок.

---

1 Лешок е едно од најпознатите села во Долни Полог, во околината на Тетово. Денес административно припаѓа под општина Теарце. Повеќе информации за селото Лешок види кај: Петрушевски Илија – Ќапунка, *Селото Лешок – Тетовско* (1019-2003), Скопје 2004.

2 Златко Андонов, *Лешочкиот манастир во времето на игумен Хаџи Езекил*, Православен пат – списание на Скопската православна епархија, бр. 43, година XV, Скопје 2018 (84-86), стр. 85

3 Историјата на манастирот, според досегашниот научен опфат се дели на три периоди. Првиот период започнува во VI век и трае сè до 1601 година, односно до подигнувањето на новиот манастир (Овој период ги опфаќа следните настани: појавата на христијанството во Лешок, првите археолошки пронајдоци и датирања на црковни култни места, подигањето на стариот манастир од страна на јеромонахот Антоние, подоцна епископ Долно-полошки Јоаникиј, како и периодот на напуштањето и подигнувањето на новиот манастир). Вториот период започнува од 1601 година со подигањето на новиот манастир од страна на Скопскиот митрополит Никанор и трае сè до запуштението на манастирот во 1690 година. Третиот период започнува со доаѓањето на јеромонахот Кирил на чело на Лешочкиот манастир во 1818 година, кога и започнало неговото возобновување. Со понатамошните истражувања и публицирања на манастирската историја со сигурност ќе се направи дополнителна поделба на периоди.

4 Ристо Ѓорѓевски, *Психолошките и етичките концепции на Кирил Пејчиновиќ,* во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време", (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 46.

## ДОАЃАЊЕТО НА ЈЕРОМОНАХОТ КИРИЛ ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

Јеромонахот Кирил Пејчиновиќ пред да постане игумен на Лешочкиот манастир, бил игумен на Марковиот манастир „Свети Димитриј Солунски“ во с. Сушица, Скопско. По издавањето на неговата прва книга „Огледало“, која успеал да ја отпечати во 1816 година во Будим, поради тоа што книгата била на народен мајчин јазик и поради здобиената слава кај народот, настанало несогласување помеѓу него и Скопскиот фанариотски митрополит Натанаил. Откако отец Кирил разбрал за заговорот на митрополитот Натанаил со турскиот Али-бег за негово убивање, веднаш заминал на Света Гора – Атонска за да се посоветува со татко му монахот Пимен и со чичко му монахот Далмант[5]. Оттаму се вратил во Марковиот манастир и решен, набрзо ноќно време, некаде при крајот на 1817 или во почетокот на 1818 година[6], со две мазги натоварени со книги, икони и други работи, го напуштил манастирот и дошол во своето родно село Теарце, недалеку од Лешок, со намера да го обнови разурнатиот Лешочки манастир. [7]

Додека престојувал во Теарце започнал да размислува и правел планови како да ја реализира својата желба за да го возобнови Лешочкиот манастир. Пејчиновиќ се зафатил со голема енергија на таа работа. Во Поменикот на Лешочкиот манастир самиот пишува за тешкотиите што требало да се совладаат[8]. Најнапред побарал согласност од месното сиромашно население. Дел од лешочани се противеле на обновувањето на манастирот, но откако поголемиот дел се согласиле, според правилата побарал дозвола од турските власти. Со Полог во тоа време управувал Абдул Рахман-паша. Отец Кирил успеал со помош на ковачите Милош и Трпко[9] и со својата отвореност, ведрина, комуникативност и дипломатија, со голема внимателност да ја добие посакуваната дозвола за обнова на манастирот во с. Лешок од Абдул Рахман-паша. Откако го добил одобрението од пашата, отец Кирил разговарал со парохиските свештеници. Некои му дале подршка, а некои не, но охрабрен и со силна вера веќе бил решен да ја исполни својата цел. Така го продал својот имот во Теарце и заминал во манастирот[10].

Од неговото доаѓање во Лешок и Лешочкиот манастир во 1818 година, тој до крајот на својот живот останал во манастирот, каде што и се упокоил на 12 март 1845 година. За тие 27 години поминати во Лешочкиот манастир ќе пишуваме во продолжението на овој труд.

5 Здравко – Зевс Серафимовски, *Од Руништа и Атушишта до денешно Теарце (1452-2006)*, Тетово 2007, стр.121.

6 Блаже Конески, *Кирил Пејчиновиќ*, „Собрани текстови“, Скопје 1974, стр. 6.

7 Илија Н. Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, *Лешочкиот манастирски комплекс*, Тетово 2001, стр. 36-37.

8 Блаже Конески, *Кирил Пејчиновиќ*, „Собрани текстови“, Скопје 1974, стр. 6.

9 Илија Н. Петрушевски и Борис П. Момировски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово 2010, стр. 14-15.

10 Илија Н. Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, *Лешочкиот манастирски комплекс*, Тетово 2001, стр. 37.





## ИГУМЕНОТ КИРИЛ КАКО ОБНОВИТЕЛ, ГРАДИТЕЛ И КТИТОР НА ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР И ВОЗОБНОВИТЕЛ НА МОНАШКИОТ ЖИВОТ

Доаѓањето на отец Кирил во Лешок се случило во време на општ економски подем во османлиска Македонија. Во тој период кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, како резултат на Ќучук-кајнарџиски мировен договор и на брзиот развој на занаетчиството и трговијата, се создале сериозни услови за подигање на цркви и училишта од страна на ново-создаденото граѓанство. Тоа е периодот кога всушност се формираат првите црковно-училишни општини, во кои започнал процесот на македонското национално будење. Во една таква благопријатна општествена состојба, отец Кирил се зафатил со обновување на рушевините во манастирот[11].

На обновувањето на Лешочкиот манастир отец Кирил му го посветил најголемиот дел од својот живот[12]. Веднаш по доаѓањето, парите од продажбата на својот имот ги вложил во манастирот и со тоа станал првиот манастирски ктитор. Го затекнал манастирот во најлоша состојба и морал да започне сè од почеток[13]. Со помош во вид на работна рака и подароци од страна на поголем број од селаните од Лешок и околните села, со помош на занаетчиите од Тетово и од другите градови, отец Кирил успеал да го направи невозможното и да го обнови Лешочкиот манастир. Имало и луѓе кои не сакале да се обнови манастирот. Како се одвивало возобновувањето и кои биле помагачите на тоа богоугодно дело повеќе податоци се наоѓаат во Манастирскиот поменик[14].

Прв игумен на возобновениот манастир бил јеромонахот Кирил. Тој се покажал како голем градител и организатор на црковниот живот на народот во Полог. Изградил конак и училиште[15]. Ги отворил манастирските врати за изолираниот народ, кој во тоа време под турско ропство – единствен спас гледало во манастирот. За време на престојот во Лешок, односно сè до својата смрт, игуменот Пејчиновиќ бил доста активен. Тој бил и првиот учител на народен јазик со локален дијалект. Во манастирското ќелијно училиште со своето залагање успеал да образова повеќе свештеници. Но од особена важност е тоа што успеал да го оживее манастирот и духовно и да собере манастирско братство. По неговата смрт, него ќе го наследат неговите монаси, кои ја продолжиле мисијата на својот игумен[16].

Со обновувањето на Лешочкиот манастир се поврзани и повеќе ле-

11 Илија Н. Петрушевски, *Судбоносните мигови на Лешочкиот манастир свети Атанасија*, Весник (Службен лист) на МПЦ, година: XVII, број 4, Скопје, јули-август 1975 (125-129), стр. 126.

12 Милева Милев, *Прилог во реконструкцијата на лектирата и библиотеката на Кирил Пејчиновиќ-Тетоец*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 134.

13 Илија Н. Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, *Лешочкиот манастирски комплекс*, Тетово 2001, стр. 37.

14 Илија Н. Петрушевски и Борис П. Момировски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово 2010, стр.15.

15 Михаил Гогов, Митрополит Повардарски, *Нашето свето Православие*, Скопје 1990, стр. 32.

16 Илија Н. Петрушевски и Борис П. Момировски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово 2010, стр.41.

генди и преданија од кои дознаваме за снаодливоста, практичноста и философската интуиција на игуменот Кирил. Една од најпознатите легенди зачувани од заборавот преку преданието е легендата за проширувањето на Лешочкиот манастир преку надмудрувањето на Есад-паша, кој им дозволил да го прошират манастирот само колку што е голема кожата од еден бивол[17].

Откако отец Кирил го возобновил манастирот, почнал да создава економски основи за негово осамостојување. Постоеле повеќе начини за стекнување и зголемување на манастирскиот имот, а најчесто тоа се практикувало преку подароци и завештанија од верниците и околината[18]. Од Лешочкиот манастирски поменик[19] дознаваме повеќе информации и за начинот на стекнување и проширување на имотот на Лешочкиот манастир[20]. За економскиот развој и подем, односно за економското зајакнување на Лешочкиот манастир, пишувал познатиот професор по современа историја на македонскиот народ и архивистика во ИНИ Новица Велјановски, кој врз основа на базата[21] на сочувани документи заклучува дека Лешочкиот манастир во времето на игуменот Кирил, не само што постанал културен центар, туку благодарение на неговата дејност станал и важен економски центар[22].



17 Александар Костовски, *Народното предание за Кирил Пејчиновиќ*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 121.

18 Златко Андонов, *Лешочкиот манастир во времето на игумен Хаџи Езекил*, Православен пат – списание на Скопската православна епархија, бр. 43,година XV, Скопје 2018 (84-86), стр. 85.

19 Новица Велјановски, *Економското зајакнување на манастирот Лешок во времето на Пејчиновиќ врз база на зачувани документи*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 13-19.

20 Види повеќе во: Илија Н. Петрушевски и Борис П. Момировски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово 2010.

21 Базата на сочувани документи за економскиот развој на Лешочкиот манастир содржи купопродажни договори, кои можеме да ги најдеме во:

1 – Архив на Македонија, Скопје, Збирка поединечни документи на турски јазик од Тетовско и во

2 – Лешочкиот манастирски поменик. Тој денес се чува во Народната библиотека во Софија, а фотокопии од оргиналот се чуваат во Народната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ во Скопје. Во Поменикот, покрај тоа што се говори за настаните околу возобновувањето на манастирот, во него е сместен и список на дарители на движен и недвижен имот и количество на дарuваниот имот на манастирот. Благодарение на истражувачката дејност на познатите лешочани Илија Н. Петрушевски и на Борис П. Момировски, ние денес го имаме поменикот на македонски литературен јазик достапен во книгата „Лешочкиот манастирски поменик“ во издание на НУ Центар за култура „Иљо Антески – Смок“ – Тетово и Литературниот клуб „Кирил Пејчинович“ – Тетово.

22 Новица Велјановски, *Економското зајакнување на манастирот Лешок во времето на Пејчиновиќ врз база на зачувани документи*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 13-19.





## ПРОСВЕТИТЕЛСКО-МИСИОНЕРСКАТА И ДУХОВНА ДЕЈНОСТ НА ИГУМЕНОТ КИРИЛ

Богатата просветна дејност го прави Пејчиновиќ најразбудена фигура во нашето просветителство[23]. Една од главните задачи во Кириловиот живот била духовното просветлување и будење на верниот народ. За таа цел, живеејќи во време кога македонскиот народ започнал црковно, просветно и национално да се буди, тој како еден од носителите на тоа преродбеничко движење развил просветителско-мисионерска и духовна дејност. Таа дејност ја извршувал преку црковната проповед, преку пишаниот збор и преку учителствувањето во манастирското училиште. Дејноста пред сѐ била црковна. Пејчиновиќ бил и си останал човек на Црквата и со душа и со тело и со мисла. Тој се издвоил од анонимната монашка патека и си зел врз себе една определена задача: морално-просветителско дејствување врз по-заостанатите христијански – претежно селски маси. Всушност, целата дејност на отец Кирил била насочена против народното незнаење, суеверието, егоизмот, среброљубието, нечесноста на клирот и непослушноста на народот кон Црквата. Во секоја можна прилика го советувал народот и за општи работи од секојдневниот живот: за хигиената, обработката на земјата, употребата на разни билки во лекувањето на болестите, за склучување на браковите, како и за правилното одгледување на овошките и лозовите насади[24].

Со личен пример го спроведувал она што го говорел и проповедал на народот и свештениците. Така, критикувајќи го тогашниот клир за застранувањата од вистинската служба помеѓу народот, тој, иако монах, во тоа време станува образец за вистински народен свештеник и со својот личен пример дејствува помеѓу народот, покажувајќи со каква грижа и труд треба вистинскиот пастир да се вложи за правилно воспитување на своите духовни чеда во христијанскиот дух. Во таа насока Пејчиновиќ отишол дотаму што си дозволил во просветителската дејност да го користи разбирливиот народен, односно простиот јазик. Целата негова дејност е во две насоки: религиозно-морализаторска и воспитно-просветителска. Со една реченица кажано, дејноста на Пејчиновиќ како народен предводик и воспитувач го прави необична личност во прегратките на Црквата, неспоива со дотогашните духовници[25]. Просветителско-мисионерската и духовна дејност, како што напоменав, игуменот Кирил ја вршел преку црковната проповед во богослужбите и во мисијата, преку наставата во манастирското ќелијно училиште, како и преку книжевните дела.

Лешочкиот игумен Кирил во својот манастир за време на собирите и богослуженијата, но и надвор од него во другите цркви и манастири, на сел-

23 Воислав Јакоски, *Воспитните погледи на Пејчиновиќ во духот на христијанството*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 85.

24 Здравко – Зевс Серафимовски, *Од Руништа и Атушишта до денешно Теарце (1452-2006)*, Тетово 2007, стр. 124.

25 Воислав Јакоски, *Воспитните погледи на Пејчиновиќ во духот на христијанството*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 85-86.

ските собири и куќи и секаде каде што можел ја користел приликата, откако на непосреден начин ќе се запознаел со животот и со духовните и општествено-политичките проблеми на луѓето, да се обрати со пригодна поучителна, критичка и утешителна проповед. Тој бил јавен проповедник. Неговите проповеди и совети изречени на разбирлив народен јазик биле наменети за просветлување и за културно издигање на народот. Пејчиновиќ ги детектирал пречките кои оневозможувале културно издигање на народот. Тие биле незнаењето и суеверието. Затоа, целата негова проповед е акција и борба против незнаењето и суеверието. Пример за тоа ни се неговите дела. Во неговото прво дело „Огледало" е вметната и оргиналната Кирилова проповед *Поучение свакому християну како подобает празновати празници Господских и свјатих, и како подобает причаститисја свјатое причашчение*[26], позната како „Словото за празниците". Благодарение на тоа што тој го забележал во таа своја проповед, која е една од главните извори – ние дознаваме кои проблеми ги имал народот во тоа време. Дознаваме за суеверието, од каде потекнува, за која верска вистина е сврзано, какво негативно дејство има во религиозно-моралниот и практичниот живот на народот, но дознаваме како на тоа гледа отецот Кирил и како го осудува и се бори против суеверието и сите негови форми: курбанот, надрилекарството, носењето на амајлии, баењето, верувањето во лош ден и тн. Освен што ги изобличува овие форми на суеверие, дава и една критика кон свештенството кое ги дозволувало дел од овие суеверија. Исто така го критикува и народот за неговото оддалечување и не-живеење во духот на христијанската вера правилно, туку според некои свои измислени празници и правила за празнување изразени со вид на непослушност на духовните отци и свештенството во тоа време. За жал, дел од овие форми на суеверие се присутни и денес, па овие Кирилови слова и поуки поради тоа се добро четиво и за денешните христијани и свештеници[27]. Во сеќавањето на народното предание е евидентно дека отец Кирил бил еден од најзабележителните просветни дејци, кој срдечно настојувал со сиот свој темперамент да се искоренат суеверието и паганството, кое претставувало еден од факторите за тешкиот продор на просветлување на народот[28].

Просветителските напредни идеи, отец Кирил ги ширел и преку училиштето. Со таа цел, во екот на создавање на црковните училишта, во веќе обновениот Лешочки манастир формирал манастирско ќелијно школо. Во него воспитувал и млади и стари. Воспитните погледи на Кирил во тоа училиште несомнено биле во духот на христијанството[29]. Како учител во Лешочкото ќелијно училиште извршил големо влијание врз идните млади генерации на свештеници, кои биле носители на духовно-просветителскиот

26 Словото во оргинал може да се прочита во: Кирил Пејчиновиќ, *Собрани текстови*, (приредил: Блаже Конески), Скопје 1974, стр. 19-45.

27 Русе Апостолски, *Акцијата на Пејчиновиќ против суеверието*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време", (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 7-11.

28 Александар Костовски, *Народното предание за Кирил Пејчиновиќ*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време", (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 121.

29 Види повеќе кај: Воислав Јакоски, *цит. дело*, Тетово 1973, стр. 85-91.





живот во Македонија во иднина. Во продолжение ќе стане збор за ширењето на просветителството преку книжевното дело и крајната цел на Пејчиновиќ – културно и духовно издигнување на народот.

## КУЛТУРНОТО И КНИЖЕВНОТО ДЕЛО НА ИГУМЕНОТ КИРИЛ ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

Освен со возобновителско-градителската и со просветителско-мисионерска и духовна дејност, отец Кирил Пејчиновиќ во Лешочкиот манастир развил и културно-книжевна дејност. Културната и книжевната дејност на Лешочкиот игумен Кирил се нераздвојно поврзани една со друга. Имајќи ја можноста да види и собере повеќе дела, како и со дарот кој го поседувал за пишување, успеал преку своите книги да ги пренесе своите просветителски идеи со цел културно издигање на народот во тоа време. На тој начин неговото книжевно творештво било насочено во духот на културната преродба на народот.

Во Лешочкиот манастир отец Кирил продолжил со собирањето на стари ракописи и посебно значење придавал на збогатувањето на манастирската библиотека. Тој имал можност да посети повеќе манастирски библиотеки низ манастирите, кои ги посетувал (престојувал во Марковиот, Лешочкиот и Кичевскиот манастир „Пречиста", но ги посетил и: манастирот Хиландар, Карпинскиот манастир и манастирот во Старо Нагоричино, а веројатно и манастирот Раваница) и на тој начин стекнувал познавања од библиотечната работа и книжевниот фонд. За кратко време ја збогатил Лешочката манастирска библиотека, бидејќи носел ракописи и книги од сите страни. Познато е дека при своето преселување од Марковиот манастир во Лешок, со себе носел и неколку товари книги[30]. Исто така, книги зел и од Кичевскиот манастир „Воведение на Пресвета Богородица – Пречиста". Бил голем љубител на книгите. Како вистински истражувач ги разлистувал и знаејќи ја силата на буквите и словата, не само што оставал записи на манастирските ѕидини, туку тој ставил свој потпис и на повеќе драгоцени книги и ракописи. Тоа покажува колку преродбеникот Кирил Пејчиновиќ бил свесен за силата на пишаниот збор[31]. На тој начин, благодарение на неговата особина да става записи на ракописите и книгите кои ги прочитал и ги имал, ние денес можеме да го „реконструираме скоро во целост книжевниот фонд со кој Пејчиновиќ се служел", забележува Милева[32]. Поради тоа, денес знаеме дека Црковниот устав од Кичевскиот манастир Пречиста го пренел најпрвин во Марковиот, а потоа и во Лешочкиот манастир.

30 Милева Милев, *Прилог во реконструкцијата на лектирата и библиотеката на Кирил Пејчиновиќ-Тетоец*", во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време", (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 133-134.

31 *Нашето црковно минато* (Историски водич), Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), Скопје 2018, стр. 64.

32 Милева Милев, *Прилог во реконструкцијата на лектирата и библиотеката на Кирил Пејчиновиќ-Тетоец*", во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време", (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 133.

Но неговата грижа за ракописите и книгите не се ограничувала само со нивно собирање. Тој бивајќи еден од носителите на културната преродба на македонскиот народ, сакал книжевното слово да го сподели со останатите луѓе[33]. Во тоа успевал преку просветата, која пак знаеме дека ја развивал преку црковната проповед, учителската, препишувачката и книжевната дејност. Неговите заложби за културно и просветно воздигнување на народот во Македонија биле големи и прогресивни[34]. Во време кога во полн ек било преродбенско-просветителското движење, кое започнало со употреба на народниот говор во пишаната реч[35], игуменот Кирил со својата книжевна дејност одиграл видна улога во развојот на тој процес, кој за крајна цел имал создавање на посебен македонски литературен јазик[36]. Тој за разлика од Крчовски не е само составувач и преведувач, туку е еден од првите оргинални автори[37], кој своите дела ги напишал на народен јазик и тоа не на сосема чист, туку со примеси од црковнословенскиот и турскиот јазик. Тој јазик, Пејчиновиќ по примерот на своите претходници дамаскинари го нарекува „простиј“ и „препростиј“[38].

Во Лешочкиот манастир, отец Кирил го збогатил својот книжевен опус. Таму ја напишал својата втора книга „Утешение грешним“[39] и последната „Житие на кнез Лазар“[40]. Претходно пак во Марковиот манастир ја напишал својата прва книга „Огледало“[41]. Отпечатени му се само првите две

33 *Исто*, 133-134.

34 Русе Апостолски, *Акцијата на Пејчиновиќ против суеверието*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 11.

35 *Нашето црковно минато* (Историски водич), Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), Скопје 2018, стр. 60.

36 Ристо Ѓорѓевски, *Психолошките и етичките концепции на Кирил Пејчиновиќ*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 46.

37 Блаже Конески, *Кирил Пејчиновиќ*, „Собрани текстови“, Скопје 1974, стр. 13.

38 Оливера Јашар-Настева, *Лексиката на Кирил Пејчиновиќ*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 93.

39 Втората книга на Пејчиновиќ е *Утешение грешним* (1840, Солун) која, иако е продолжение на првата книга, има повеќе значења. Книгата е составена од два дела - молитви и беседи. Пејчиновиќ оваа книга му ја испратил на кнез Милош во Србија, надевајќи се на помош за печатење од христијанскиот владетел. Црковната цензура не го дозволила печатењето на оваа книга (содржела бројни турцизми, а и тетовскиот говор пречел), па Пејчиновиќ, обесхрабрен, сторил напори да се обнови солунската печатница на Теодосија Синаитски. Конечно, на теренот на кој живеел македонскиот народ се отпечатила првата книга на македонски народен говор. Во делото е поместен предговорот на издавачот (на Теодосија Синаитски). Текстот го содржи Нифонтовиот тропар, кој содржи различни молитви, приказната за војникот Таксиот кој воскреснал од мртвите, а најобемниот и најоригиналниот дел од оваа книга е Поуката за бракот. Како извори за оваа книга послужиле различни беседи на Илија Минијат, Софрониј Врачански и делата на Јоаким Крчовски.

40 Делото *Житие на кнез Лазар* е всушност последната хагиографија во македонската и јужнословенската книжевност.

41 *Книга сијаглаголемаја Огледало* (1816, Будим) е прва книга на овој наш просветител. Таа е неопходна книга – прирачник за свештеникот при вршење на верските обреди. Првиот дел го сочинуваат молитви и верско-обредни текстови на црковнословенски јазик со македонски народни црти, а вториот дел го сочинуваат беседите напишани на тетовски говор со елементи на скопскиот и други македонски говори. Во првиот дел од книгата, Пејчиновиќ дава коментари на Библијата, а во вториот, во беседите, поучува и критикува. Ги напаѓа суеверието и паганските обичаи на народот. Во овој текст, Пејчиновиќ мошне интересно ја поистоветува верата со народноста. И тој како и Крчовски, ги критикува своите колеги-поповите. Им забележува дека себично се здружиле со Турците и го измачуваат сопствениот народ. Неговата просветителска насоченост се согледува во пропагандата на книгите. Во библиотеката





книги со помош овозможена од страна на македонските трговци и занаетчии. *Житието на кнез Лазар*, за кого Пејчиновиќ сметал дека бил ктитор на Лешочкиот манастир, останало во ракопис и е публикувано подоцна[42]. Освен книгите, во Лешок ги напишал и: Трите писма до српскиот кнез Милош, како и својот епитаф[43] (1835) во кој е сместена целата негова биографија и кој денеска претставува надгробен натпис на Кирил во манастирот Лешок. Покрај овие дела и написи, тој во манастирот започнал да го пишува и Лешочкиот манастирски поменик, кој е значајна книга за матичниот манастир, бидејќи во него се разоткрива еден подолг хронолошки период, како опстојувал манастирот, соживотот на манастирското братство, обновувањето, кои биле дарители и итн[44].

Значајно е да се споменат и напорите и помошта која Пејчиновиќ ја дал за обновувањето на првата наша печатница во Солун, која била основана од архимандритот Теодосиј Синаитски (1780-1843). Во таа обновена печатница во 1840 година била отпечатена втората книга на отец Кирил – „Утешение грешним“. Благодарноста за помошта за обнова на печатницата, Синаитски ја искажал во својот предговор токму кон новопечатеното дело.

Она што е важно да се спомне за книжевните дела на игуменот Кирил е дека тие имаат пошироко значење. Неговите дела „Огледало“ и „Утешение грешним“, без оглед на нивната оргиналност се многу важни и ретки литературни дела, кои во првата половина од XIX век почнале да ја разбиваат темнината што тешко го притискала нашиот народ. Преку нив Пејчиновиќ ја изразил својата просветителска борба против суеверито, неуките и среброљубивите свештеници и мирски лица и укажал на правиот христијански живот. Тие се важни и поради тоа што ни служат како пишан документ за духовниот, културниот и општествено-економскиот живот[45]. Поради тоа

во Гевгелија се чува и оргинално издание од „Огледало“.

42 Кирил Пејчиновиќ, *Собрани текстови,* (приредил: Блаже Конески), Скопје 1974, стр. 6.

43 Епитафот на отец Кирил е во вид на стихотворба и тој преставува најраниот познат авторски пример за пишување стихови на народен говор во развитокот на македонскиот јазик. Епитафот гласи:

*Теарце му негово рождение*
*Пречиста и Хиландар пострижение*
*Лешок му е негоо воспитание*
*Под плочава негоо почивание*
*От негово свое отшествие*
*До Христово второ пришествие*
*Молит вас бракя негои любимия*
*Хотящия прочитати сия*
*Да речете Бог да би го простил*
*Зере у гроб црвите ги гостил*
*Овде лежи кирилово тело*
*У манастир и у лешок село*
*Да Бог за доброе дело*

Оргиналната плоча на која биле издлабени овие биографски стихови денес се чува во спомен-собата на Пејчиновиќ во Лешочкиот манастир. Во последно време последниот стих од првата строфа се предмет на контраверзии, расправи и проучувања. Види повеќе за епитафот кај: Петре Јанкуловски, *Прилог кон проучувањето на епитафот на К. Пејчиновиќ*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 63-69.

44 Илија Н. Петрушевски и Борис П. Момировски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик,* Тетово 2010, стр. 19.

45 Русе Апостолски, *Акцијата на Пејчиновиќ против суеверието*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото

овие негови дела не претставуваат само богат извор на лингвистички, туку и за многу други проучувања: етнографски, социолошки, дидактичко-педагошки, психолошки и др[46].

Да резимираме – дејноста на отец Кирил на културно-книжевното поле во Лешочкиот манастир била особено важна, бидејќи тој во рамките на својата активност се појавува како прв писател и преродбеник, кој се борел за културно издигнување на народот.

### ЗАКЛУЧОК

Од сето горенаведено можеме да заклучиме дека јеромонахот Кирил Пејчиновиќ еден поголем дел од својот живот го поминал во Лешочкиот манастир. Со неговото доаѓање за игумен во 1818 година започнува едно ново поглавје за историјата на Лешочкиот манастир, кој како феникс воскреснал од пепелта. Богатата дејност на игуменот Кирил несомнено и значително се рефлектирала врз развојот на Лешочкиот манастир.

Лешочкиот отец Кирил не само што се појавил како исклучителен игумен градител, ктитор, преродбеник, просветител, учител и воопшто како возобновувач на манастирот, а со тоа аналогно и возобновувач на духовниот живот и монаштвото, не само што економски го зајакнал манастирот, туку го направил и седиште на просветата и книжевноста – со еден збор кажано, седиште на духовноста и културата. Благодарение на неговиот неуморлив труд, на неговата голема личност, знаење, морал и пред сè работа – Лешочкиот манастир постанал главен центар и извор на духовноста, културата и образованието на тогашните народни маси во Долниот полошки регион и пошироко.

И на крај слободно можеме да заклучиме дека личноста на отецот Кирил Пејчиновиќ е неразвојно поврзана со Лешочкиот манастир и обратно. Манастирот е до ден денес нераскинливо поврзан со отецот Кирил, кој со својот живот и дела се вградил како „аголем камен“ во сеќавањето на Лешок. Во духот на тоа сеќавање како мала благодарност за сè што направил за народот и Лешочкиот манастир и со надеж и молитва за што поскоро препознавање на неговиот преподобно - светителски живот го посветувам овој труд.

време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 11.

46 Ристо Ѓорѓевски, *Психолошките и етичките концепции на Кирил Пејчиновиќ*, во „Кирил Пејчиновиќ и неговото време“, (Зборник на трудови), Тетово 1973, стр. 46.







# ABBOT KIRIL PEJCINOVIC AND LESHOK MONASTERY (1818-1945)

His Eminence
Dr. Joseph, Metropolitan of Tetovo and Gostivar

**ABSTRACT**

The hieromonk Kiril (Pejcinovic), who has lived for 74 years spent the last 27 years of his life in the famous Leshok Monastery (1818-1945), which monastery in his time reached its renewal, revitalization and resurrection, both in the fields of construction and economy, as well as in the fields of culturean deducation. This paper will in a modern manner highlight, expose and emphasize the pious activity of the hieromonk Kiril Pejchinovic related to the revival of the ruined and dilapidated monastic complex in the village of Leshok. Presenting the efforts of the abbot Kiril from Leshok, we will also show the effect of the activities of the abbot himself on the development of the monastery. Infact, through the research of the character and work of the hieromonk Kiril we will present a more detailed picture of the Leshok Monastery complex in the period from 1818 to 1845. The focus in this paper will be directed especially towards the period of our interest, but besides the introductory words, we will provide brief chronological notes about the survival of the monastery before, as well as after the period of the most famous abbot's work, the leader of the national revival Kiril Pejcinovic from the village of Tearce in order for the reader to acquire a clear historical picture of the exceptional work of the said abbot, whose spirit to this day awakens the spirit for some better times for the Leshok monastery "St. Athanasius the Great".

**KEYWORDS:**

Leshok Village; Leshok Monastery complex, Leshok Monastery; monastery church "St. Athanasius"; monastery church "The Most Holy Theotokos", Bishop of Polog Joanikij, Metropolitan of Skopje Nikanor, destroyed, abolition, Ohrid Archbishopric (OA), revival, abbot, ktetor, writer, revivalist, father, hieromonk Kiril Pejcinovic, Tearce Village, restoration, resurrection, development, episcopal seat, Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archbishopric (MOC-OA), etc..




# ПРЕПОДОБЕНОТЕЦ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ – ТЕТОЕЦ СВЕТИЛНИК – ОГЛЕДАЛО НА ЦРКВАТА, ВО ЕДНО МРАЧНО ВРЕМЕ КОЕ ТРАЕ

проф. д-р Јован Таковски,
протоерej-ставрофор

Во средината на месец март добив порака од Уредништвото на новото списание „ОГЛЕДАЛО”, со молба да дадам свој придонес со еден труд. Признавам дека со задоволство ја прифатив молбата, поради особената почит кон личноста и делото на овој светилник на Црквата (се надевам дека ќе го дочекам денот кога и тој ќе биде вброен меѓу светителите на нашата Црква), како и поради моето незадоволство, да не речам и гнев, од начинот како нашите „учени” атеисти понекогаш и со подбив го претставуваа ликот и делото на *йреродбеникот* Кирил Пејчиновиќ, иако пред тоа, во почетокот на Велигденскиот пост се нафатив со, можеби, најодговорната работа во мојата преведувачка дејност, а тоа е преводот на современ македонски јазик на ПЕТТЕ БОГОСЛОВСКИ СЛОВА на св. Григориј Богослов, поради кои тој го добил епитетот БОГОСЛОВ, по евангелистот св. Јован Богослов, па се плашев дека нема да можам навреме и одговорно да го исполнам ветувањето. Веднаш можете да приговорите: - Каква е врската меѓу св. Григориј и преподбен отец Кирил? - Еве ја таа врска: Во Второто слово (проповед) за богословието (28, 14) тој вели: *Еден обичај, практикуван подолго време, добива форма на закон*, а во Петтото слово за богословието, за Св. Дух (31, 25) вели: *Не е лесно да се изменат некои работи што обичајот и неговата долговремена практика направиле тој да биде почитуван*[1]. Една од централните

1 Ова изложување на св. Григориј Богослов за почетоците на идолопоклонството може да се спореди со 13, 14, и 15 глава од Книгата *Мудрост Соломонова*. На пр. 13-та глава започнува: *Сите луѓе по природа се суетни, оние кои не Го познале Бога, Кој постои од вечноста и, гледајќи ги Неговите дела, не Го познале Создателот, туку ги почитувале за богови, кои управуваат со светот*, или огнот, *или ветрот*... (ст. 1-2). Спо-

теми во *ОГЛЕДАЛО* се лошите обичаи и суеверието (празноверието) кои кај нас, со текот на времето, примиле форма на закон, а сега е тешко да се искоренат.

Мојот особен интерес за преподобен Кирил датира од пред дваесеттина години: имено, во 1996 г., писателот г. Михајло Поповски приреди фототипско издание на *ОГЛЕДАЛО*, според еден примерок што го нашол во библиотеката на протоереј-ставрофор Крсте Поповски. Промоција на тоа издание се одржа во Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски" во Скопје, а г. Михајло инсистираше јас да бидам промоторот. Подготвувајќи се за оваа мошне одговорна задача, со особено внимание го проучив централниот и најважен дел од *ОГЛЕДАЛО - ПОУЧЕНИЕ СВАКОМУ ХРСИТИАНИНУ, КАКО ПОДОБАЕТ ПРАЗНОВАТИ ПРАЗНИЦИ ГОСПОДСКИХ И СВЈАТИХ, И КАКО ПОДОБАЕТ ПРИЧАСТИТИСЈА СВЈАТОЕ ПРИЧЕШТЕНИЕ* (Поука за секој христијанин, како треба да ги празнува Господските празници и на светителите, и како треба да се причести со Светата Причест). Се изненадив од фактот што еден монах во почетокот на 19-от век има сосема правилен и православен став кон Светата тајна на Црквата – Евхаристијата, односно Причесната, која го сочинува самото битие на Црквата, која е предвкус на Царството Божјо на земјата, за разлика од голем број современи 'дипломирани' богослови и теолози, за кои Евхаристијата е само една од седумте Свети Тајни, плод на западната схоластика. Исто така ме воодушеви и прецизноста со која отец Кирил аргументирано ги изложува на критика суеверните-празноверни обичаи, на прво место принесувањето на крвните жртви (курбани), како и бројни други суеверни-празноверни адети и обичаи. Тоа беше времето кога и јас, како наставник во нашите Црковнопросветни институции, и како свештенослужител во манастирот „Св. Ѓорѓи" во Криви Дол (во кругот на резиденцијата на Архиепископот), се трудев да го дадам својот придонес во она што во православниот свет веќе подолг период (од почетокот на дваесеттиот век) се именува *Евхаристиска обнова,* а преку проповеди, јавни трибини, во радио и телевизиски емисии се трудев да укажам и на штетноста од практиката на пагански обичаи кои со текот на времето примиле форма на закон, на прво место мислам на принесувањето крвни жртви (курбанот), што св. Климент Охридски го вбројува во делата на ѓаволот, и тоа на прво место, под името *идоложрение* (принесување жртви на идолите). Истата година (1996) се случи и оној трагичен настан во Берово кога на празникот Успение на Пресвета Богородица, за време на принесувањето на крвната жртва (курбан) во чест на Мајката Божја, во присуство на илјадници мештани и гости, од гром загинаа десетина луѓе. И тоа не беше доволно за да престане овој пагански обичај, туку станува уште помасовен, и покрај опомената што дојде од Мајката Божја неколку месеци пред да се случи тоа. Имено, кон крајот на месец јуни, во црквата „Св. Великомаченик Димитриј" кај Камениот мост во Скопје, каде што еднаш неделно држев трибини, по предавањето, ме известија дека една госпоѓа

редете го ова со култот на бадникарскиот оган и дрво кај нас. Во глава 14, ст. 16, се вели: *Со текот на времето, вкоренет, тој безбожен обичај бил пазен како закон*. На читателите на овој натпис им препорачувам внимателно да ги прочитаат овие три глави од Книгата *Мудрост Соломонова.*





сака да разговара со мене. Станувашe збор за македонка интелектуалка која живее и работи во Англија. Таа ми кажа дека, од пред некое време (ми го кажа точно и времето, но не се сеќавам точно кога било тоа), почнала да ѝ се јавува Мајката Божја – Богородица и ѝ наредила да запишува сѐ што ќе ѝ каже и, на крајот, ѝ наредила да оди во Скопје и тие пораки да ги пренесе во „Криви Дол". Ми го покажа и нотезот во кој таа ги бележела сите пораки со посочена дата. Најчести беа пораките во кои Мајката Божја го изразува своето незадоволство од однесувањето на христијаните во Скопје и во цела Македонија и посакува наше покајание и промена на однесувањето, со забелешка дека наскоро ќе има и сериозна опомена. Иако јас тогаш служев во црквата (манастир) „Св. Великомаченик Георгиј" во месноста Криви Дол, мислев дека овие пораки треба да ги прими Архиепископот, чијашто резиденција се наоѓа во кругот на манастирчето, па затоа госпоѓата од Англија ја упатив кај Архиепископот. Што се случило потоа, не знам. Битно е тоа што опомената се оствари само по два месеци на 28 август во Берово. Овој настан го искористив на промоцијата на *ОГЛЕДАЛО* како доказ дека отец Кирил има право кога го критикува овој пагански обичај.

*Поуката* на отец Кирил *за секој христијанин, како треба да ги празнува празниците Господски и на светителите, и како треба да се причести со Светата Причесна,* е одлична, вистинска лекција по веронаука за основните, најелементарни вистини по христијанска етика, догматика, литургика и црковно-канонско право. Во неа, секој свештенослужител и верник, преку начинот на којшто ги славиме празниците, и нашиот однос кон тајната на Црквата – Евхаристијата - Причесната, може, како во огледало, да ја согледа својата состојба и, ако таа не е во согласност со она што Бог го бара од нас како Негови чеда, создадени според образ Божји, со задача да го стекнеме и Богоподобието, односно светоста и обожувањето како крајна цел на човековата егзистенција, и вечен живот во Царството Божјо, да почнеме да се преиспитуваме, да се преумуваме и, свесни за она што нѐ очекува по заминувањето од овој свет, да почнеме да ги спроведуваме препораките што отец Кирил ни ги дава во оваа прекрасна поука.

На почетокот од *поуката* отец Кирил го нагласува високото достоинство на христијаните да бидат чеда Божји, синови и ќерки Божји по благодат, затоа, вели тој, *самиот Христос Бог нѐ научи да велиме Оче наш Кој си на небесата.* Како христијани, треба да го исполниме Христовиот закон, оти, ако не го исполниме Христовиот закон, Неговото учење, тогаш не сме христијани, а бидејќи не сме Христови луѓе, при Христа во рајот не можеме да одиме. А бидејќи нема да влеземе во Царството Небесно, зошто се мачиме на овој век? Зошто постиме, зошто се крштеваме...? *И не Му се молиш на Бога да ти го даде она што Му е угодно Нему, туку го бараш од Него тоа што ти е угодно тебе.*

*А вие се надевате на курбани, што ги колете на Атанасовден, со тоа да Му угодите на Бога, а не знаете дека тие курбани се идолска жртва, еврејска жртва, а не христијанска. Тој христијанин, што коле курбани не е христијанин, туку е Евреин или идолопоклоник, и тој свештеник, што пее на глава на овен со запалена свеќа*[2]*, лаже за*

2 До пред дваесет години немав јасна претстава за овој чин, па не ги разбирав доволно овие

*добивка, за пара, за месо, а во законот христијански нема напишано поп да чати на овен, а христијани да колат курбан.* И отец Кирил извикува: *Немојте, христијани, не колете жртва крвна, зашто имаме бескрвна!* Во продолжение, отец Кирил приведува текстови од Стариот завет (Пс. 49 и др.), како доказ дека уште тогаш на Бога не Му биле пријатни крвните жртви. Понатаму тој ги кажува и причините: едни тоа го прават од незнаење, а други од непослушност, но попот што чати на овен со запалена свеќа на роговите, тој го прави тоа ем од незнаење, ем од непослушнст, но непослушноста доаѓа од алчноста, бидејќи тој гледа да земе некоја пара или патица (парче-плешка) месо. Затоа апостолот Павле вика и вели: *Коренот на сите зла е среброљубието* (1 Тим. 6, 10), а тоа сака да каже дека на сите лошотии коренот им е ненаситната алчност... и продолжува:

*Видете, христијани, колкав грев се прави со колењето курбан..., а вие се надевате со тоа да го измолите Бога и светиот Атанасиј, и да ги истерате болестите, а Бог вели: Не сакам да ми колете, Јас ниту крв пијам, ниту месо јадам, а вие, ако колете, дома колете и јадете, а вие во црква го колете со попот, и велите:* „Курбан Му го праќаме на Бога...” *а попот што не ви кажува како е работата, туку поради алчност уште и ве изопачува и ви вели: ако е, гледајте си ја работата, што сте нашле, не оставајте. Ако ве изопачува, неговиот грев е голем, Нему му се одзело и свештенството и христијанството, и тешко на онаа парохија каде што тој попува, и тешко и претешко и горко на неговата душа”.* За оние, пак, што се сомневаат или не веруваат во задгробниот живот, отец Кирил им го раскажува зачало 83 од Евангелието според Лука (16, 19 - 31), за богаташот и за Лазара.

Поголемиот дел од *Поуката*, отец Кирил ја посветува на самата Тајна на Црквата, Евхаристијата, односно Светата Причесна, нејзиното востановување на Тајната Вечера на Велики четврток, клучните места од

зборови на отец Кирил. Но, ми стана јасно од мое лично искуство. Имено, за празникот на св. Атанасиј (Атанасовден, на 31 јан. нов ст.), дежурниот свештеник (А. Г.) во црквата – манастир "Св. Јован Крстител" – во месноста Капиштец во Скопје, ме замоли да го заменам, бидејќи тој ден му бил домашна слава и сакал да си биде слободен. Во текот на Литургијата, во моментот кога се причестував, во олтарот влезе мајка Воскресија, со барање веднаш да одам да го чатам овенот. Не знаев за што станува збор, па ја замолив да излезе од олтарот, да ја завршам Литургијата, па ќе видам за што станува збор. Имаше што да видам: Веднаш до олтарската апсида, гледам овен со запалени свеќи на роговите, врзан со јаже за железната ограда, и човек со голем нож во раката, кој ми вели: Ајде, попе, да го чатиш овенот! Му одговорив дека јас не знам такви молитви и му наредив да го отстрани овенот од дворот на црквата. Но колачот инсистираше да го благословам овенот и рече дека тоа го правеле поповите и поранешните години. Во меѓувреме ни се придружија и верници што присуствуваа на Литургијата, а меѓу нив беше и Мишо, крупен маж, поранешен припадник на сектата Јеховини сведоци, со кого работев долго време да го убедам да се врати во Православната црква. Мишо се вклучи во расправијата и се потруди да го убеди колачот и другите курбанции дека со Христовата жртва на Крстот, престанале крвните жртви. Но колачот му се закани на Мишо да престане да ги лаже луѓето, или ќе го заколе и него, и тргна со ножот кон Мишо кој, пак, не се ни обиде да се одбрани... Некој од присутните извика да се побара полиција, бидејќи ова е обид за убиство… Заслужува внимание реакцијата на Мишо, кој рече дека нема потреба од полиција, бидејќи тој е подготвен да пострада за Христа, за да престане овој нехристијански обичај. Луѓето курбанции беа многу гневни што не им го благословив курбанот. Потоа разбрав дека тие отишле демонстративно во Архиепископија, се пожалиле на мене и побарале свештеник да им го благослови курбанот. Попот, кој дошол да им го благослови курбанот, ги пофалил за нивнатата ревност во одржувањето на православните обичаи. Од овој пример е јасно дека, и по двесте години, состојбата со курбаните не се изменила многу. Ете зошто отец Кирил има право кога ги критикува поповите за овој нехристијански обичај.





Библијата за потребата и ефектите од нејзиното редовно примање (Исус им рече (на Евреите кои не Му веруваа): "Вистина, вистина ви велам: ако не го јадете телото на Синот човечки, и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе... Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, има живот вечен и јас ќе го воскреснам во последниот ден" (Јн 6, 53-54). Оние што Го примија Христа, им даде власт да бидат чеда Божји, и оној што зема причесна, го јаде телото Христово и ја пие крвта Негова, тој не умира како телесен човек, и не се нарекува телесен човек, туку син на Севишниот; затоа, вели о. Кирил, Светиот Дух пишува во Псалтирот: *Јас реков, вие сте богови, и синови на Севишниот, но вие, како луѓе, ќе умрете, како некој од кнезовите ќе паднете* (Пс. 81, 6 -7). А кои се тие кнезови што паѓаат, прашува о. Кирил, и одговара: - Тоа се оние што не ги отвораат своите врати, и не Го пуштат Царот небесен, Царот на славата. А тоа го прават затоа што не знаат каква сила има Светата Причест, и какво оружје против ѓаволот е Таа, и какво соединување со Бога, и какво осветување, па дури и обожување.

Во продолжение, отец Кирил слови за едно од најактуелните прашања поврзано со достојноста или недостојноста за примањето на Светата Причесна. Тој извикува: *Слушајте сега, благословени христијани, да разберете што е Причесната: Христос вели: Блажен е оној што зема да Го јаде телото Мое и да ја пие крвта Моја! А оние што нејќат да примат, тие не сакаат да се причестат. А Неговиот, пак, наместник, избраниот сад, светиот апостол Павле, вели: Тешко и претешко на оној човек што зема причесна какогодер, кој не се исповеда, не се простил со непријателите, не се покајал за тоа што го правел, и што мисли пак да го прави; за него светиот Павле вели:* "Оној што го јаде овој леб и ја пие чашата Господова недостојно, ќе биде виновен спрема телото и крвта на Господа. Затоа човек да се испита себе, и така да јаде од лебот, и да пие од чашата; бидејќи оној што јаде и пие недостојно, тој го јаде и пие своето осудување; поради тоа меѓу вас има мнозина немоќни и болни, а мнозина и умираат, оти, ако бевме се испитувале самите себе, не би биле осудени. Но, судејќи нè, Господ нè накажува, за да не бидеме осудени со светот (1 Кор. 11, 23-31)".

Во продолжение, отец Кирил ги појаснува зборовите *човек да се испите себе* (да искушает же человек себе). Со други зборови, тоа значи човек да се покае, да појде кај својот духовник, да ги каже своите гревови пред него и да вети дека нема да ги повторува, да плаче за своите гревови, да дава милостина на сиромаси, да пости, да прави метании и, со таква жртва (курбан), да дојде при Бога, и Бог ќе го види неговото срце прочистено (разработено), и ќе му ја прими жртвата, ќе му ги прости гревовите, и ќе влезе Царот на славата во него, и тој ќе биде во Бога, и Бог ќе биде во него, како железото во огнот и огнот во железото. Светиот Дух, во 50-от псалм, стих 17, вели: *Жертва Богу дух сокрушен, сердце сокрушено и смирено Бог не уничижит.* Отец Кирил појаснува: Тоа значи како жртва, пред Бога, да принесеш дух строшен, и срце строшено и смирено. Тоа е она што го љуби Бог, и ништо друго, никакви курбани, никакви закони. Во нашата вера најголема жртва (курбан) е лебот и виното, и Литургијата. Но и Литургијата со омраза (пизма), со горделиво (фодулско) срце, без дух строшен, без строшено срце

и без смирение, не ја прима Христос Бог, затоа на Литургијата свештеникот возгласува: Вонмем, свјатое возношение в мирје приносити! Тоа значи: Да внимаваме, слушајте и разберете! Светиот принос, чистата жртва, во мир да го принесеме. Тоа значи да сме измирени еден со друг. Потоа отец Кирил ги набројува последиците од недостојното причестување. Оние што не се достојни за причестување, тоа се луѓе од овој свет кои живеат според законите на овој паднат свет... Таквите луѓе Светиот Дух не ги нарекува ниту Израил, ниту *свет народ*, ниту *царско свештенство*[3], туку ги нарекува *мирјани* (κοσμικοσοι), луѓе од овој век, од овој свет. **Мїръ** значи овој свет (век), зашто Христос вели во Евангелието (Јн 15, 19): Тие се од светот, но вие не сте од светот, оти, ако бевте од светот, светот би ве љубел, и поради тоа светот ве мрази, зашто не сте од светот. А тие што живеат во овој век се како скотови, од рајот испадени како пци.

За крај, сакам да кажам дека оваа *ПОУКА* од отец Кирил може да биде од голема полза за секој свештенослужител и за секој христијанин, затоа се осмелувам на Редакцијата на новото списание *ОГЛЕДАЛО* да ѝ препорачам, да ја замолам, овој бисер да го направат достапен за секого, со паралелен стручен превод на современ македонски јазик.

3 Зборовите свет народ, царско свештенство, отец Кирил ги зема од Првото соборно послание на св. ап. Петар (2, 9-10), каде што се вели: Вие (христијаните) сте род избран, царско свештенство, *свет народ, луѓе придобиени, за да ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина. Вие, кои некогаш не бевте народ,* ***а сега сте народ Божји*** *(ο λαος του Θεου), кои не бевте помилувани, а сега сте помилувани.* Врз основа на овие зборови на ап. Петар е заснована догмата за Општото свештенство или царското свештенство на народот Божји, покрај ерархиското или функционално свештенство - Епископи, свештеници и ѓакони . Добро е овде да напоменеме дека ниту една догма во Црквата не е бранета од светите отци, како што е тоа случај со догмата за Општото или царско свештенство на народот Божји. Трагедијата се случила во оној момент кога, благодарејќи на ерархиското клерикализам, христијаните, од народ Божји, свет народ, царско свештенство станале мирјани, луѓе од овој свет. Оттука произлегуваат, понатаму, сите проблеми во Црквата во врска со достојноста и недостојноста на “мирјаните” за примање на Светата причесна, па од нив се бара задолжителен пост без масло од најмалку 7 дена (најчесто без исповед), заборавајќи при тоа, или незнаејќи, дека канонитe забрануваат строг пост во сабота и недела, освен на Велика сабота (Апостолско правило 64). Одговор на овој проблем во Црквата дал уште св. Јован Златоуст кога вели дека има случаи кога верникот не се разликува од свештеникот, а тоа е во однос на подготовката за примање на Светата Причесна. Сега, вели тој, не е како во Стариот завет, кога една храна била за свештениците, а друга за народот, туку сега сите ние на ист начин се удостојуваме за примање на Светите тајни (Причесната).





# ЗНАЧЕЊЕТО НА ОТЕЦ КИРИЛ - ДЕНЕС

м-р Даријан Сотировски,
директор на КОВЗРГ

*Колку сме свесни за значењето на о. Кирил Пејчиновиќ - Тетоец?*

Кирил игумен на Лешочкиот манастир, црковен деец, просветител, преродбеник, народен учител, подвижник, личност од минатото. Каде е тука иднината, или пак современието.

Најважните работи, оние кои се незаменливи и полни со суштина секогаш имаат своја оправданост во актуелно време. Тие имаат реперкуси и врз идни времиња, будат интерес, грижи, пренесуваат искуства и мудрост кај идните генерации.

Во контекст на отец Кирил, тој е личност од минатото, но го пишувам овој краток текст убеден за неговото значење денес. Тој не е само личност од нашето минато, туку и од нашата сегашност. Неговото дело го прави присутен, иако ненаметлив и често неприметлив за нас денешните генерации, особено младите чии афинитети и интереси се насочени во друг слој на она што е важно и нужно.

Последните неколку векови, Македонија од Тетово и тетовско добила храбри илинденци и партизани, културни, просветни и спортски работници врвни во својот придонес, музичари за мерак, но Тетово го има и големиот духовен учител игуменот Кирил Пејчиновиќ-Тетоец. Низ векови православната вера била онаа која го штитела битот на македонецот. Верата го градела и штитела нашиот идентитет, култура, таа била мотив и надеж, утеха во најтешките мигови. Духовниците биле потпора на сите други, врз себе, врз своите плеќи го носеле бремето на тоа тешко време, тежината на сите други. Духовната сила давала искра за успех и кај сите погоре спомената имиња кои го прославиле нашиот град.

Отец Кирил бил учител. Човек кој ги издигнувал другите, не само духовно. Кирил бил моралниот авторитет и етичкиот пример на своето време. Кирил бил посветениот и смирениот слуга на својот народ. Кириловото дело било трн во око на оние кои сакале друга реалност, како за време на неговиот живот, така и после тоа. Кирил имал обединувачки капацитет, имал подвижничка способност, тој бил пријател на совеста на секој еден човек.

Како и секоја заедница мораме да градиме примери, заедно да почитуваме и осудуваме за општото добро. Заедно да се поклонуваме на оние кои тоа го заслужуваат, за младите да имаат позитивен пример што е добро а што лошо, во времево кое на глобално и локално ниво доаѓа до деградирање на вредностите за кои веруваме дека се позитивни.

Македонците во Тетово и Полог имаат повеќе столбови врз кои треба да се потпираат, но и треба да ги негуваат, за да бидат посилни, постабилни низ времињата. Првиот столб сигурно е меѓусебната добронамерност, а потоа следат низа на значајни столбови. Но, кога говориме за авторитети со историско-современ капацитет од духовна страна, најсилниот столб останува да биде отец Кирил Тетоец, славниот игумен на бедемот на православието - Лешочкиот манастир. Да се потпреме врз овој столб и да бидеме стабилни и просперитетни мораме да ги негуваме неговите вредности и да ги учиме неговите поуки. Неговите зборови не се празни, туку полни со суштина, неговите поуки преобразуваат во совршенство, а кажани се на нај-едноставен начин. Преку говорот на народниот човек, отец Кирил се обраќа до сите. Секоја негова мисла и денес е актуелна. Прочитајте било што од она што го има напишано, а размислувајте само и за она што му било во мислите. Игуменот е човек кој поучува во времето во кое живеел, но и во времињата кои што тогаш биле далеку во иднината.

Лешочкиот манастир издржал бурни времиња, нашата колективна свест веројатно знае колку народот ни бил силен кога Лешочкиот манастир бил средиште на случувањата, а колку бил слаб кога бил на маргините.

Лешок мора да се негува, развива и сака постојано, од сите, а најважно љубовта да се пренесе на најмладите. Празнувањето на Голема Богородица во Лешочкиот манастир не е само обичен ден, тоа сме го почувствувале сите. Се надевам следат денови на врвна духовна радост, бидејќи светителските нишки на отец Кирил допрва ќе бидат воочувани.

Имав чест пред неколку години за првпат да иницирам одбележување на неговиот помен како во Лешок, така и пред спомен обележјето во Тетово. Оттогаш, 12 март е врежан во секоја календарска година за мене како Ден на отец Кирил.





# КНИГОЉУБЕЦОТ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ

проф. д-р Ѓорги Поп-Атанасов,
академик

Кирил Пејчиновиќ е еден од нај-истакнатите македонски црковни дејци во времето на преродбата. Роден е околу 1770/71 година во тетовското село Теарце; учи во соседното село Лешок и во Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“ кај истакнатиот црковен и просветен деец Јоаким Крчовски. Својот монашки живот го започнува во манастирот Хиландар и Кичевскиот манастир „Воведение Богородично – Пречиста“. Од 1801 до 1818 година е игумен на Марковиот манастир „Св. Димитриј“; во 1818 година се враќа во родниот крај, го обновува Лешочкиот манастир „Св. Атанасиј“ и во него останува до крајот на својот живот (12. 03. 1845).

За време на своето игуменување во овие македонски манастири, Пејчиновиќ успеал во нив да формира богати библиотеки со старословенски ракописи и старопечатени црковни книги. Собирајќи ги овие книги од запустени цркви и манастири, тој фактички спасил од пропаѓање книжевно културно наследство од исклучителна важност за историјата на нашата црковна книжевност и писмена традиција. Во библиотеките на Марковиот и Лешочкиот манастир се нашле повеќе пергаментни ракописи, како и ракописи во коишто се зачувани преписи од литературни дела на св. Климент Охридски и на други средновековни црковни писатели.

За жал, сето ова наше црковно книжевно наследство, макотрпно собирано од јеромонахот Кирил Пејчиновиќ, уште во текот на XIX и првите децении на XX век е однесено надвор од Македонија и денес е сопственост на странски културно-научни институции (архиви, музеи и библиотеки).

Познато е дека во 40-тите години на XIX век (пред 1844 г.), Марковиот манастир го посетил австрискиот конзул во Солун хрватот Антун Михановиќ

и оттука зел ракописни книги, меѓу кои и еден пергаментен номоканон пишуван во 1262 година. Подоцна ќе се констатира дека тој номоканон е најстариот зачуван препис од црковниот законик што во текот на XIII век бил во употреба кај сите јужнословенски народи и дека во него е зачуван препис од законски одредби, донесени на црковен собор организиран од Охридскиот архиепископ Лав Пафлагониски (1036 – 1056). Во подврзијата на овој значаен книжевен споменик од збирката на Кирил Пејчиновиќ се откриени два пергаментни листа од Апостол, пишуван во XII век со глаголичко писмо. И двата книжевни споменика (основниот кодекс и глаголичкиот фрагмент), денес се наоѓаат во збирката на Михановиќ во Архивот на Хрватската академија на науките и уметностите во Загреб.

Значајни книжевни споменици од ракописната збирка на Кирил Пејчиновиќ денес се чуваат и во Државниот историски музеј во Москва. Во Русија се донесени од познатиот колекционер Александар Гилфердинг кој, патувајќи низ Македонија во 1868 година, ги посетил и Марковиот и Лешочкиот манастир и од нивните библиотеки зел десетина старословенски ракописи, повеќето пишувани врз пергамент: триод од XIII век, четири минеи од XIV век, зборник со слова на црковни писатели од XIV век, црковен типик од XIV век, Диоптра на Филип Монотроп пишувана од слепченскиот монах Матеј во 1563 година, зборник со мешана содржина од XVII век и др. Во некои од овие ракописи, притоа, има преписи од слова на св. Климент Охридски, како и преписи од негови химнографски дела, во кои е вграден негов авторски потпис во вид на акростих. Преписи од Светиклиментовите слова има во зборникот со слова на црковни писатели од XIV и зборникот со мешана содржина од XVII век, додека преписи од Светиклиментови литературни дела од жанрот на црковната поезија се зачувани во двата пергаментни минеја по потекло од Лешочкиот манастир што сега се наоѓаат во Државниот историски музеј во Москва, во збирката на Алексеј Хлудов под бр. 152 и 156. Во минејот Хлудов 156, притоа, е зачуван единствениот препис од втората (Климентова) служба на св. Методиј со фразов акростих: „Јас Климент пофални песни му пеам на архиерејот Методиј".

Подоцна ракописи од збирката на Пејчиновиќ од Марковиот манастир земаат претставници на Бугарската егзархија и преку Цариград ги носат во Софија, додека последните ракописи од збирката на Лешочкиот манастир се однесени во Белград, во периодот меѓу двете светски војни, од страна на српскиот Скопски митрополит Јосиф Цвијовиќ. По потекло од Марковиот манастир, на пример, е ден од најзначајните книжевни споменици што денес се чуваат во ракописната збирка на софиската Народна библиотека – Станиславовиот чети-минеј, пишуван околу средината на XIV век од македонските книжевници Драјко и Станислав. Овој македонски книжевен споменик е интересен не само поради својата уникатна содржина, но и поради многуте записи во него, меѓу кои и еден од Кирил Пејчиновиќ од 1809 год.

Меѓу ракописите што српскиот Скопски митрополит Јосиф Цвијовиќ ги зел од Лешочкиот манастир и ги однел во Белград, еден идентификувавме во Универзитетската библиотека „Светозар Марковиќ" и неколку во музејот на Српската православна црква и српската Патријаршиска библиотека.







Во белградската Универзитетска библиотека се наоѓа ракописот „Чуда на св. Богородица", пишуван во 1720 година од јеромонах Гаврил во манастирот Трескавец, додека во Музејот на Српската православна црква се наоѓаат еден цветен триод пишуван од монах Нифон во 1514 (со повеќе записи и потписи на Пејчиновиќ) и еден минеј за септември од 1622 година. Во последниот ракопис се наоѓа познатиот портрет на славниот лешочки игумен, нацртан од јеромонахот Арсение Марковиќ, како и еден опширен запис од 1905 година, во кој се опишува сардисувањето на Лешочкиот манастир за време на манастирскиот собир на црковниот празник „Успение Богородично" (15/28 август), опеано во познатата народна песна.

Гледано од денешен аспект, од особена важност е и тоа што Кирил Пејчиновиќ ни оставил бројни пишани сведоштва за неговиот живот и за настани што се случиле во времето во кое што тој живеел. Зачувани се дваесетина негови графити, како и голем број негови записи во старите црковни книги. Во овие свои записи тој ни дава податоци за некои од ракописите во неговата збирка, регистрира свои посети на други македонски манастири и цркви, опишува необични „небесни појави" и сл. За една ваква несекојдневна појава, на пример, тој пишува во еден од своите записи во книгата „Чуда на св. Богородица" од 1720 год.: „И паки в лето 1825 се јави другаја звезда со опашка, ѕело темна; и не бе подобна звездам, токо таке саде опаш. По вечера огреуеше откуде Солун, заождаше куде Мореја; се јави каде Крстовден и стоа сва есен. И сие писах аз прежниј Кирил Маркоecon ваго манастира".

Кирил Пејчиновиќ собрал околу себе повеќе ученици и следбеници, кои ја продолжиле неговата духовна просветителска дејност. Меѓу овие негови следбеници познати се имињата на монасите Мисаил, Арсение, Методиј, Авраам, Тимотеј, Серафим, Рафаил, Милош, Силвестар, дијак Трпе и др. Јеромонахот Мисаил подоцна ќе стане игумен на Кучевишкиот манастир „Св. Архангели", Силвестар ќе го наследи Кирила, станувајќи по неговата смрт игумен на Лешочкиот манастир, додека Кириловиот соселанец и најблизок негов соработник јеромонахот Арсение Марковиќ ќе го наследи Кириловото книгољубие и ќе продолжи, како и неговиот духовен старец, да се грижи за ракописните и старо-печатените црковни книги.



Запис на Кирил Пејчиновиќ во Цветен триод од 1488 год.



Страница од номоканонот од 1262 год.



Страница од ракописот „Чуда на св. Богородица“ од 1720 год.





Запис на Кирил Пејчиновиќ во номоканонот од 1262 год.



Записи на Кирил Пејчиновиќ во ракописот „Чуда на св. Богородица“ од 1720 год.



# МЕСТОТО НА ИГУМЕНОТ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ ВО СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА НАУКА И ПРОСВЕТА

вонр. проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ,
презвитер

Филокалискиот просветителски модел на преподобен Кирил Пејчиновиќ е во сите негови аспекти длабоко Христоцентричен, Богочовечки – целосно осмислен во воплотувањето на Словото Божјо и Неговото домостроително присуство и дејство во светот. Тој безостаточно се вклучува во просветителското предание на светите словенски просветители, браќата Кирил и Методиј и на нивните свети ученици Климент и Наум Охридски. Очигледно е дека таквото разбирање на просветителството, воопшто не му било туѓо на православниот народ Божји во Македонија, туку напротив – му било сосема познато и неизмерно блиско.

Непобитната важност на просветителското дејствување на отец Кирил Пејчиновиќ е признаена, потврдена и често истакнувана од страна на најимените претставници на секуларната македонска просвета и наука од втората половина на XX век. Како пример за тоа може да послужи ставот на еминентниот македонски славист, акад. Харалампие Поленаковиќ, според кого Кирил Пејчиновиќ е „првиот позначаен втемелувач на новата македонска книжевност[1]“ и заслужува „највидно... челно место[2]“ меѓу своите современици. Во неговиот текст, напишан по повод 150-годишнината од печатењето на Кириловото „Огледало“ тој возгласува: „Ние, ‚о љубочитатели‘, можеме, заедно со првиот македонски печатар Теодосија Синаитски, да речеме дека ‚Блажен ест овој човек, преподобниј јеромонах Кирил...‘, и со

1 Харалампие Поленаковиќ, *Никулците на новата македонска книжевност*, Скопје 1973, стр. 218.
2 *Исто*, стр. 151.

должниот пиетет да се поклониме пред споменот на просветителското творење (...) на првиот позначаен писател од новата македонска книжевност“[3].

Но, тука се соочуваме со парадокс – ако погоре изложените ставови на акад. Поленаковиќ се прифатени од македонската научна јавност како исправни, тогаш која е причината што современата просвета во Македонија е поставена на суштествено поинакви темели од оние на „преподобниот јеромонах Кирил – втемелувачот на новата македонска книжевност“? Поточно, која е причината што Кириловото христоцентрично просветителство се заменува со натуралистичкото просветителство на природниот разум, разбран како неповрзан и независен од духовната димензија на човекот, и како такво се поставува за основа на современата македонска просвета и култура?

Просветителскиот модел на отец Кирил Пејчиновиќ во самата своја суштина е некомпатибилен со редуцираниот концепт за просвештението, застапуван од страна на европското волтеријанско просветителство. Пејчиновиќ припаѓа на една друга просветителска традиција, за која тенденцијата кон симфонизирање на материјалното и нематеријалното, тварното и нетварното, човечкото и божественото, не само што не се гледа како бесмислено и штетно, туку претставува апсолутен императив на просветителското дејствување. Центарот на секое човечко дејствие е светотаинскиот живот на Црквата, разбрана како жива богочовечка заедница. Синергичниот динамизам меѓу Бога и човекот е незаобиколен предуслов за секое човечко дејствие, вклучително и интелектуалното. Богопознанието не само што не го ограничува или укинува човечкото творештво, туку напротив, го поттикнува, го осмислува и оживотворува.

Отец Кирил Пејчиновиќ на долго и широко расправа за егзистенцијалната важност на причестувањето, за љубовта кон луѓето и Бога, за почитувањето на Мајката Божја и светителите и т.н. Сите негови кажувања се основно насочени кон усогласувањето на световната и духовната сфера на човечкото живеење, а формулирани согласно на тогашниот животен контекст.

Според православната богочовечка философија на живеење просветувањето секогаш имплицира преобразување. Од состојба на паганство – во кое централното место го има саможивиот и самобендисан човек, кој по мерката на сопствената несовршеност ги ракотвори своите материјални и идејни идоли-божества – човекот, преку христијанското просветителство, се преобразува во целовито битие. Како што ваквиот тип просветителство преку светите рамноапостолни Кирил и Методиј го преобразил паганското битие на македонскиот човек во богочовечко, така истиот тип просветителство ја проникнува целата негова крстоносна историја, култивирајќи го, цивилизирајќи го, просветувајќи го и возведувајќи го кон светоста, како крајна цел и смисла на неговото историско битисување. Во оваа смисла, просветителството на игуменот Кирил Пејчиновиќ претставува составен дел од еден континуиран процес на повторно и повторно будење и возведување на човештвото кон целовитоста на животот.

3 *Исто*, стр. 195.





Поради тоа отец Кирил не може да се смета за „основоположник“ на македонското просветителство, особено не разбрано и протолкувано во категориите и духот на западноевропскиот илуминизам. Тоа го потврдува фактот, потенциран од академикот Петар Илиевски, дека „дејноста на нашите народни просветители од почетокот на XIX век не била инспирирана од западноевропските рационалистички идеи како кај нивните современици од други словенски земји (...), (туку) е произлезена од една друга културна традиција (...) (Таа) се состои во настојувањето да се воздејствува на простиот народ со црковно-поучна проповед на жив говорен јазик“[4]. Станува збор за така нареченото дамаскинарство, кое претставува еден од историските стадиуми во непрекинатото просветителско дејствување на Црквата.

Преподобен Кирил Пејчиновиќ е полноправен продолжувач на ова предание. Тој може да се нарече „прв просветител“, во контекст на неговото време и во смисла на значењето на неговото дело, кое, за нас, не е ништо помалку значајно од делото на светите сесловенски просветители Кирил и Методиј. Тој е зачетник на една нова епоха во културниот и цивилизацискиот развој на македонскиот народ, која истовремено длабоко е втемелена во византиско-словенската културна и цивилизациска традиција.

Но, околу средината на минатиот век во Македонија се случи радикален пресврт на план на севкупното битисување на македонскиот човек. Крајниот секуларистички систем се обиде да ги подреди сите сфери на човековото живеење. Едно од главните средства за воспоставување на неговата потполна власт беше создавањето на состојба на колективна амнезија преку деградирање на сите дотогашни духовни вредности и нивно заменување со еден и единствен систем на мислење. Овој процес на систематско расцрковување на умот на православниот човек претставуваше обид за прогонување на вековната просветителска традиција од неговата колективна свест и нејзино заменување со нешто нему сосема туѓо и до тогаш непознато. Тој за првпат се соочи со систематски организирано и осмислено воведување на илуминистичкиот пристап во просветата, објективизиран во крајно секуларизираниот образовен систем.

Сепак, црковното народно минато не можело едноставно да биде избришано, од проста причина што токму тоа го имало клучното место во формирањето на духовниот и историски идентитет на македонскиот народ. Идеолошките предубедувања не оставале простор за било какво контекстуално исчитување на историјата. Имајќи ја соодветната идеолошка матрица за „непогрешлив“ интерпретатор и критериум на историската вистина, се прибегнало кон редуцирање и парцијализирање на затекнатото и негово ограничување во претесните рамки на идеолошки допуштеното. На тој начин, при изложувањето на историјата на македонското просветителство, се прибегнало кон пренагласување на поедини негови формални сегменти, како што се јазикот, моралот, борбата против суеверието и сл. При тоа се

4 Петар Илиевски, „Претходниците на Кирил Пејчиновиќ“, *Кирил Пејчиновиќ и неговото време*, Симпозиум, Тетово 1973, стр. 55.

изоставувала и прогласувала за ним сосема противположна самата нивна суштина.

Како резултат на ваквиот метод, години station наназад кај многубројни истражувачи се јавуваат сериозни нејаснотии во однос на прашањето за формата и суштината на просветителското дејствување на отец Кирил Пејчиновиќ. Тие не успеваат да ја поврзат формалната страна на севкупната негова дејност со христијанскиот монашки подвижнички живот, кому, тој му бил наполно предаден. И самите без поговор стојат пред фактот дека тој бил „религиозен не само по својот монашки чин, туку и по своето длабоко и безрезервно убедување“[5].

Карактеристичен пример за ваквиот пристап дава основачот на катедрата по психологија на Филозофскиот факултет во Скопје, проф. Ристо Ѓорѓевски. Тој тврди дека Кирил Пејчиновиќ „сам“ дошол до едно од најголемите „откритија“ на современата психологија, многу порано од неговото „научно откривање“. Станува збор за „факторот на личната активност, а со тоа и личната одговорност на секој човек за сопствениот развиток и сопственото поведение“[6]. Основното начело на богообразноста на човекот – слободата – за него е „спротивно на основните религиски учења“ на христијанството. Затоа тој е зачуден како е можно „вакви концепти за слободата на човекот да изнесува еден калуѓер, и тоа игумен, и притоа, како и за другите свои ставови, да се повикува на цитати од црковни книги“[7]. Православието се гледа исклучиво преку митовите за „средновековниот црковен мрак“ и „инквизицијата која ги палела научниците на клади“. Не само што ваквите претстави во значителна мерка ги преминуваат границите на фактичноста, туку исто така, ако сакаме да бидеме до крај објективни, историски и просторно немаат ништо заедничко со православната Црква.

Поради сето тоа, на отец Кирил Пејчиновиќ му се припишува своевидна автономност, па дури и апостатичност во однос на „автентичното“ црковно предание. Тој е претставен како „необичен калуѓер што се разликувал многу од своите собраќа..., (а) неговите етички концепти... излегуваат од рамките на религиските сфаќања и претставуваат (негови) лични сфаќања и лични ставови“[8].

Очигледна е содржинската недоследност и противречност на таквите концепти, поставени во корелација со ним паралелните тврдења дека: „Пејчиновиќ бил и си останал човек на црквата и со душа и со тело и со мисла... до фанатизам запоен со христијанска самосвест“[9]. На тој начин, пред нив останува неразрешливата енигма – како е можно „тој од таква средина и со такви стремежи и замисли да прераснал во она што е“[10]. Сите обиди

5 Воислав Јаќоски, „Воспитните погледи на Пејчиновиќ во духот на христијанството“, *Кирил Пејчиновиќ и неговото време*, Симпозиум, Тетово 1973, стр. 87.

6 Ристо Ѓорѓевски, „Психолошките и етичките концепции на Кирил Пејчиновиќ“, *Кирил Пејчиновиќ и неговото време*, Симпозиум, Тетово 1973, стр. 50.

7 *Исто*, стр. 49.

8 *Исто*, стр. 47-51.

9 Воислав Јаќоски, „Воспитните погледи на Пејчиновиќ во духот на христијанството“, *Кирил Пејчиновиќ и неговото време*, Симпозиум, Тетово 1973, стр. 85.

10 *Исто*, стр. 85.





да се објаснат овие прашања без желба за сериозно, научно и опитно разбирање на автентичниот дух на православното просветителско предание, остануваат очајни обиди да се напише нешто налик на критика за никогаш непрочитана книга.

Ваквите примери се многубројни, но ова кратко истражување нема за цел да ја омаловажи дејноста на македонските научници од втората половина на минатиот век, туку, избегнувајќи ја едностранчивоста во пристапот, да ги постави сознанијата и резултатите од нивната научна работа во нивниот природен контекст, од чија перспектива би биле понатаму опсудувани.

Токму недостатокот на ваквата интегрална перспектива кон прашањето за образованието и религијата во Македонија е основниот камен на сопнување при секое негово ново актуелизирање. Преоткривањето, беспредрасудното истражување и разбирањето на ваквиот просветителски став денес претставува насушна потреба. На тој начин се разрешуваат противречностите и нејаснотиите, генерирани во формативниот период на современата македонска наука и се надминуваат крајностите карактеристични за идеолошки ограничените образовни системи. Надминувањето на духовно-интелектуалната схизма меѓу науката и верата, меѓу философијата и религијата и нивното повторно обединување во синергично единство денес претставува насушна потреба. Без тоа, останува утопичен секој обид да се разбере не само делото на „најразбудената фигура на нашето просветителство“[11], туку и интегралното минато и сегашноста на нашата византиско-словенска култура.

11 *Исто*.



# СТИХОТВОРЕЦОТ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ - ТЕТОЕЦ

протоереј-ставрофор Мирко Станковски,
архиерејски намесник на Тетово

За авторот на делото „Огледало“ и на книгата „Утешение Грешним“ од јеромонахот Кирил Пејчиновиќ пишувано е во неколку наврати. Испитувана е неговата биографија, неговите особини итн.

Во овој труд ќе стане збор за стиховите на овој просветител од почетокот на осумнаесеттиот век.

На надгробната плоча на гробот на Кирил Пејчиновиќ, во дворот на манастирот „Пресвета Богородица и свети Атанасиј“ во село Лешок, има неколку стихови кои што било потешко да се прочитаат. Сепак, текстот кој што е дешифриран и кој што го објавиле Јордан Иванов во книгата „Блгарски старини од Македонија“ Софија, 1908, страна 240, и Љ. Стојановиќ „Стари српски записи и натписи“ книга 5 1926 страна 321-322, е доволно јасен, па целиот сеуште може да се прочита.

Текстот десет години пред својата смрт сам го напишал јеромонахот Кирил „својеју рукују еште во животе своем“, како што самиот вели. Целиот интегрален текст гласи: *„По запустение монастирја, светого Атанасија, паки се обнови во лето трудом и иждивением , Кирила еромонаха, бившаго игумена монастирју сему, иже и написа плочу сију своеју рукоју, еште во животе своем в лето од Христа........“*

### Стихови Надгробен епитаф

*Теарце Му Негово Рождение,*
*Пречиста и Хиландар потстрижение,*
*Лешок му е негооо воспитание,*
*Под плочава негоо почивание*
*Од негово свое отшествие,*
*До Христово второ пришествие*
*Молит вас браќа негои љубимија*
*Хотјаштија прочитати сија*
*Да речете: „Бог да би го простил*
*зере у гроб црвите ги гостил*
*Овде лежи кирилово тело,*
*у манастир и у Лешок село*
*Да Бог за доброе дело.*

Ова е, како што се гледа, личен епитаф на јеромонахот Кирил, кој во неколку реченици ја изнел својата нецелосна биографија. Теарце е негово родно место за што самиот зборува во еден ракопис од Лешочкиот манастир: *„Аз недостоини во еромонасех Кирил, родум од Тетовскога, од Долнога Полог, от село Теарце...“*. Пречиста е манастирот кај Кичево каде што Кирил станал јеромонах, односно го примил свештеничкиот чин. Хиландар е негово *„потстрижение“*, односно манастирот Хиландар на Света Гора атонска е местото каде бил потстрижан за монах и каде ги положил монашките завети. Лешок е негово *„воспитание“*, таму тој имено научил да чита и да пишува, таму најдолго време живеел и најпосле во Лешок: *„Под плочава негово почивание“*, каде што како добар христијанин и монах ќе го очекува Второто Христово доаѓање.

Во последниот дел од епитафот, стихот *„Зере у гроб црвите ги гостил“*, предизвикал контроверзност кон основаниот предлог Кирил Пејчиновиќ да биде канонизиран за светител. Сепак, сметаме дека овој стих воопшто не треба да биде пречка за канонизација за што има две објаснувања, односно толкувања. Прво, овој стих може да се толкува како стих со длабока аскетска содржина, бидејќи, „зере у гроб црвите ги гостил“ укажува на тоа дека телото по смртта се распаѓа што е непобитен факт, сходно на тоа нема ништо нехристијанско и неевангелско конкретно во овој стих. Кога ќе се види епитафот во целост, се гледа дека јеромонахот Кирил бара другите генерации да го спомнат и да се помолат за покој на неговата душа, и ја изразува својата надеж и вера во Второто Христово пришествие.

Игумен Теодосиј, старешина на Лешочкиот манастир, ни потврди дека Македонската Православна Црква, повела иницијатива за графолошко испитување токму на овој стих, затоа што како второ толкување на овој стих се пројавува сомнежот дека е подметнат и дека не бил издлабен од рацете на јеромонах Кирил. Ако тоа научниците го докажат, а графолошките испитувања ја потврдат спорноста на авторството, тогаш сосема е отворен процесот за негова канонизација и вбројување во диптихот на светиите. Но,





повикувајќи се пак на аскетската смисла на овој стих, ние сметаме дека и без тоа патот е отворен.

Во проучување на животот и делото на Преподобниот Кирил Пејчиновиќ, најмногу работел академик Харалампие Поленаковиќ. Тој уште пред седумдесетина години на еден научен собор ќе изјави: „Спорниот дел од епитафот бил подметнат од неговиот ученик и соселанец јеромонахот Арсениј од родното село Теарце“. Според Поленаковиќ, во текстови на Арсениј на две места се наоѓаат такви слични содржини: *„Сех октоих мое Арсенија, кој ќе го прочита да рече Бог да го прости, зере у гроб црвите ги гостит“*. Сличен натпис на плоча има и на гробот на игуменот Самоил од Варвара. Поленаковиќ бил со тврдење дека оваа надгробна плоча се наоѓа покрај олтарот на црквата „св. Богородица“.

Илија Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, во својот заеднички труд „Лешочкиот манастирски комплекс“ ќе констатираат дека: „Јеромонахот Арсениј бил мошне писмен и талентиран човек за тоа време. Но, во Лешочкиот манастир цело време бил во сенка на веќе славниот игумен јеромонахот Кирил“. Борис Момироски пак, професор во пензија, наоѓа дека „Арсениј најверојатно бил љубоморен што не ја поседува Божјата дарба, моќта на исцелителство што ја поседувал јеромонахот Кирил“.

За игуменот Кирил Пејчиновиќ наоѓаме дека починал на 25 (12 март) 1845 година во Лешочкиот манастир. Погребан бил во тогашните манастирски гробишта во Лешок. Доколку се изврши детална графолошка анализа можеби ќе се потврди сомнежот, дека последните стихови не се на јеромонахот Кирил. Ова го потврдува претходно и Б. Корубин кој забележува дека на плочата се забележуваат подоцнежни интервенции, односно траги од претходно избришаниот текст. Отецот Кирил на десетина години пред својата смрт, уште додека бил жив и „при памет“, како што се вели, сигурно не би се впуштил во богохулна теорија дека црвите во гроб ќе ги гости. Ниту со еден негов збор, ниту со еден негов потег во животот не го навестил тоа. Едноставно не е можно Великиот Кирил, кој целиот свој живот го посветил на создавање на големи дела по кои ќе остане запаметен, да напише такво неверство врз себе.

Сите индиции наведуваат на фактот дека делумен, ако не и целосен автор на епитафот на неговиот гроб е неговиот долгогодишен соработник и соселанец Арсениј- Марко од Теарце. Ако се земе во предвид и фактот дека јеромонахот Арсениј по смртта на јеромонахот Кирил се вратил и останал во Лешочкиот манастир, тогаш постојат големи шанси за тој да извршил извесни дополнувања на епитафот, односно да го додал тоа за „црвите“, а во стихот „овде лежи Кирилово тело у манастир и у Лешок, да Бог да за доброе дело“, ја покажал својата поетска дарба. Како и да е, и која теорија да се прифати, дека стихот е аскетски и не е спротивен на монашкото предание, како и доколку се докаже втората дека тој е тенденциозно додаден, ни една ни друга не пречи на процесот за негова канонизација.



# ЈЕРОМОНАХ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ (1770/71 – 1845), КАКО ИГУМЕН НА МАРКОВИОТ МАНАСТИР И ПРОСВЕТИТЕЛ

Монахиња Илијана (Илкова),
игуманија на Марковиот манастир

*...не учихом во никое школо, ни па растјехом во њекија палати нашего јазика, ни во палати чуждија вјери, но от зачала и до ниње пребиваем во гурбетлук во место уничижении, во запустении свјатих церквеи и монастиреј...*

...од писмото на Кирил Пејчиновиќ
до Кнез Милош

Како игумен на Марковиот манастир во 1801 г. се споменува истакнатиот богомислител и духовен просветител, јеромонахот Кирил Пејчиновиќ.

Еден од пишаните извори кои го овозможуваат тој податок е неговиот запис испишан на горниот дел на западната страна од северозападниот столб, во внатрешноста на црквата, кој гласи:

„Кирил јеромонах, игумен недостоен, Марков манастир година 1801“.

Кирил Пејчиновиќ е роден околу 1770/71 година во тетовското село Теарце. Своето образование го стекнал во манастирските школи во „Пречиста Кичевска“ и во манастирот „Хиландар“ на Света Гора.

Во ова големо атонско духовно упориште, го примил монашкиот потстриг и јеромонашкиот чин и го добил името на големиот просветител Кирил.

На почетокот на XIX век се вратил од Света Гора во родниот крај.

Во својот животен пат по цркви и манастири, игуменот Кирил ќе помине околу 20 години од својот подвижнички живот токму во Марковиот манастир.

Дејноста што ќе ја изврши игуменот Кирил е мошне значајна за Марковиот манастир во тој период; имено, неговото доаѓање во Марковиот манастир подразбирало обнова на дотогаш запуштениот манастир.

Откако ги обновил манастирските конаци и ја довел во добра положба манастирската економија и материјално го осигурал манастирот, тој се зафатил со средување на библиотеката. Собирал стари книги и ракописи од околните манастири.

Освен библиотеката, основал и манастирска школа, што значи дека активно работел на духовно и просветно издигнување на околното население, учителствувал и пишувал свои оргинални и компилаторски дела.

Како резултат на недостатокот од прирачни богослужбени книги, игуменот Кирил ќе ги задоволи своите духовни потреби и барањата на парохиското свештенство за прирачна книга.

Токму тука, во Марковиот манастир, тој ја напишал својата прва книга „Огледало“, која е испечатена во Будим, во Универзитетската печатница во 1816 г.

Освен „Огледало“, Кирил Пејчиновиќ ќе се запише како автор на следните дела: „Житие на кнезот Лазар“, со паметник за обновата на Лешочкиот манастир (1818), „Утешение грешним“ (напишано во 1831, печатено во Солун 1840); три писма до српскиот кнез Милош Обреновиќ (1832-1833) и сопствениот епитаф (1835).

Значајно дополнување на неговата биографија се и записите на ѕидовите и книгите во храмовите и манастирите, кои ги посетувал и каде што престојувал.

Во Марковиот манастир, освен автографот на столбот во внатрешноста на храмот, оставил и бројни пораки и податоци во ракописните книги, кои своевремено биле дел од збирката на манастирот.

## *ОГЛЕДАЛО*

Најзначајното дело на Кирил Пејчиновиќ е „Огледало“, кое во основата претставува прирачна свештеничка книга. Првиот дел го сочинуваат молитви и текстови со македонски народни црти, а вториот дел го сочинуваат беседите напишани на тетовски говор, со елементи на скопскиот и други македонски говори.

За популарноста на оваа книга зборува фактот што неа ја имал скоро секој свештеник во тоа време во Македонија и поради недостаток на печатени примероци, таа веднаш започнува да се препишува.

Но, длабоката и суштинска димензија која ја носи оваа книга е Кириловото богословие, просветувањето со сите свои импликации кои ги подразбира, а кои се предадени само преку Христовата вера и Православната Црква и Литургија, наоѓајќи ја својата смисла единствено преку Богочовекот Христос.

Делото и подвижништвото на игуменот Кирил ќе се вгради во богатата историја на знајни и незнајни подвижници, кои во бурните текови на историјата, во Марковиот манастир пронашле прибежиште и тло за духовна борба, под закрилата на светиот великомаченик Димитриј.





# HIEROMONK KIRIL PEJCINOVIK (1770/71-1845) AS HEGUMEN OF MARKO'S MONASTERY AND EDUCATOR

*...I did not attend any school, grow up in palaces of our language or palaces of alien faith, but from the beginning to the end I lived, wanderingin places undervalued, abandoned holy churches and monasteries...*

From the letter of Kiril Pejcinovik
to Serbian Prince Milosh

Famous God-thinker and spiritual enlightener, hieromonk Kiril Pejcinovik is referred as the hegumen of Marko's Monastery in 1801.

One of the written sources that provide this data is his inscription on the upper part of the western side of the northwest pillar, in the church's interior, which reads:

"Kiril hieromonk, hegumen unworthy, Marko's Monastery, year 1801".

Kiril Pejcinovik was born around 1770/71 in Tetovo village Tearce. He was educated in monastery schools in "Immaculate Mother of God Kicevska" and monastery "Chilandar" at Mount Athos.

In this great athonite spiritual stronghold he entered the monastic order and the hieromonk rank, and received the name of the great enlightener Kiril.

At the beginning of the 19th century he returned from Mount Athos to his native place.

During his lifetime of visits to churches and monasteries, hegumen Kiril passed about 20 years in Marko's Monastery. The work of hegumen Kiril is very significant

for Marko's Monastery at that time: namely, his arrival in Marko's Monastery resulted in its reconstruction.

After reconstructing the monastery shelters and improved the monastery economy, he started to take care of the library, collecting old books and manuscripts from the surrounding monasteries.

Besides the library, he established a monastery school, meaning that he actively worked in the spiritual and enlightening uplifting of the population in the area, served as teacher and wrote his own works and compiled collections.

As a result of the lack of ministering books, the hegumen Kiril would satisfy his spiritual needs and requirements of the parish priesthood for books.

He wrote his first book "Mirror" in Marko's Monastery, published in Budim-based university printing house in 1816.

Besides "Mirror", Kiril Pejcinovik is the author of the following works: "Life of Prince Lazar" with a chronicle on the reconstruction of the Lehok Monastery (1818); "Uteshenie Greshnim" (Solace of the Sinner), written in 1831, published in Thessaloniki 1840; Three letters to Serbian Prince Milos Obrenovic (1832-1833) and his own epitaph (1835).

Significant additions to his biography are the inscriptions on the walls and the books in temples and monasteries he had visited and resided in.

Besides the autograph on the pillar in the church's interior, he also left numerous messages and data in manuscripts, which had been part of the Marko's Monastery collection works and compiled collections.

### *MIRROR*

Kiril Pejcinovik's most significant work is "Mirror", which is a priest book. The first part is comprised of prayers and texts, with Macedonian folk traits, while the second part is comprised of sermons written in the Tetovo speech, including elements of the Skopje and other Macedonian speeches.

The fact that almost every priest at that time in Macedonia owned this book speaks of its popularity. Due to lack of printed copies, it was immediately rewritten. However, the deep and essential dimension of this book is Kiril's theology, the enlightenment, with all its implications, commended only through Christ's faith and the Orthodox Church and the Liturgy, finding its sense only through God-Man Christ.

The work and asceticism of hegumen Kiril is engraved in the rich history of known and unknown ascetics, who found sanctuary and ground in Marko's Monastery for spiritual struggle during the tempestuous course of history, protected by the holy Great Martyr Demetrius.







# БИБЛИОГРАФИЈА ЗА ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР, ЗА ЈЕРОМОНАХ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ И ЗА КИРИЛОВИТЕ ДЕЛА

проф. Илија Петрушевски

Библиографските единици во оваа библиографија се ексципирани од списанија каде се објавени трудови за Лешочкиот манастир, јеромонах Кирил Пејчиновиќ и неговите дела, потоа монографии, и од дневни, неделни и месечни весници.

Во монографските трудови што се од културната историја, има наслови и поднаслови што се посветени на Манастирот и на Кирил Пејчиновиќ и неговите дела. Затоа, овие монографии се евидентирани како библиографски единици. По проценка на авторот, од некои монографии и собрани документи се извлечени насловите што се однесуваат на Лешочкиот манастир и Кирил како посебни библиографски единици, како што е случајот со трудовите од списанијата.

Каде што има така-наречени ,,сокриени" библиографски единици, односно текстови што се вметнати во други текстови, и како такви тие се губат, а се од особен интерес да бидат регистрирани во библиографија. Во ваквите случаеви се дава наслов во заграда со цел да се разоткрие за што се однесува текстот. Некои библиографски единици што се со нецелосни и нејасни податоци во текстот во заграда се додава дообјаснение. Кај некои библиографски едници на крајот се дава анотација, како дообјаснение.

Сите библиографски едници есцепирани од монографските трудови, по извлечениот наслов следат податоци за монографијата, како кај списанијата.

Трудовите објавени од двајца автори дадени се поединечно двата автори, првиот па вториот, со сите библиографски податоци за трудот. Кај вториот автор, после презимето следи зборот ,,види", па презимето од првиот автор, па следат сите податоци за трудот.

Во библиографијата се наоѓаат и фотокопии од раскопаната разурната црква на Манастирот од 14 век, копии од насловните страни на кириловите дела „Огледало" и „Утешение грешним", како и копии од записниците со кои е национализиран Манастирскиот имот во 1946 година.

Алексова, Б., Средно-вековните наоѓалишта во Полозите, ГИНИ БР. 1, 2007. Скопје, 1976;

Андонов Зоран, Започна реконструцијата на Лешочкиот манастир, Враќање, 03.07.2002. Тетово-Гостивар;

Андонов Зоран, Илија Петрушевски ја раскажува приказната за св. Атанасиј. Руски калуѓер во 1927 година го откопал стариот манаститр во Лешок, Дневник, 04.02.2014. Скопје;

Апостоловски, Р., Отец Кирил Пејчиновиќ против сеуверието, ВМПЦ Бр. 1. Скопје, 1972, 24;

Апостоловски, Р., Откриен споменик на лешочкиот егумен Кирил Пејчиновиќ Тетоец, ВМПЦ Бр. 3-4. Скопје, 1974;

Архимандрит Методије, Манастир св. Атанасија (М. Лешак Лешочки манастир). Црква и живот, Бр. 1 и 2. Скопље 1923, 41;

Ачкова, В., Предговор кон трудот на Трајковски, Н., Руско монаштво во Македонија во 20 век, Портал. Гласник на македонски духовни конаци бр. 27-28. Скопје, 2010;

Балабанов К., Извештај за состојбата на Кириловиот гроб и црквата св. Богородица во 1958 година, Архив на Македонија, Подрачно одделение, Тетовска околија. Кут. Бр. 25;

Балабанов К., види Николовски;

Баждаровь, Вь Лешочкия манастир изь Македонската земја. София, 1926, 52;

Бачински, А., Кирил Пејчиновић-Тетоец. Луч, Бр. 6-7. Скопље 1937, 250;

Београдски митрополит Петар Јовановић-Попечитељству просвете. Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, Том I, кн. II (1849-1856). Београд, 1979, 171;

Писмо од Министерството за просвета во врска со писмото од Серафим испратено по својот брат јеромонах Јаков;

Булевски Ј., види Пашковски, С., како чланови ЦК села Лешка и Слатине код Тетова оцењују узрок последице масовне туче дечака Албанаца и Македонаца (во Манастирот). Вечерње новости, 14.09.1985. Београд, 11;

Вакарелски, Х., Народнията бить вь Огледалото на Кириль Пејчиновичь. Македония: художествено научно популярно списание, февруари Скопје, 1943, 24;





Варварски чин на талибански начин – Ганка Самоиловска Цветанова. Дневник, 22.08.2001;

Велев, И., Преглед на средновековните цркви и манастири во Македонија. Скопје, 1999;

Велике свечаности у Манастиру Лешку. Глас полога, 2.09.1939. Тетово;

Велика народна свеченост у селу Лешку. Политика, 29.08.1932. Београд, 8;

Вељановски, Н., Економско зајакнување на манастирот Лешок во времето на Пејчиновиќ. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1973, 13;

Волињец, Р., види Томоски, К. Стари објекти во село Лешок. Скопје, 1970;

Griesebach, A., Reise dureh Rumelien und nach Brussa im Jahre 1839 Band 2. Gottingen, 1841, 278;

Герасимов, Љ., Еден непознат современик на Кирил Пејчиновиќ. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1973, 33;

Дракул, С., (Податоци за сардисување на Манастирот). Македонија меѓу автономија и дележот, Том IV. Скопје, 1998, 339;

Геров, Т., Манастир св. Атанасий надь, Лешокъ; Манастирьотъ св. Богородица въ с. Лешокъ; Народни будители и Кирил Пейчиновичъ. При Шар. София 1924, 27, 44;

Грујић, Р., Полошко – тетовска епархија и Манастир Лешак. ГСНД, кн. XII. Скопље, 1933, 44;

Гурјић, Р., Скопска митрополија: (Лешочкиот Манастир) Скопље, 1935, 101;

Дамјановски, Ј. види Стефановски Ж., Сардисале, сардисале лешочкиот Манастир. Нова Македонија, 19-26. 07.1971. Скопје, 1971;

Детал од Портата на Манастирот св. Атанас с. Лешок-Тетово. Македонија (списание) бр.154, февруари. Скопје, 1966, 6;

Димевски, С., (Мито Аврамовски предложен за епископ во Р.М) Историја на Македонската православна црква, Скопје, 1989, 1058;

Димевски, С., Кирил Пејчиновиќ-Тетоец. Историја на Македонската православна црква. Скопје, 1989, 334-337;

Дракул, С., Копија од извештајот од конзулот во Ушкуб, надзорниот советник Белјаев, до Г. Руско-императорскиот вонреден и полмоштен посол во Константинопол од 10 Октомври 1905 г. Н 160. Дукументи за Македонија од автономија до дележот. Скопје, 1998. 45-339. (Судски процес на затворените по повод сардисување на Манастирот, 1905);

Државни савет кнезу Александру Карађорђевићу. Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, Том I, кн., II (1849-1856). Београд, 1979, 175. (Државниот совет го известува кнезот Александар Караѓорѓевиќ за добиено писмо од лешочкиот игумен Серафим);

Ѓеорѓиев, К., (Убиството на лешочкиот егумен Езекил). Филетизам или проклетство. Скопје, 2006, 236. Види Станоевски Ц.;

Ђоровић. В., Рад Р. Груића, Полошко - тетовска епархија и Манастир лешак. Југословенски историски часопис (критика). Свеска 1 и 2. Љубљана-Загреб-Београд, MCM XXXV (1935), 118;

Евангелисана обновената манастирска црква во Лешок. Утрински весник. Скопје, 15.10.2007. (натписот е илустриран);

Etemi, Syrja, Rretlimi i Manastirit „shën Athanasi“ të Leshkës. Sllatina (monografi). Tetovë, 2005, 39-43;

Ефтоски, Гојко, Сондажни истражувања на стариот манастир, Утрински весник, 31.07.2008, Скопје, 14;

Ефтоски, Гојко, Кирил Пејчиновиќ е автор на манастирскиот поменик. Утрински весник, 29.07.2010, Скопје, 14;

Ефтоски, Гојко, Игуменот Хаџи Езекил ќе добие спомен соба во Св.Атанасија. Утрински весник, 16.08.2010, Скопје, 15;

Ефтоски, Гојко, Епитафот на Пејчиновиќ ќе се испитува графолошки. Утрински весник, 09.09.2010, Скопје, 16;

Ефтоски, Гојко, „Стар манастир“ над Лешок: Руина наместо светилник. Утрински весник, 5-6.04.2014, Скопје, 32;

Ефтоски, Гојко, Осумвековен православен сведок. Утрински весник, 4-5.07.2015, Скопје, 29;

Ефтоски, Гојко, Малку познато за игуменот од Теарце. Утрински весник, 25-26.07.2015, Скопје, 29;

Ефтоски, Гојко, Литературното творештво на Кирил Пејчиновиќ – вечно наследство. Утрински весник, 26-27.12.2015, Скопје, 29;

Ефтоски, Гојко, Двеста години на „Огледало“ од Кирил Пејчиновиќ. Утрински весник, 3-4.12.2016, Скопје, 21;

Ефтоски, Гојко, Исчезнати или разурнати манастири и цркви во Долнополошко. Утрински весник, 24-25.09.2016, Скопје, 28;

Зачувани податоци и спомени за Кирил Пејчиновиќ. Нова Македонија, 26.08 до 29.08.1971 Скопје, 1971;

Зошто пропаѓаат културно-историските споменици. Загрозен споменик (во Лешок), од XIV век. Хоризонт, бр. 11, 22.08.1956. Скопје, 8;

Иванов Й., Български старини изъ Македониа. XV Тетовско. София, 1931, 89-102;

Игуман Лешачкок Манастира Серафим – Књазу Александру Караѓорѓевиќу. Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија. Том I, кн. II (1849-1856). Београд, 1979. 165. Копија од писмото на ст. 120;

Игуман Кирил Пејчиновић-кнезу Милошу Обреновићу. Граѓа за историјата на македонскиот народ, Том I, кн. I. (1820-1848) Београд, 1979, 95. Прво писмо испратено во март 1833 копија од него на стр. 96/II. Цртеж од Кирил на стр 96/I;

Игуман Кирил Пејчиновић кнезу Милошу Обреновићу. Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија. Том I, книга I (1820-1848). Београд, 1979, 102. Второ писмо примено 15 ноември 1833;

Игуман Манастира св. Атанасија, Серафим-Београтском митрополиту Петру Јовановићу. Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, Том I кн. II (1849-1856) Београд, 1979, 186. Писмото го однел јеремонах Јаков;

Изјава на Лулков Трифунов Филип, комита на Тетовско–гостиварската чета на Никола Панов Гостиварче по повод Сардисување на Лешочкиот





Манастир 1905. Државен Архив на Македонија. Извршен совет. Одбор за илинденски пензии, фонд 159 ак. 20 бр. 62;

Извештај протајереја тетовского извршеном прегледу по парохијама црквама свештенства у срезу Доњополошком и граду Тетову у току месеца септемвра 1925 године, Црква и живот бр. 3 и 4. Скопље 1926;

Илиевски, Д., Автокефалноста на Македонската православна црква. Скопје, 1972, 133. (Предлог за назначување на Мито Аврамовски за митрополит во Н.Р.М.);

Илиевски, П., Претходниците на Кирил Пејчиновиќ. ВМПЦ, бр. 1 и 2. Скопје, 1973, 54;

Јанкулоски, П., Прилог кон проучувањето на епитафот на К. Пејчиновиќ. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1973,63;

Јаќовски, В., Воспитните погледи на Пејчиновиќ во духот на Христијанството. Кирил Пејчиновиќ и неговото време Тетово, 1973, 87;

Јашар – Настева, О., „Седмогрехникот“ на Арсенија Марковиќ од Теарце. Бигорски научно–културни собири 1978-1979. Скопје, 1980, 69;

Јосифовски, Б., Кирил од Теарце Аризанов мучител. Нова Македонија, 4.04.1967. Скопје;

Јосифовски, Б., Македонски просветитељ Кирил Пејчиновић – Тетоец. Политика, 5.04.1953. Београд, 1953;

Јосифовић, Б., Манастир Лешак у подножју Шар-Планине. Време, 2.02.1936. Скопље, 9;

Камбаните бијат за единство. Вечер, Скопје, 15.10.2007 (натписот е илустриран);

Кнез Александар Карађорђевић-Попечитељству просвете. Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, Том I кн. II (1849-1856). Београд 1979, 176. Кнез Александар го известува Министерството за просвета за добиеното писмо од игуменот на Лешочкиот манастир Серафим;

Конески, Б., Крчовски–Пејчиновиќ. Избрани текстови, Скопје, 1963;

Конески, Б., Писмата на Пејчиновиќ до кнез Милоша. Македонски јазик бр.I. Скопје, 1956, 25;

Конески, Б., Предговорите кон книгите од Кирил Пејчиновиќ-Слово за празниците. Скопје, 1968, 9;

Конески, Б., Стихови на глас трпезачки. ГЗФФ/кн. 22. Скопје, 1970, 373;

Кочоски, В., Од буква до библиотека. Тетово, 2000, 21;

Корубин, Б., За текстот од надгробната плоча на Кирил Пејчиновиќ. Бигорски научно-културни собири (1978-1979). Скопје, 198, 103;

Костовски, А., Народното предание за Кирил Пејчиновиќ. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1973, 121;

Културно-просветната работа и улогата на Кирил Пејчиновиќ. Тетово и Тетовско низ историјата кн. I. Тетово, 1928, 226-230;

Лешок сведочи за доброто и злото на човекот. Дневник, Скопје,15.10.2007. (натписот е илустриран);

Лешочкиот манастир кренат во воздух, „ОНА“ пука во православието. Вечер, 22.08.2001, Скопје (текстот е со снимка од разрушената црква);

Лешочкиот манастир настрада од балканските талибанци. Нова Македонија, 22.08.2001, Скопје

Манастир лешак. Вардар, 10.07.1932. Скопље, 1932;

Матеска, Р., Последно сардисување на Лешочкиот манастир. Македонско сонце, 22.08.2003. Скопје, 36;

Меанџиски, В., (Мито Аврамовски) Жртва на комунистичко слепило. Епоха, бр. 1. од 5.10 1991. Скопје, 40;

Меморијален музеј на ,,дедо Кирил". Нова Македонија, 18.05.1967. Скопје;

Милош Обреновић-Игумену Кирилу. Граѓа за историјата на македонскиот народ. Том. I кн I. (1820-1848). Београд, 1979, 103;

Милковиќ-Пепек, П., Преглед на црковните споменици во Тетовската област од XI до XIX век. Споменик, Том. III. Скопје, 1989, 470;

Милковиќ-Пепек, П., Состојба и валоризација на црковните споменици и културата од XIV век до денес на територијата на Собранието на општина Тетово. Културно наследство бр. VI. Скопје, 1975, 90;

Миљковиќ–Пепек,П.,Црквата св. Атанасиј Александриски-крај на Манастирот лешок. Бигорски научно-културни собири, 1978-1979. Скопје, 1980, 237;

Минев, М., Прилог кон реконструкцијата на лектирата и библиотеката на Кирил Пејчиновиќ-Тетоец. Кирил Пејчиновиќ и неговото време, Тетово, 1973, 133;

Минирано манастирското светилиште „св. Атанасиј" во Лешок. Нова Македонија, 22.08.2001, Скопје (текстот е со снимка од разрушената црква);

Минирано манастирското светилиште „св. Атанасиј" во Лешок. Дневник, 22.08.2001, Скопје;

Михов, П., Кирил Пејчиновиќ. Нова Македонија, 20.07.1952. Скопје;

Мишеска Томиќ, О., Релативните реченици кај Крчовски и Пејчиновиќ. Бигорски научно-културни собири, 1978-1979. Скопје, 1980, 57;

Момировски–Лешанин Б., види Петрушевски, И., Лешочкиот манастирски поменик. Тетово, 2010;

Момировски, Б., види Петрушевски, И., Историско хронолошки приказ низ фотографии и дукументи на Лешочкиот манастир (Постојна изложбена поставка со каталог во манастирскиот конак Лешок), Скопје, 2000;

Момировски, Б., Кога и како е зачувано делото на Кирил Пејчиновиќ. Епитафот на надгробната плоча. Полог, Тетово, 1983;

Момировски, Лешанин, Б., Чисто огледало за Кирил Пејчиновиќ (1771-1841). Отвора училишта. Портал. Гласник на македонски духовни конаци, бр. 31-32. Скопје, 2012, 64;

Момировски, Лешанин Б., Огледало за Огледало од Кирил-Тетоец Пејчиновиќ. Скопје, 2006;

Момировски, Лешанин, Б., Чисто огледало за Кирил Пејчиновиќ чиј е еден стих во епитафот. Портал. Гласник на македонски духови конаци. бр. 27-28. Скопје, 2010, 71;

Осветена црквата во Лешок. Нова Македонија, Скопје, 15.10.2007 (натписот е илустриран);





Пурмовић, М., Попис цркава у старој српској држави. Скопље, 1938, 9;

Момировски, Лешанин, Б., Средба со времето. Скопје, 2014. (Стихозбирка со посветени 10 песни за Кирил Пејчиновиќ);

Момировски, Б., Моменти од работата на Кирил Пејчиновиќ-Тетоец. Македонски јазик, Скопје, 1977, 53;

Момировски, Б., Кирил Пејчиновиќ-живот и дело. Полог. Тетово, 1982. (Во неколку продолженија);

Момировски, Б., Од работата на Кирил Пејчиновиќ-Тетоец. Литературен збор, бр. XXII, кн. 2 Скопје, 1975, 57;

Најденовски, К., Тетово во минатото. Тетово, 1964, 49;

Николовски, А., Црквата св. Богородица-с.Лешок, Балабанов, К., Споменици на културата на Македонија. Скопје, 1980, 107;

Николовски, А., Црквата св. Атанасие-с. Лешок, Балабанов, К., Споменици на културата на Македонија. Скопје, 1980, 107;

Николовски, Ќ., Ќорнаков, Балабанов. Споменици на културата во С. Р. Македонија. Свети Атанасиј во Лешок, Скопје, 1971, 155;

Новаковић С., Законски споменици српских држави средњек века. Београд, 1912, 640. Запис за црквата св. Богородица во Лешок од 1326 и 1395 година;

Новаковић, С., Охридска Архепископија у почетку 11века. Глас СКА. LXXVI. Београд 1908, 48;

Одломак из книге ,,Огледало", Кирила Пејчиновића, игумена Манастира Лешка, штампане 1816. Глас Полога 19.09.1936. Тетово, 4;

Павловиќ, М., О лику Кирила Пејчиновиќа. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1973, 145;

Павловиќ, М., Следбеници Ћирила Пејчиновића-Тетовца. Глас југа 26.03.1941. Скопље;

Панов, Н., Туристичка валоризација на манастирите во Р.Македонија, Скопје, 1998, 25;

Патријарх Варнава осветио је јуче нову цркву Манастира Лешке, посвеќену цару Лазару. Време, 22.09.1936. Скопје;

Пауновска-Стевчевска, Б., Етнолошки елементи и мотиви во делата на Кирил Пејчиновиќ- Тетоец. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1973, 149;

Пашковски, С., види Булевски Ј., како чланови ЦК села Лешка и Слатине код Тетова оцењују узрок последице масовне туче дечака Албанаца и Македонаца (во Манастирот). Вечерње новости, 14.09.1985. Београд, 11;

Пејчиновиќ, К., Книга Сија зовомаја Огледало. Поучение свакому христијану. В. Будима града, 1816;

Петковић, П., Преглед црковних споменика кроз повесницу српског народа. Београд, 1950, 173;

Петреска, Д., Епитафот на Пејчиновиќ - песна врз каменот или камен врз песната. Спектар бр. 57. Скопје, 129-140;

Петрушевски, И., Момировски–Лешанин Б., Лешочкиот манастирски поменик. Тетово, 2010;

Петрушевски, И., (погрешно име Котески Борис). Вознемирени моштите на Кирил Пејчиновиќ. Вечер,11.07.1999. Скопје;

Петрушевски, И., Како настанала песната Сардисале Лешочкиот манастир. Нова Македонија, 18.02.1977. Скопје;

Петрушевски, И., Лешочкиот манастир св. Атанасиј. Мобилност (списание на инвалидите) Скопје, 2013.

Петрушевски, И., Избришани имињата на дарителот и Зографот (на иконата Кирил и Методиј) во капелата Кирил и Методиј во Лешочкиот манастир. Дневник.13.10.2007. Скопје;

Петрушевски, И., Манастир св. Атанасиј Лешок. ВМПЦ, бр. 1. Скопје, 1974, 12;

Петрушевски, И., Манастирскиот комплекс св. Атанасиј. Селото Лешок-Тетовско. Скопје, 2004, 259;

Петрушевски, И., Негрижа на археолозите. Вечер 19.10.1996. Скопје;

Петрушевски, И., Неодговорност кон културно-историските споменици. Вечер 11.02.1999. Скопје;

Петрушевски, И., Разурнати и неразурнати манастири и цркви во Полог. Скопје, 2000;

Петрушевски, И., Сабјата на ковачите од Варвара. Полог, 18.12.1980. Тетово;

Петрушевски, И., Сардисување на Лешочкиот манастир. Нова Македонија, 01.09.1974. Скопје;

Петрушевски, И., Момировски Б., Историско-хронолошки приказ низ фотографии и дукументи на Лешочкиот манастир (постојна изложбена поставка со каталог во манастирскиот конак)-Лешок. Скопје, 2000;

Петрушевски, И., Сардисување на Лешочкиот манастир. Селото Лешок-Тетовско. Скопје 2004, 148;

Петрушевски, И., Сто години од сардисувањето на Лешочкиот манастир св. Атанасиј ,,Егумене каде ти се комитите–бре султанум, овде комити нема“. Македонско сонце, 28.08.2005. Скопје,46;

Петрушевски, И., Судбоносните мигови на Лешочкиот манастир св. Атанасиј. ВМПЦ Бр. 4. Скопје, 1975, 126;

Петрушевски, И., Црквата во Лешок не му била посветена на кнез Лазар. Дневник, 31.12.2002. Скопје;

Петрушевски, И., види Светозаревиќ, Б., Лешочкиот манастирски комплекс, Скопје, 2001;

Петрушевски, И., Светозаревиќ, Б., (Далмант, братот на Пејчин, световното име му било Дојчин). Лешочкиот манастирски комплекс. Скопје, 2001, ст. 70 фус. 12, ст. 186 фус. 36 ст. 187;

Петрушевски, И., Црквата на Полошкиот епископ Јоаникиј. ВМПЦ, бр. 3, Скопје, 1973, 101;

Петрушевски, И., Уривање на Манастирската црква св. Атанасиј (2001). Селото Лешок-Тетовско. Скопје, 2004, 188;

Петрушевски, И., Светозаревиќ, Б., Лешочкиот манастирски комплекс, Скопје, 2001;





Петрушевски, И., Светозаревиќ, Б., (Судбоносните мигови на Кириловата надгробната плоча). Лешочкиот манастирски комплекс. Скопје, 2001, 79;

Поленаковиќ, Х., Две непознати лица на Кирил Пејчиновиќ и еден на Арсенија од Теарце. Нова Македонија, 04.06.1967. Скопје;

Поленаковиќ, Х., Животниот пат на Кирил Тетоец Пејчиновиќ. Просветно дело бр. 5-6. Скопје. 1967, 247;

Поленаковиќ, Х., За судбината на записите и написите од Кирил Пејчиновиќ. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1937, 153;

Поленаковиќ, Х., Кирил Пејчиновиќ во народното предание. Современост бр. 8, Скопје, 1958, 777;

Поленаковић, Х., Кирил Пејчиновић Тетоец у народном сећању. Глас Југа, 28.12.1940. Скопље;

Поленаковић, Х., Кирил Пејчиновић Тетоец и негово Утешение Грешним. Скопље, 1940;

Поленаковиќ, Х., Маченичката и предвремена смрт на Кирил Пејчиновиќ во еден чешки романтичен расказ. Разгледи, бр. 10. Скопје 01.06.1958, 1;

Поленаковоќ, Х., Никулци на новата Македонска книжевност. Скопје, 1973, 81;

Поленаковиќ, Х., Нови податоци за Кирила Пејчиновиќа. ГЗФФ. бр. I. Скопје, 1948, 55;

Поленаковиќ, Х., Прилози за запознавањето на Кирила Пејчиновиќа ГЗФФ. Скопје, Том. 5. Скопје, 1952, 1;

Поп Атанасов, Ѓ., Основен каталог на старословенски ракописи од Македонија. Спектор, бр. 4. Скопје, 1984, 179;

Поп Атанасов, Ѓ., Словенски ракописи од Македонија во музејот на Српската православна црква и во Српската патријаршиска библиотека. Историја, бр.2. Скопје, 1978, 141. (запис за сардисувањето на Манастирот);

Попечитељство правосуђа и просвете–Државном савету. Граѓа за Историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија. Том I. Кн. II (1849-1856). Београд, 1979, ст. 173. (Судска постапка по испратеното писмо од Серафим до белградскиот митрополит Петар Јовановиќ);

Почетоци на преродбата во Македонија: Книжевност (Кирил Пејчиновиќ). Историја на македонскиот народ, книга втора, 1969, 38;

(Пејчиновиќ) Јерамонах Кирил, Утешение грешним. Солун, 1840. (Житието на кнез Лазар);

Протокол за национализација на манастирскиот земјиштен имот од страна на Аграната комисија на 7. II 1946, види Управа;

Пурковић, М. Ал., Српски епископи и митрополити средњег века. Библиотека Хришћанског дела, кн. 6. Скопље, 1938, 41;

Пътровъ Ѓ., Материјали по изучването на Македония. Села во Тетовската Каза. София, 1896 431;

Раденић, А., Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903-1919, књ. I св. II. Београд, 1998, 408;

(Разурната манастирската црква во Лешок 2001). За сите тековни настани од почетокот на март до крајот на септември 2001 година, се забележани во сите дневни и неделни весници, Нова Македонија, Вечер, Дневник и др.;

Собор тетовског Манастира Лешка. Не очекувана посета преко 20.000 поклоника из целог Полога, Скопља и других места. Глас Полога, 09.09.1938, Тетово;

Самарџиев, А., Голем собир во Лешочкиот манастир. Илјадници верници ги чествуваат Свети Атанасиј и Кирил Пејчиновиќ. Време, 16.05.2005. Скопје, 5;

Сардисале сардисале Лешочкиот манастир. Народни песни од Тетово. Тетово, 1972, 50;

Светозаревиќ, Б., Осврт кон националната дејност на егуменот Езикил во Лешочкиот манастир (1878-1898). ГИНИ, бр. 2. Скопје, 1998, 137;

Светозаревиќ, Б., Српската и Бугарската црковно–училишна пропаганда во Тетово и Тетовско. 1860-1903. Скопје, 1996, 44;

Светозаревиќ, Б., види Петрушевски, И., Лешочкиот манастирски комплекс, Скопје, 2001;

Светозаревиќ, Б., види Петрушевски, И., (Далмант, братот на Пејчин, световното име му било Дојчин). Лешочкиот манастирски комплекс. Скопје, 2001, ст. 70 фус. 12, ст. 186 фус. 36 ст. 187;

Светозаревиќ, Б., види Петрушевски, И., (Судбоносните мигови на Кириловата надгробна плоча). Лешочкиот манастирски комплекс. Скопје, 2001, 79;

Светозаревиќ, Б., Столе Јовановски-Жилечки. Тетовски споменар 1919-1941. Тетово, 1999, 207;

Свеченост по повод преместувањето на Кириловите мошти. Нова Македонија,4.05.1967, Скопје;

Селищев. Полог и его болгарское население. София, 1929;

Сензација, неодговорност или само недоволна грижа: мал коментар околу кражба на фреска во црквата св. Атанасиј кај Лешок и нејзиното пронаоѓање. Нова Македонија 01.07.1958, Скопје;

Seraphinoff, M., The 19th Century Macedonian Awakeining, A. Study of the Life and Works of Kiril Pejcinovich. (Sietel,1999);

Серафимов, Л., Кирилъ Йеромонахъ Пейчиновичъ и манастира му св. Атанасий, Пловдивъ, 1900;

Серафимовъ, Л., Тетовско и Дѣцитѣ по възраждението му. Пловдивъ, 1900, 28;

Серафимовски, Зевс, З., Јеромонах Аризан Марко (од родот) Зургуљој (во Теарце). Од Руништа и Атушишта до денешно Теарце (1452-2006). Тетово, 2007, 130-133;

Серафимовски, Зевс, З., Надгробната плоча со епитафот во спомен собата во Лешочкиот манастир. Од Руништа и Атушишта до денешно Теарце (1452-2006). Тетово, 2007, 128;

Серафимовски, Зевс, З., Литературно читање пред спомен плочата на местото на родната куќа на Кирил Пејчиновиќ. Од Руништа и Атушишта до денешно Теарце (1452-2006). Тетово, 2007, 125;





Серафимовски, Зевс, З., Истакнати теарачани преродбеници. Кирил Пејчиновиќ Тетоец. Од Руништа и Атушишта до денешно Теарце (1452 до 2006). Тетово, 2007, 119;

Серафимовски, Зевс, З., Гробот на Кирил Пејчиновиќ во Лешок-Епитафот. Од Руништа и Атушишта до денешно Теарце (1452-2006). Тетово, 2007, 126;

Снѣгаровъ, И., История на Охридската Архепископия-Патриаршия. VIII Тетовски (округ). София, 1932, 452;

Славева, Л., Грамоти, записи и друга документарна граѓа за манастирите и црквите во Полошката област и соседните краеви. Споменици за средновековната и понова историја на Македонија, Том III. Скопје, 1980;

Стаматоски, Т., Именскиот фонд во Лешочкиот поменик. Македонски јазик. Скопје, 1983, 115;

Стаматоски, Т., Кон графискиот систем на Пејчиновиќ. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1973, 169;

Станоевски, Ц., Како ја видоа Македонија (Руски публикации за Македонија 1818-1913). Патување во Тетово. Скопје, 1978, 89;

Станишева, Г., Физичко-хемиските и технолошките карактеристики на архитектурата и фрескоживописот од црквата св. Атанасија, Лешок. Културно наследство, XXII (1995/6). Скопје, 1997, 225;

Стара мастилница и книга од Манастирот св. Атанас с. Лешок-Тетовско. Македонија, 15.03.1965, Скопје, 12;

Стефанија, Д., Некои лексички елементи во делата на Кирил Пејчиновиќ. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1973, 181;

Стефановски, Ж., Дамјановски, Ј., Сардисале, сардисале Лешочкиот манастир. Нова Македонија, 19-26.07.1971. Скопје, 1971;

Стефановски, Ж., Лешочкиот собир - атрактивна туристичка приредба. Нова Македонија. 01.09.1966, Скопје;

Терористите ја урнаа црквата во Лешок. Утрински весник, 22.08.2001, Скопје;

Терористите го сардисаа Лешочкиот манастир. Утрински весник, 22.08.2001;

Терористите ја кренаа во воздух црквата во Лешочкиот манастир. Дневник, 22.08.2001 (текстот е со снимка од разрушената црква);

(Тепачка во Лешочкиот Манастир 27.08.1985). Судски епилог летошњег инциндента у селу Лешку код Тетова. Осуђени актери. Вечерне новости, 01.02.1986, Београд, 1986;

Тетовско архиејско наместништво, Архив на Македонија, к1-11;

(Тепачка во Лешочкиот Манастир 27.08.1985). Чудни совпаѓања. Комунист 6.09.1985. Скопје, 3;

Тепачка без непријателски цели (Детали за тепачката меѓу малолетници од албанска народност и Македонци кај Манастирот Лешок). Нова Македонија, 31.08.1985. Скопје, 12;

Тодоровић, М., Игуманова уједурма. (Кирил Пејчиновиќ). Политикин забавник, 5.11.1967. Београд, 23;

Томовски, К., Волињец Р., Стари објекти во село Лешок. Скопје, 1970;

Традиција што се повторува. Трета меѓународна средба на Литературните преведувачи во Лешок и Тетово. Нова Македонија, 29.08.1974. Скопје, 1974;

Трајковски, Н., Игумен, Руско монаштво во Македонија во 20 век. Портал. Гласник на македонски духовни конаци бр. 27-28. Скопје, 2010, 10-40;

Трајковски, Н., Валаамските монаси 1925 го населија Манастирот св. Атанасиј-Лешок. Поднаслов во трудот - Руско монаштво во Македонија во 20 век. Портал. Гласник на македонски духовни конаци бр. 27-28. Скопје, 2010. 20-25;

Трајковски, Н., Руско женско монаштво. Поднаслов во трудот - Руско монаштво во Македонија во 20 век. Портал. Гласник на македонски духовни конаци бр. 27-28. Скопје, 2010, 33-40;

Трајковски. Н., Руските светогорци и останати руски монаси. Поднаслов во трудот - Руско монаштво во Македонија во 20 век. Портал. Гласник на македонски духовни конаци бр. 27-28. Скопје, 2010, 27-32;

Трайчевъ, Г., Манастиритѣ въ Македония (Тетовско св. Атанасий Лешочки. Софија, 1933, 73;

Трифунов Брезјанин Р., Народниот лекар од Теарце. Нова Македонија. Скопје, 04.06.1967, Скопје, 1967;

Ќорнаков, Д., Лешочкиот македонски манастир. Манастирски цркви св. Атанасије и св. Богородица. Македонски манастири. Скопје, 2009, 61-65;

Ќорнаков, Д., види, Николовски;

Умро је изасланик Манастира Лешка. Отац Теодорит који је откопао стару манастирску цркву. Време, 25.02.1939, Скопље, 8;

Управа на Манастирот св. Атанасиј Лешок. Архив на Македонија, Скопје, Ф 175 (1887-1914), К 1м. бр. 51/1918., 133/1919., 1/1920., 40/1920., 58/1920., 65/1920., 191/1920;

Управа на Манастирот св. Атанасиј с. Лешок. Архив на Македонија. Подрачно одделение. Тетово, кут. бр. 1;

Уривањето на Лешочкиот манастир; Удар за македонската држава. Нова Македонија, 22.08.2001, Скопје;

У Тетову се свечано прославила стогодишница смрти Кирила Пејчиновића, обновитеља Манастира Лешка. Време, 25.05.1938, Скопје, 9;

Хаџи Василевцић, Ј., По тетовској области. Београд, 1938, 37;

Хаџи Василевић, Ј., Патријаршисте и егзархисте у Скопској епархии. Бразство, XXIX. Београд, 1938, 49;

Цонев, Б., Поменик на лешочкия Манастиръ св.Атанасия (Македония) век XIX. Опис на Славянските ръкописи въ Софийската народна библиотека, том II 821(460). София, Ст.506-511;

Шакота, М., Дечанска ризница историјат Ризнице. Београд, 1984, 58 (Полошкиот епископ Никомир бил поканет на свеченостите во Дечани);

Шеќеровска М., Лешок во Монографија: Неуништив чувар на вековните корени. Старт, 20.01.2004, Скопје, 54;

Шопов А., Живота на Кирилъ Пейчиновићъ. Изъ новата История на Българитѣ въ Турция. Пловдив, 1905, 27;

Шопов Д., Псалмите во поучение свакому христијану од Кирил Пејчиновиќ. Кирил Пејчиновиќ и неговото време. Тетово, 1973, 203;

Ястребив, С., Стара Србия и Албания., Тетово и Гостивар. Споменик СК. А. XLI. Београд, 1904, 115;

Юришић, Г., Дечански прvenац. Нови Сад, 1852, 107;









# ЦРКВАТА „СВЕТИ АТАНАСИЈ“ ВО ЛЕШОК: ТИПОЛОГИЈА, ХРОНОЛОГИЈА И СТРУКТУРЕН ДИЗАЈН

проф. д-р Елизабета Димитрова

*Трудот ги анализира достапните податоци кои би можеле да ја прецизираат хронологијата на црквата посветена на Свети Атанасиј Александриски кај селото Лешок и ја анализира нејзината типолошка структура во рамките на архитектонскиот развој на сакралното наследство од XIV столетие.*

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:**
Свети Атанасиј - Лешок, крстообразни цркви, архитектонска основа во вид на слободен крст, Долнополошка епископија, Долнополошки епископ Јоаникиј.

Кога се зборува за македонското културно наследство, неодминливо се споменува неговото исклучително значење за дефинирањето и детерминирањето на македонскиот културен идентитет, бидејќи наследството претставува негова најнепосредна потврда со аргументот на хронолошката доследност, со референцата на историската непобитност, со фактот на милениумското опстојување и со естетските квалификативи на изведбата. Тоа, се разбира, не може никој да го оспори со оглед на културната мапа на македонското поднебје на која се обележани стотици археолошки локалитети, сакрални споменици, ликовни дела и продукти создадени во нематеријалната сфера на наследството. Еден голем дел од репрезентативната историска оставнина и припаѓа на ризницата на средновековното градителско и ликовно наследство која ја рефлектира гламурозната димензија на византиското уметничко творештво, овоплоте-

но во автентични архитектонски матрици на сакралните зданија и инвентивни фрескоаранжмани, исполнети со иконографски иновации, стилски бравурози и вистински естетски парадигми.

Ваквите ориентири во генералната дескрипција на македонскиот средновековен културен и уметнички трезор би имплицирале негово вреднување според највисоките класи на естетските принципи важечки за евалуација на византиското наследство од визуелната сфера; со други зборови, ликовните продукти кои на македонското подрачје биле создадени во текот на средновековната епоха заслужуваат посебен третман како автентични примероци на една инспиративна и имагинативна творечка амплитуда во доменот на нивното проучување, толкување и претставување, како и во сферата на нивната непосредна заштита. Тоа, исто така, никој не може да го оспори. Сепак, реалната ситуација не соодветствува на потребите и можностите за истражување на наследството (од причини кои понекогаш се реални, а многу почесто апсурдни), а кога станува збор за заштитата – приоритетите и се познати на теориската мисла, но речиси никогаш, особено во последните години, не се спроведуваат во реалните димензии на она што треба, а најмалку на она што мора (според принципот - едно е дискурсот, друго е практиката).

Во тој контекст, кога ќе се погледне големата слика на македонското културно наследство од средновековниот период, може да се констатираат три кластери на споменици: прва група – монументи за кои е побарана финансиска и логистичка помош од меѓународните институции и организации кои ја менаџираат заштитата во state of the art форма, без оглед на резултатите или успешноста на имплементацијата (на пример Света Богородица Перивлепта, Свети Ѓорѓи во Старо Нагоричино), споменици во кои се вложени буџетски средства неопходни за ревитализација, реструктурализација и посоодветна презентација (на пр. Успение Богородично во манастирот Трескавец) и дела кои пропаѓаат полека и секојдневно, лизгајќи се кон сенката на она што некогаш биле, т.е. драматично напуштајќи го нивниот некогашен ликовен сјај (на пр. Света Богородица – Матејче, Свети Ѓорѓи – Курбиново). Сепак, постои и една четврта (за среќа малубројна) група на споменици – уметнички продукти заборавени од сите, напуштени до крајно несеќавање, визуелно обезвреднети и препуштени на немилосрдниот амбис на историската damnatio memoriae. Во таа несреќна, одамна напуштена и неправедно запоставена споменична група спаѓа и црквата Свети Атанасиј кај тетовското село Лешок.

Црквата посветена на архијерејот Свети Атанасиј Александриски, чии остатоци се третираат безмалку како дел од манастирскиот комплекс во Лешок, е откриена со археолошките истражувања на еминентниот професор на белградскиот, а потоа и на скопскиот Филозофски факултет, Радослав Груиќ[1]. Иако искусниот Грујиќ не успеал да го определи прецизниот хронолошки хоризонт на градењето и живописувањето на старата Лешочка

1 Грујић, *Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак*, Гласник Скопског Научног Друштва XII, Скопље 1933, 33-65.





црква, пред се, поради недостатокот на plоаргументирани историски податоци и релевантни информации, тој укажал на значењето на храмот како седиште на епископските првенци од Долнополошката диецеза, со што го вброил овој споменик меѓу репрезентативните дела од доцновизантиската епоха кои имале особена црковно - институционална позиција во еклисијастичката хиерархија на македонскиот среден век. Исто така, Грујиќ ги препознал автентичните архитектонски белези на зданието, ја одбележал врската на црквата со некои од спомениците изградени и декорирани со камена пластика во првата половина на XIV столетие и упатил на времето кога манастирот, чиј интегрален дел бил Лешочкиот храм, останал без своите привилегии и бил напуштен од манастирските жители засекогаш.

Она што единствено стои на располагање како фундамент во потрагата по хронолошкиот идентитет на црквата Свети Атанасиј Александриски е натписот на капакот од мермерниот саркофаг во кој бил погребан ктиторот на храмот, јеромонахот Антониј. Мошне парадниот текст исклесан врз капакот на саркофагот не содржи ниту една година, но затоа ги набројува тројцата српски суверени кои владееле со Македонија, секој во своето време. Со оглед на тоа што прв во редоследот на владетелите на Полошкиот регион, каде храмот бил изграден, е споменат кралот Милутин (пред неговите наследници – кралевите Стефан Дечански и Душан), извонредните познавачи на средновековната архитектура – Александар Дероко[2] и Слободан Ненадовиќ[3] сепак не успеале да ја заобиколат замката на „идеолошко заведување по принцип на историско име“, датирајќи ја градбата во првите две децении на XIV столетие. Нешто повнимателен во однос на временското определување на градбата на Лешочката црква е не помалку искусниот Ѓурѓе Бошковиќ, кој, врз основа на анализата на нејзиниот архитектонски композит и архаичната форма, го датира зданието рамковно во првата половина на XIV век[4]. Истражувајќи ја декоративната пластика во Лешочкиот храм и нејзините компаративни примери, Константин Петров ја датира градбата на овој сакрален објект во периодот 1320-1331 година[5], додека професорот Петар Миљковиќ-Пепек, секогаш интуитивен, но и претпазлив, хронолошкиот дијапазон на црквата го заокружува со 1335 година, врз основа на аналогните парадигми од поширокота територија на Балканот[6]. Овој датум, без поголема аргументација, го прифаќаат и останатите искусни проучувачи на средновековното културно наследство[7].

Следејќи ги хронолошките карактеристики на црквата предложени од споменатите еминентни проучувачи на македонското културно наследство, се чини (намерно или случајно) дека нивните идеи околу временската

2 А. Дероко, *Споменици архитектуре IX – XVIII века у Југославији*, Београд 1964, 64.

3 С. Ненадовић, *Богородица Љевишка*, Београд 1963, 158.

4 Ђ. Бошковић, *Архитектура средњег века*, Београд 1976, 142.

5 К. Петров, *Декоративна пластика од XIV век во Македонија*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 15, Скопје 1963, 240-259.

6 П. Миљковиќ-Пепек, А. Николовски, *Состојбата и валоризацијата на црковните споменици на културата од XIV век до денес на територијата на Собранието на општината Тетово*, Културно наследство VI, Скопје 1975, 89.

7 Д. Ќорнаков, *Македонски манастири*, Скопје 2009, 62.

рамка во која храмот би можел да биде изграден го покриваат периодот на владеењето на тројцата кралеви, чии имиња се испишани во ктиторската порака оставена врз капакот на мермерниот саркофаг. Сепак, димензиите на градбата (или она што е преостанато од неа), нејзините просторни решенија и начинот на нејзината изведба не реферираат кон толку долг хронолошки дијапазон на изградба, којшто би опфаќал период предоволен за да се подигне многу поголемо, пораскошно и покомпликувано здание од Лешочкиот храм. Оттука, именувањето на тројцата српски кралеви не би требало да се сфати како хронолошка упатница кон оперативните активности поврзани со градбата на храмот, туку како протоколарен начин на традиционална почит кон „гувернерите” на територијата на којашто манастирот бил подигнат, продолжувајќи го наследството на градителските форми адаптирани од, како што подолу во текстот ќе видиме, северните (стари – наспроти новоосвоените, нови) краишта на нивното владеење. Слични недоследности поврзани со кралски титули на личности во несоодветни временски периоди се среќаваат и во други ктиторски натписи на македонското подрачје[8], но примерот со Лешочката црква е, сепак, најзбунувачки.

Она што не треба да се заборави кога се зборува за хронологијата на стариот Лешочки храм е податокот кој се однесува на неговиот ранг како центар на Долнополошката епископија, формирана на црковниот собор одржан во Скопје во 1347 година[9]. Како подрачна епархија на Призренската митрополија[10], Долнополошката епископија ги добила еклисијастичките ингеренции во северниот дел од Полошката котлина (и пошироко), а за нејзин главен авторитет бил назначен јеромонахот Антониј, кој, со стекнувањето на своите нови привилегии, го зел и новото титуларно име Долнополошки епископ Јоаникиј. Интитулацијата на лешочкиот ктитор при крајот на натписот изведен на неговиот погребен саркофаг[11] е податок кој не треба да се занемари при анализата на попрецизната временска референца на неговата заветнина, настан кој, најверојатно, се случил во 1348 година. Оттука, во хронолошкиот ранг од 1282 (кога кралот Милутин ги освоил северните македонски територии) до 1348 година (кога на ктиторот му било доделено епископското достоинство), единствено формирањето на Долнополошката епископија претставува прецизна информација, поврзана со конкретен и, во историските извори, потврден настан. Иако не можеме со сигурност да констатираме дека основањето на новата епархија со ингеренции во северо-западниот дел на Македонија било основната инспирација и мотивирачкиот фактор за изградбата на Лешочката црква, тоа секако претставува хронолошки ориентир кој би можел временски да соодветствува на ктиторскиот подвиг на јеромонахот Антониј во периодот кога тој ја очекувал или веќе ја добил епсикопската титула.

8 E. Dimitrova, *Cultural CSI – Four Cases of Socio-Artistic Investigation: files, exhibits, evidence,* Patrimonium Mk 12 / 17, Скопје 2019, 358-361

9 М. Јанковић, *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку*, Београд 1985, 62.

10 Р. Грујић, *Скопска митрополија*, Скопље 1935, 102

11 П. Миљковиќ-Пепек, *Преглед на црковните споменици во Тетовската област од XI до XIX век*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, т. III, Скопје 1980, 464.





Архитектонскиот композит на црквата Свети Атанасиј Александриски припаѓа кон типолошката категорија на сакрални зданија проектирани со крстообразна основа, кластер – слободен крст[12]. Мошне редок во македонското средновековно градителство, овој тип на градби се појавува во периодот на IX и X век со мошне скромни просторни облици[13], но подоцна, во текот на високиот среден век и во доцновизантиската епоха, речиси и да не постои, со еден репрезентативен, но, според својата основа, комплексен исклучок (црквата Свети Пантелејмон – Горно Нерези)[14]. Навидум слободната линија на крстообразниот периметар на црквата Свети Андреја на Треска (1388/1389), пак, претставува само рамка на нејзината триконхална основа[15]. Оттука, може да се заклучи дека Лешочкиот храм следи други, поинакви архитектонски принципи во неговото проектирање, различни од традиционалните начела за дизајнирање на крстообразни цркви вишани во правоаголен простор – модел на сакрална градба кој, без сомнение, претставува доминантен пример во македонската средновековна архитектонска продукција.

Наспроти тоа, Лешочката црква била изградена како слободен крст, просторно составен од пет травеи. Притоа, централниот травеј, кој го претставувал средишното просторно јадро на градбата, бил засведен со купола, а останатите четири травеи го обликувале крстообразниот периметар на зданието. Северниот и јужниот биле изведени со димензии пропорционални на средишниот куполен дел, додека источниот и западниот биле скратени за една третина во ентериерот поради функционални причини – источниот екстериерно добил масивен апсидален ѕид, а западниот бил претворен во преод кон припратата, која со својата монументалност ги надминува сите дотогашни примери на обликување на западниот дел од сакралните згради. Мошне големите димензии на нартексот во однос на оние на главниот дел од црквата упатуваат кон важноста на лешочката припрата, која, според наше мислење, би можела да биде поврзана со еклисијастичките протоколи на градба што има соодветно место во хиерархијата на црковните храмови; со други зборови, токму монументализирањето на лешочкиот нартекс би можел да биде главниот аргумент за подоцнежниот хронолошки ориентир на црквата од веќе предложениот (1335). Имено, акцентирањето на просторот во припратата би можело да се оправда единствено со церемонијалните активности карактеристични за црква која имала висок еклисијастички статус, или зошто еден монах би изградил припратата со мошне забележителни димензии, ако таа не требало да претставува простор соод-

12 Idem, *Црквата Св. Атанасиј Александиски крај манастирот Лешок*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, т. III, Скопје 1980, Сл. 1.

13 Idem, *Христијанската архитектура кај Македонските Словени од пред средината на IX век до 1018 година (период на прв културен подем на Македонските Словени)*, Климент Охридски. Студии, Скопје 1986, основи во цртеж на стр. 235.

14 С. Коруновски, Е. Димитрова, *Византиска Македонија. Историја на уметноста на Македонија од IX до XV век*, Милано-Скопје 2006, 34-40.

15 Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија. Култура и уметност*, Македонија. Милениумски културно-историски факти (Ed. П. Кузман, Е. Димитрова, Ј. Донев), Скопје 2013, 1662-1663.

ветен за протоколарни, церемонијални или процедурални дејства поврзани, во најмала рака, со епископски статус. Оттука, самата основа на црквата, нејзиниот просторен дизајн и функционалното обликување на ентериерот на градбата говорат во прилог на хронолошкиот хоризонт по 1347 година, кога била формирана Долнополошката епископија, односно 1348, кога новоракоположениот долнополошки епископ Јоаникиј можел да ја изгради црквата како центар на „сопствената“ епархија.

Сложениот концепт и комплексната организациска структура во архитектонското обликување на црквата Свети Атанасиј Александриски нема свои аналогии во македонското средновековно градителство, иако ѕидарскиот опус (делкан бигор врамен со хоризонтални и вертикални редови тула и аранжманот cloisonné во западниот дел од градбата) не отстапуваат од конвенционалната градежна пракса во средината на XIV век. Поради тоа, Лешочкиот храм, по своите типолошки особености, се смета за примерок на сакрално здание поврзано со градителските концепции на архитектурата од Рашката стилска група на споменици, главно поради специфичните димензии на припратата, изведбата на високи пиластри на фасадните потези, острите челници во обликувањето на северниот и јужниот агол на апсидалниот ѕид и акцентирањето на трансептот во просторната поделба на храмовиот ентериер[16]. Исто така, наодот на прозорска транзена во вид на розета која ја красела западната фасада на објектот[17], без големи сомненија упатува на градителските искуства кои во градбите на Рашката школа ги манифестирале мајсторите дојдени од приморските области (Бар, Котор, Дубровник, Сплит или Задар). Работејќи на српската територија во текот на триесеттите и четириесеттите години на XIV столетие, приморските масонски тајфи ја збогатиле декоративната димензија на сакралните храмови со елементи од романичките скулптурални концепти[18].

Уште еден аргумент кој дополнително упатува на блискоста на Лешочката црква со архитектонските узанси на сакралното градителство создадено на север од Полошката област е специфичниот дизајн на олтарната преграда која ја обележувала најзападната линија на презвитериумот (денес во Музејот на Македонија). Изведена е од квалитетен мермер и инвентивно обликувана со украси во вид на човечки маски, мошне слични според концептот на романо-готичките скулптури од црквата посветена на Христос Пантократор во Дечани (1327-1335)[19], иако не и по квалитетот на изведбата. Пронаоѓајќи ги своите аналогии на македонското подрачје во украсувањето на поткуполните столпци на црквите Свети Никола во Љуботен (1336/1337)[20] и Успение на Света Богородица во Матејче (1345-1346)[21], декоративниот композит на олтарната преграда од Лешочкиот храм, исто така, упатува на датум на негово обликување кој се движи во правец на средината на XIV столетие. Сведочејќи за „тенкиот“ пробив на западните, приморско-рашки компоненти во изведбата на декоративната пластика во сакралните градби на македонската територија[22], Љуботен и Матејче, по се изгледа, го трасираат патот за кохерентно структурираната и конзистентно креираната олтарна преграда на Лешочката црква. Оттука, и скулптуралниот декор откриен во храмот, инспириран од постарите примери на романо-готички конципираната камена пластика (Дечани) или на нејзините имитативни романички примероци (Љуботен, Матејче) упатува на хронологија на градбата блиска до годината 1348.

Иако преостанките од некогашната фрескодекорација изведена во ентериерот на црквата Свети Атанасиј Александриски[23] се доволни за, во извесна мера, да се претпостави програмскиот контекс на сликаниот аранжман, неговите структурални компоненти не отстапуваат од еден, би рекле, конвеционален распоред на визуелните содржини, карактеристични за фрескоансамблите од XIV век; сепак, фактот што не е зачувана ниту една композиција во нејзиниот интегрален облик, не ни помага во обидот претпоставената хронологија на градбата од околу 1348 година да ја потврдиме и со ликовни аргументи. Евхаристичните сцени, илустрацијата на старозаветните настани, фигурите на стоечките светители, неидентификуваните претстави и отсуството на ктиторска композиција, за која Грујиќ претпоставил дека се наоѓала на јужниот ѕид од јужниот крак на крстот, т.е. во непосредна близина на погребниот саркофаг на ктиторот[24], не говорат повеќе од она што вообичаено би го имплицирале во било кој сакрален објект од XIV столетие. Уште помалку, пиктуралните особини на фреските, долготрајно изложени на временски влијанија и климатски промени поради разурнатата структура на градбата, можат да упатат на попрецизни временски координати, иако еманираат солиден цртеж, живописна моделација на формите и тонално обликување на волуменот. Компаративните алузии кои се однесуваат на симиларноста на лешочките фрески со оние изведени во црквата посветена на Свети Димитрија во Пеќката Патријаршија (1345)[25], се сепак само обид за пронаоѓање на аналогни примери во каталогот на фрескоансамблите од првата половина и од средината на векот.

Врз основа на сите компоненти кои ја сочинуваат визуелната констелација на црквата Свети Атанасиј кај селото Лешок (автентичната основа во проектирањето на градбата, одликите на нејзината архитектонска конструкција, спецификите на изведената декоративна пластика итн.), ова

16 П. Миљковиќ-Пепек, *Црквата Св. Атанасиј Александиски крај манастирот Лешок*, 482.

17 Р. Грујић, *Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак*, 58

18 А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњовековној Србији*, Београд 1950, 98-102.

19 И. Стевовић, *Византијске и романо-готичке концепције у српској архитектури и скулптури XIV столећа (до 1371. године)*, Византијско наслеђе и српска уметност II, Сакрална уметност српских земаља у средњем веку (Ed. Д. Војводић, Д. Поповић), Београд 2016, 326.

20 Е. Димитрова, Зооморфните претстави во македонската средновековна декоративна пластика, Културен живот 7-8, Скопје 1995, 28-33.

21 Eadem, *Манастир Матејче*, Скопје 2002, 70-72.

22 J. Максимовић, *Српска средњовековна скулптура*, Нови Сад 1971, 113.

23 П. Миљковиќ-Пепек, *Црквата Св. Атанасиј Александиски крај манастирот Лешок*, 497-499.

24 Р. Грујић, *Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак*, 64.

25 П. Миљковиќ-Пепек, *Црквата Св. Атанасиј Александиски крај манастирот Лешок*, 502.

здание, без сомнение, може да се вброи во најретката типолошка група на средновековни споменици кои гравитираат кон планот на слободен крст, но претставуваат композиција од два интегрални дела – крстообразен наос и правоаголна припрата со монументални димензии. Просторниот аранжман на градбата декориран со романички елементи во обликувањето на пластичните украси, перфорацијата во вид на розета и архитектонскиот преод кој во вид на трансепт ги линкува наосот и нартексот на зданието, се несомнено хибридни конституенти кои укажуваат на „северните“ влијанија во изведбата на храмот. Со оглед на тоа што го добила високиот статус на новоформиран епископски центар како привилегија од српскиот цар Душан кој длабоко го респектирал значењето на македонските области, ктиторот на Лешочката црква веројатно „возвратил“ за своите ингеренции со адоптирање на дел од српското градителско наследство во дизајнирањето на својот епархиски центар. Следствено, земајќи ги предвид сите архитектонски ориентири на градбата, како и историските околности поврзани со назначувањето на првиот Долнополошки епископ Јоаникиј, црквата со голема веројатност би можела да биде изградена во периодот по стекнувањето на споменатите бенефиции, односно во времето по одржувањето на Соборот на царот Стефан во Скопје (1347), во 1348 година.



ОГЛЕДАЛО





# „СЕДМОГРЕШНИК“ НА ЈЕРОМОНАХ АРСЕНИЈА ОД 1844 ПИШУВАН НА ТЕТОВСКИ НАРОДЕН ГОВОР

Дарко Гавровски,
истражувач на Тетовското минато



## ДЕЛОТО НА ЈЕРОМОНАХ АРСЕНИЈА

Арсенија, јеромонахот од Лешочкиот манастир, бил современик и ученик на Кирил Пејчиновиќ, со световно име Аризан, по потекло од Теарце[1]. Тој, после Кирил Пејчиновиќ е вториот човек од тетовскиот крај кој остава подолги записи во ракопис, кои денес се значаен приказ на тоа време. Неговите текстови се пишувани на црковнословенски јазик, но со огромно влијание на тетовскиот народен говор од тоа време.

Арсенија во 1841 год. по Кирилово „повеление“ го препишал неговиот ракопис „Житие за Кнез Лазар“, но оставил и останати помали записи низ маргините на книгите во манастирот[2].

Сепак негово најзначајно дело е *Седмогрехник*, напишано на 29 февруари (12 март, нов стил) 1844, додека служел во Манастирот на светите Ар-

1 1908 - Ивановъ Й.; Български старини из Македония; София: 236 - на маргините на една книга Арсенија напишал белешка за својот учител „Кирил од Теарце, Аризанов мучител“, а при својот лик напишал „Арсенија, будалетината Теаречка“. За Аризан кој се потпишал „од Теарце, то прасе“ има запис и кај: 1915 - Селищев, Афанасий Матвеевич; Отчет о занятиях за границей в летнее ваканционное время 1915 года; Ученіе записки Казанского университета; Кн. 6-7; Типо-литогр. Имп. унив.; Казань: 56. Од ова се гледа и неговата скромност и ведар дух, што е знак за интелигенција докажана со неговите дела.

2 „Житието на Кнез Лазар“ е пишувана по Кирилово „повеление“ и од негов егзмплар од јеромонахот Арсенија во 1841, а за ракописот е објавен кај: 1908-Ивановъ: 238-240, а во 1914 веќе ракописот не бил во манастирот, туку на чување кај некој тетовски поп: 1915-Селишчев: 35 (објавен кај него текстот: 35-43). Арсениев текст се и белешката на маргините на еден минеј (за мец февруари) во кои забележал дека истиот минеј бил најпрвин во срушениот манастир Св.Ѓорѓи на Сува Гора над село Волковија (преставен кај: 1908-Иванов: 237, запис 81).

хангели Михаил и Гаврил во село Кучевиште, на Скопска Црна Гора. Во него на прекрасен народен јазик, со многу дијалектизми, архаизми и турцизми, опишани се седумте смртни гревови од кои треба да се чува еден верник.

Во ракописот продолжува во истиот стил со два посебни ракописни текстови: *Наравоучителна таблица* (од 1852), и *Апокрифи за страшниот суд* (од 13 ноември 1841, стар стил), пишувани во ист народен стил, а кои ќе ги претставиме во наредна прилика[3]. Овде ќе се задржиме на Седмогрехникот.

## СЕДМОГРЕХНИК

Овој ракопис, летото 1914, го открива рускиот лингвист Селишчев, при неговата посета на Лешочкиот манастир и го објавува во негова книга следната година. Подоцнежни истражувачи овој ракопис повеќе не го нашле во манастирот, и до денес единствено што имаме е овој препис во книгата на Селишчев од 1915.

Досега на анализа на овој текст или превод воопшто не е работено. Од неговото објавување, ретко кој се задржувал да го анализира подетално[4]. Токму затоа овде ние за прв пат правиме транскрипција според денешната современа македонска ортографија (правопис, интерпункција) според стандардот поставен од Конески и иста таква транскрипција на делата на Пејчиновиќ[5]. Овде за прв пат даваме точно расчитување на повеќе зборови, но и превод на многу непознати изрази и осбено турцизми, по кои е познат и денешниот народен говор во Тетово.

## УЧЕЊЕТО ЗА СЕДУМТЕ СМРТНИ ГРЕВОВИ

Седум смртни гревови се една од најважните основи на христијанското учење и христијанската теологија. Меѓутоа, она што е најинтересно во тој поглед е што листата од седумте гревови кои резултираат со смрт, ги нема во Библијата. Оваа листа прв ја систематизирал монахот Евагриј Понтијски, триста години после смртта на Христос. Тој всушност составил листа од осум „страшни искушенија на човечката душа“, која во 590 година папата Григориј Велики ја заокружил на седум и ги прогласил за „смртни“. Според христијанските сфаќања: сладострастие, завист, дрчност, мрзливост, алчност, гнев и гордост се гревовите кои може да се сторат без притоа да се размислува за нив. Во наредните 1400 години оваа листа од „седум смртни гревови“ ќе претставува важна одредница за христијанската теологија, историја, развојот на општеството, па дури за нашата сегашност.

Ова теоретизирање започнало во православната догма каде се јавуваат првите грчко-византиски трактати на оваа тема, но особено се вкоренило во католичката догма (коренити гревови, седум смртни пороци; лат.

3 За првпат *Седмогрехникот* објавен во целост кај: 1915-Селишчев: 44-53 (таму, *Наравоучителна таблица*: 51-53; *Апокрифи*: 53-55).

4 Анализа, но чисто граматичка (суфикси, користење носовки, ерови и сл.) прави единствено : 1978 - Јашар-Настева О.; „Седмогрехникот“ на Арсенија Марковиќ од Теарце; Бигорски научно-културни собири (IV научен собир: Полог низ Вековите - Зборник на трудови); Тетово : 69-84.

5 1974 - *Пејчиновиќ Кирил : Собрани текстови*; приредил: Блаже Конески; Македонска книга; Скопје : 165.





peccata capitalia), во која се создал дури и мнемотехничкиот акроним: „САЛИГИА“ збор кој настанал со преземање на почетните букви од сите седум именки на латински со кои се означува еден од гревовите: superbia (гордост), avaritia (алчност), luxuria (сладострастие, копнеж), invidia (завист), gula (дрчност), ira (лутина, бес), acedia (мрзливост)[6].

Имајќи ја предвид широката распространетост на учењето за „седумте смртни гревови“, не зачудува ако Јеромонахот Арсенија направил препис од некој постар текст. Сепак, фасцинира неговото прилагодување на народен јазик (а помалку црковнословенски термини) за обичниот човек од Тетовско во 19ти век, да може да ги разбере тие гревови и тие пороци да ги избегнува.

## ТЕКСТОТ ЗА СЕДУМТЕ ГРЕВОВИ ОД 1844 НА АРСЕНИЈА

Оргиналниот ракопис бил со формат 23.7 x 17 см, а меѓу повеќето белешки и текстови, самиот Седмогрехник е напишан на 14 страници. Во него секој посебен „грев“ Арсенија го пишува како наслов во средина (овде го даваме како главен наслов), а околу него има запишано кратки изрази како вовед во објаснувањето (овде ги даваме како поднаслов). По ова започнува подетално објаснување на самиот „грев“. На последната страница, на крај, има запис за тоа кој, каде и кога го напишал ракописот (ние овде го даваме прв, на почеток):

Преписах сие книга седмогрехник аз недостоини во јеромонасех Арсенија,
црногорскаго монастира свјатаго Архангела Михаила и Гаврила[7],
повелением и иждивением Кир Милосава тетовскаго монастира Свјатаго
Атанасија
по усердие его сотвори иждивение будиему вечнаја памјат' и во нињешињии век благополучие, амин
Преписасе от Христа во лето ,аѡмд (1844) месеца февруариа кѳ (29)

## КОРЕН УБИСТВО - ЗАВИСТ, ПЛОД ЗАВИСТВО, УБИСТВО
### ЉУБОВ, НЕБЛАГОДАРНОС, КАЛКАЏИЛОК, ВРАЖДА, ГНЕВ, ИАНЕТЛОК, ШЕГАЊЕ СЕ, НЕНАВИСТ, ГАРАЗ, ПАМЈАТОЗЛОБИЕ, УБИСТВО

К'скандисуење првиј и смертни грех ет и от него се родует десет други грехови. Хијанетлок, љутина, душманлок, мешаница, неблагодарност, шегање се за лошоа, зетуење гараз, низдержење убиство: Тија му са филизи и плоди на к'сканџиата, а кои љуби Бога и кого годер чоека овија свите десет ги навасует и ги згазует и от никаков шеј зеан невиждат, љуби, незавидит непревозноситсја, нигордитсја, ни безчинствует неишет својаси, не разра-

6 1997 - Boyle, Marjorie O'Rourke; „Three: The Flying Serpent“. Loyola's Acts: The Rhetoric of the Self. The New Historicism: Studies in Cultural Poetics, 36. Berkeley: University of California Press. стр. 100–146.

7 Манастирот во село Кучевиште, Скопска Црна Гора

жаетсја, не радуетсја, о неправде радутсја от истине, свја љубит, свја трпит и свја уповает љуби ни колиже отпадает[8].

## БОГ ГОРДИВИМ ПРОТИВИТСЈА - СМИРЕНИМ БЛАГОДАТ ДАЕТ

СМИРЕНИЕ, НАКРИВО ПОГЛЕДНУЕЊЕ, ВОЗВИШЕНИЕ, ОСУЖДЕНИЕ, ВЕЛИЧАНИЕ, ТШТЕСЛАВИЕ, МАХАНА НАОЖДАЊЕ, САМСЕБЕ ФАЛЕЊЕ, НА ЗБОР НЕ СТОЕЊЕ, АЛИШТА УБАВИ ПРАЕЊЕ, БЕЛЕЊЕ СЕ

Фодулук и тои еден смертни грех ет, от това опаднаа еден чин ангели и се учиниа ѓаволи - беха виделина се учиниа темнина. От фодулук се родует уште десет отрасли сиреч филизи: тафра, возвишение, неверство, свои табиет бегендисуење, накриво погледнуење, хвалење се, на збор не стоење, свекому махана наождање, белење се, шаренење се. Тиа му сат плод и филизи на гордоста, а тои што се держит самсебе от свите подоле, тои е похарен рахатлок имат на овој век и на тои век ет погоре во царство небесно[9].

## КОРЕН ВСЕМ ЅЛИМ - СРЕБРОЉУБИЕ

МИЛОСТИЊА, ИДОЛОПОКЛОНСТВО, МАМЕЛЕЏИЛОК, ЦРКВА ОБЕРУЕЊЕ, КРАДЕЊЕ, ТУЃ АК ЈАДЕЊЕ, НЕПОЖАЉУЕЊЕ, ИЗМАМУЕЊЕ, Л’ГА, ИМЕНИЕ РАСТУРАЊЕ, ЈАЛАНШАИТЛОК

Тамахќарлок - на свите лошотие што сат на веков корен ет тамах, от него се родует уште десет други лошотие: туѓ хак јадење, и крадење, и црква оберуење, мамелеџелок, идолопоклонство, л’жа, нежалење чоека, измамуење и от стока опаднуење и јаланшаитлок. А тои што ет џумерт свите десет ги згазует и никаков зеан не видует со Бога и со људи преател, и бидует пофален и на овои век и на тои век у Бога помилуван будет, амин[10].

## БЛУДНИК - А ПРЕЉУБОДЕНИКУ СУДИТ БОГ

ЦЕЛОМУДРИЕ, ДЕВ ИЛИ ДЕТО РАСТЛЕНИЕ, КРВОСМЕШАНИЕ, СОДОМСТВО, МУЖЕЛОЖСТВО, БЛУД, ТУЃА ЖЕНА ВАЃАЊЕ, СКОТОЛОЖСТВО, НЕВОЗДРЖАНИЕ, РУКОБЛУДИЕ, ОД БОГА НЕБОЕЊЕ СЕ

Блудство голем и смертниј грех ет, у десетте заповеди божји заповедует Бог на људи: непрељубиј сотвориши. От тои грех се родиле десет други грехови мали и горчави, грци ги називаат микра-пикра. От блудство се раждават: загрлуење, целуење, мужеложство, со своја жена отзади детворение, крвосмешание, малакиа, скотоложство, содомство, бекрилок,

8 Помалку познати изрази: **калкаџилот** (тур.; колеж, убиство), **вражда** (црсл. одмазда), п**амјатозлобие** (црсл. памятозлобие; имање зло на памет; мислење на зло), **к’сканџилок, к’сканџија** (тур.; љубомора, завист; љубоморен), **гараз** (тур; држење лутина со некого), **хијанетлок, ианетлок** (тур.; предавство), **зеан** (тур; зијан, губиток), **филиз** (тур; фиданка, младица), **шеј** (тур.; ствар, предмет).

9 Помалку познати изрази: **тштеславие** (црсл.; тщеславие; суетност), **махана** (тур. маана), **фодулук** (тур. празна горделивост), **сиреч** (црсл.; то ест, со друг зборови), **тафра** (тур.; гиздење, китење), табиет (тур.; карактер), **бегендисуење** (тур.; бендисување, допаѓање), **белење, шарење** (во смисла штрчење во облекувањето, предотерување во бели или шарени алишта), **рахатлок** (тур.; раатлук; спокојство).

10 Помалку познати изрази: **мамелеџилок** (приграбување ствари, грабање сопственост; од тур. mamelek- ствари во сопственост), **туѓ ак** (хак) **јадење** (туѓо гајле берење), **јаланшаитлок** (тур.; лажно сведочење, кривоклетство), **тамах, тамахќарлок** (тур.; алчност, грабливост), **џумерт** (тур.; cömert; дарежлив, со големо срце).





по ту(ѓ)и жени идење, от Бога небоење се. Блуд овија му са плод и филизи блуду, а у кого има чистота тој чуек свите десет филизи ги пазует, понеже чистота пред Бога господствует и бидует таја душа како ангел и на чистиот чоек курбаните Бог му ги прима или безкровну жертву или жертву хваление или жертву моление на свјакое времја или на свако место или жертва утрењаја или жертва вечернаја[11].

## ЗАПТИСАЈ ГРКЛАНОТ ТВОИ, ДУР НЕ ТЕ ЗАПТИСАЛ ГРКЛАНОТ ТЕБЕ

ПОСТ, ПОГАНШТИНА, ПРОТИВОЗАКОНО СТОЈАНИЕ, (...)НЕЊЕ СЕ, НАИСЛАДКО САКАЊЕ, БЕСРАМИЕ, ШЕГАЊЕ СЕ, ИЗМАМУЕЊЕ, СЕФАЉУБЕЊЕ, ГРАБЕЊЕ, ОПИУЕЊЕ СЕ

Многу јадење еден голем и смертни грех ет. От него се раѓат десет мали а горчави: безсрамие, гортанобезсие, у очи посмеуење, измамуење, сефаљубење, пианство, грабење, к’лнење, заповеди недржење, блудење. Овија му са плод и филизи на тој што јаде многу манџи. А тои што едно ничи или со една манџа ет каиљ, тои чоек свите десет филизи ни едно до него не се докундисуе. У тогова се родиле многу хубавине: постничество, чистота и често Богомолство и тој што непрестано молитсе Богу тој свите хубавине ги казандисуе и ги родует, амин[12].

## МРЗА НИ ЗА ТОИ ВЕК Е АРНО НИ ЗА ОВОИ ВЕК НЕЧИНИ, НИ УБАВО НОСИТ, НИ СЛАТКО ЈАДЕ, НИ У РАИ ИДЕ

ЛЕСНОТА ПРЕ ТАШТИНА ЗА СВЕ Е ХАРНО, НЕРАДЕЊЕ, БЕЗДЕЛИЕ, ПРАЗНОСТ, АЛИС- ДЕМБЕЛ, ОЧАЈАНИЕ, НЕБОЕЊЕ СЕ, БЕСТРАШИЕ, НЕБРЕЖЕНИЕ, НЕВЕРИЕ, НЕЧЕСТИЕ

Мрза голем и смертни грех ет. От него се раѓат уште десет филизи мали а горки: злочестие, неверие, небржение, бестражие, небоење се, немарење, празност, безделие, халис дембел, очајание, тија му са филизи на мрзешлиот чоек, а тој што е пргав, тој и за снагата му облечен и зрав, и за душата му исправлен и прав. Негово благолсовение и негово покајание, негова теплота, спроти правина стоење, во него покајание и страх божји и често исповедание и книги често гледање, житие од светци скажуење и за тој век мислење и на тои век вечни покои наидуење, амин[13].

11 Помалку познати изрази: **целомудрие** (црсл.; морална контрола на сексуалните желби), **дев** или **дето растление** (црсл.; растление-педофилија; со девојче или дете педофилство), **мужеложство** (црсл.; хомосексуланост), **скотоложство** (црсл.; зоофилиа; настран однос со животни), **микра-пикра** (грч.; мало ама горчливо), **рукоблудие** (црсл. мастурбирање), **малакиа** (грч.; мастурбирање), **бекрилок** (тур.; бивање бекрија, кафеански боем).

12 Помалку познати изрази: **сефаљубење** (себе-љубење, самобендисаност), **гортанобезсие** (црсл.; гортанобесие – цревоудобство, чревоугодие, лемаргија, угодување на грлото), **каиљ** (тур.; убеден, согласен), **докундисуе** (тур.; досадува, докусурува, здојади, дојде до грло), **казандисуе** (тур.; искористува, освои, победи, здобие).

13 Помалку познати изрази: **таштина** (суета), **(х)алис-дембел** (тур.; прав дембел, вистински легач), **небрежение** (небрежност).

### СМЕРТ ДУШИ БЛИЖНАГО НЕНАВИДУЕЊЕ

ТРПЕНИЕ-СПАСЕНИЕ, ЈАРОСТ, МАЛОДУШИЕ, ПЦУЕЊЕ, ИЗДАДУЕЊЕ, УБИСТВО, ЉУТИНА, НЕМУДРО СЕДЕЊЕ, ХУЛЕНИЕ, СМУШТЕНИЕ, ТЕЛОТРЕСЕНИЕ

Коншија завидуење - смертни грех на своја душа, у таков чоек уште десет му се родиле мали а горки: смуштение, хуление, немудро седење, љутина, телотресение, малодушие, јарост, пцуење, издадуење, утепуење. Тија му са плод и филизи на тои што завидуе и не терпи досаждението коншиско, и каиљ е со свекого поминуење, тој чоек бидует здрав и многу жив, и на своја куќа ке умре, и по преставлението негово ке живует во недро Аврамово: еже получити всем христијаном и мене грешному молитва Богородици и всех свјатих, амин[14].

14 Помалку познати изрази: **јарост** (црсл. бес, гнев), **хуление** (црсл.; хулење), **смуштение** (црсл.; смутност, збунетост), **коншија** (тур.; комшија, сосед).





## ТЕОЛОШКИ ТЕМИ

Тетовско - гостиварска епархија



# ЗА ИСХОДЕЊЕТО НА СВЕТИОТ ДУХ
## СВЕТИОТ ДУХ ИСХОДИ ОД ОТЕЦОТ ПРЕКУ СИНОТ (ВТОР ДЕЛ)[1]

д-р Оливер Ивановски,
протопрезвитер

### ОБИДИТЕ НА РИМОКАТОЛИЧКАТА ТЕОЛОГИЈА ДА ВОВЕДЕ ДВЕ НАЧЕЛА ВО БОЖЕСТВОТО И ДА ГИ ПРЕТСТАВИ КАКО ЕДНО НАЧЕЛО

Римокатоличката теологија тврди дека Светиот Дух происходи од Отецот и од Синот „како од едно начало“. Значи, римокатоличките богослови, свесни за погубните последици за христијанското учење и за духовниот живот поради воведувањето на две начела во Божеството, го употребуваат изразот „како од едно начало“. Според нив, Отецот е самостојно начало, а Синот е начело кое си го има изворот во Отецот Кој е начело без начело. Во овој случај, како од едно начело, Отецот и Синот се еден происходител (unus Spirator). Ова значи дека „Синот е претставен како сопричинител со Отецот, придонесувајќи со Него во постоењето на Духот“[2].

Но, и покрај тоа, Filioque воведува две начела во Светата Троица. Римокатоличките богослови, на Флорентинскиот собор, обидувајќи се да се спасат од обвинението дека воведуваат две начела во Божеството, соопштија преку Јован од Рагуза дека Западната Црква признава само едно начело и една причина на Светиот Дух. Но, оваа изјава не можела да го

1 Првиот дел е објавен во претходниот дел на списанието „Огледало“ (двоброј 10/11 – декември 2018)

2 Pr. Prof. Acad. Dimitru Staniloaie, *Relţiile Treimice şi viaţa Bisericii*, apud „Ortodoxia“, XVI (1964), nr. 1, 507.

измами свети Марко Ефески. Тој, во 56-те силогистички глави ја докажува апсурдноста на римокатоличкото учење. Доколку би происходел Светиот Дух од Отецот и од Синот, свети Марко Ефески вели дека Тој би происходел на овој начин:

1. Или како од две Лица (од два Ипостаси);
2. Или како од нивната заедничка природа;
3. Или како од нивната происходувачка сила.

- Доколку би происходел од Отецот и од Синот како од две Лица (од два Ипостаси), би било очигледно дека се две начела и две причини. На овој начин се повредува едноначалието на Отецот и принципот на Светите Отци, според кои Отецот е „единствениот извор на Божеството кое е над секоја природа“ (Псевдо Дионисиј Ареопагит)[3].

- Доколку би происходел од нивната заедничка природа, тогаш, пред сè, треба да кажеме дека никогаш никој не слушнал дека некој рекол дека происходејќи од две Лица (од два Ипостаси), третиот не ќе да е од Нив, а е од некоја „нивна заедничка природа“, и ете, пак се враќаме на првото стојалиште. Бидејќи Лицето (Ипостасот) не е друго нешто освен природа која има лично својство, така што, она што происходи од природата на едно или две Лица (Ипостаси), исто така треба да происходи и од Лицето (Ипостасот). Така што, пак се стигнува на две начела. Со ова, пак, се урива начелото на Светите Отци: „Она што е заедничко на Отецот и на Синот, заедничко и свое е и на Светиот Дух“ (Ареопагит)[4], затоа што е заедничко и на нивната божествена и единствена природа. Ако би происходел Духот од заедничката природа, тогаш би происходел и од Самиот Себе.

- Доколку би происходел од нивната происходувачка сила, тогаш, најнапред треба да се постави прашањето: Што е всушност таквата сила? Дали е таа нешто друго освен природата, или е едно и исто со неа? Ако е исто со природата, тогаш се враќаме на претходното. А ако е друго нешто, тогаш Му се припишува на Бога нешто поразлично од Неговата природа, но такво нешто латините не прифаќаат (бидејќи беа на категоричен начин против учењето на свети Григориј Палама за божествените енергии).

Римокатоличката теологија и после шест векови од времето на свети Марко, говори за таканаречената *происходувачка сила*. Современиот римокатолички теолог Бакшиќ вели: „Отецот и Синот се на различни начини начела на Светиот Дух, а происходувачката сила е една, но не дотаму, за да биде происходувачката сила една во Отецот, а друга во Синот“[5]. Нашата забелешка на оваа изјава е следнава: начелото пројавувано на два различни начини не е повеќе едно начело, туку се две начела.

3 Атанасије Јевтић, *цит.дело*, 81.
4 *Истото*, 81.
5 Dr. Stjepan Bakšić, *цит.дело*, 229.







## ДРУГИ РИМОКАТОЛИЧКИ АРГУМЕНТИ ВО ПОТКРЕПА НА ПОГРЕШНОТО УЧЕЊЕ ФИЛИОКВЕ

Латините велат дека Светиот Дух происходи од Отецот на непосреден начин (αμεσος), а од Синот на посреден начин (εμμεως). Свети Марко забележува дека во ова учење повторно станува збор за две начела и дека поради тоа Светиот Дух може да биде наречен „внук на Отецот“[6]. Но, исто така, овде се паѓа во следната апсурдност: Отецот станува причина која се пројавува во два различни облика; во раѓањето на Сина Тој е причина сам, а во происходењето на Духот не е причина сам, туку е заедно со Синот, па на овој начин повторно се стигнува до две причини и начела[7].

Римокатоличката теологија и денес продолжува да ја застапува идејата за происходувачката сила и за непосредното и посредното происходење на Светиот Дух, но и понатаму полна со противречности. Од една страна, тие велат дека не може да стане збор за две происходења – посредно и непосредно: „Светиот Дух происходи според происходувачката сила, која е заедничка на Отецот и Синот. Значи, оваа сила не може да се нарече ни посредна, ни непосредна“. А од друга страна велат: „Во поредокот на происходењето најнапред помислуваме на раѓањето на Синот, потоа на происходењето на Духот. Имајќи го предвид овој поредок, би можело да се рече, на некој начин, дека Светиот Дух происходи непосредно од Отецот, а посредно од Синот“[8]. Значи, во првиот случај тие велат дека не може да стане збор за две происходења – посредно и непосредно, а во вториот случај изјавуваат дека може да се рече дека Светиот Дух происходи непосредно од Отецот, а посредно од Синот.

Како поткрепа на погрешното учење Филиокве, латините се ползуваат и со споредбата со создавањето на светот. Имено, како што созданието, постанато од Отецот, од Синот и од Светиот Дух, сепак има едно начело, еден почеток и една причина, не може ли и Светиот Дух, происходејќи од Отецот и од Синот, да има едно начело? Оваа споредба римокатоличка теологија ја ползува и денес: „Отецот и Синот не се две начела на Светиот Дух, туку едно и единствено начело. Исто како што Отецот и Синот и Светиот Дух не се три начела во создавањето, а се само едно“[9]. Токму поради оваа споредба со созданието, свети Марко ги нарекува католиците духоборци (пневматомахи), поради тоа што сметаат дека Светиот Дух е од Бога на ист начин како што е и созданието, па според тоа, и Тој би бил творба[10].

Римокатоличката теологија бара и други аргументи во поткрепа на нивното учење за происходењето на Светиот Дух од Отецот и од Синот. Во оваа насока, тие го даваат следниов аргумент од рационалистички карактер: „Никогаш Црквата на Грците не зборувала дека Светиот Дух происходи само од Отецот, туку едноставно, зборувала дека происходи од Отецот,

6 Атанасије Јевтић, *цит.дело*, 82.
7 *Истото*, 82.
8 Dr. Stjepan Bakšić, *цит.дело*, 229.
9 *Исто*, 223.
10 Атанасије Јевтић, *цит.дело*, 81.

без да го исклучува происходењето и од Синот“[11]. На ова рационалистичко аргументирање кое нема ништо заедничко со Божјото Откровение, свети Марко во Окружното послание испратено до „православните верници, по суво и по острови“, одговара: „Ако Црквата на Грците отсекогаш исповедала происходење од Отецот, таа тоа го примила од Исуса Христа, од Апостолите и од Соборите на Отците“[12]... А против происходењето на Светиот Дух од Отецот и од Синот како од едно начело, свети Марко го цитира светиот Јован Дамаскин, кој вели: „Ние не Го нарекуваме Синот – причина (αιτιον)... Отецот е единствената причина (на сè) (μονος αιτιος ο Πατης)“[13].

## ЗАКЛУЧОЦИ

„Според православната теологија, начело на единството не е божествената природа самата во себе, туку Отецот, Кој ги заснова релациите на постоење, поврзани со Него како единствен Извор на постоење. Божјата природа е ипостазирана во Лицето на Отецот“[14]. Светиот Патријарх Фотиј, побивајќи ја оваа латинска ерес за происходењето на Светиот Дух и од Синот, пред многу векови, вели: „Происходењето на Духот и од Синот е или исто како она од Отецот, и во овој случај разликата меѓу Лицата се губи преку помешување на својствата, или е различно и во овој случај постојат противречности во Пресвета Троица“[15]. Тој, во Посланието испратено до источните Патријарси, вели: „Дали некој од христијаните може да прифати во Пресвета Троица да се воведат две начела, односно: Отецот како причина на Синот и на Духот, и Синот како втора причина за Светиот Дух, и на овој начин да го претвори едноначалието на Светата Троица во двојство?[16]“

Свети Фотиј, побивајќи го учењето на латините за происходењето на Светиот Дух од Отецот и од Синот „како од едно начело“, или поточно речено, од Отецот како од самостојно начело, а од Синот како од начело кое си го има изворот во првото, вели дека ова „го урива од темели христијанскиот поим за Бога. Би биле подоследни доколку овие две начела ги зголемиме на три, бидејќи така би соодветствувало повеќе на сфаќањето на Пресвета Троица од луѓето“.[17]

Последувајќи го во сè учењето на Светите Отци, ги имаме следните аргументи против постоењето на две начела во божеството:

- „Ако е совршено происходењето на Светиот Дух од Отецот – а совршено е бидејќи е Тој Бог совршен од Бога совршен – зошто тогаш да постои происходење и од Синот?

11 Свети Марко Евгеник, Митрополит Ефески, *Окружна посланица*, „Истина је једна“, Лио, 2001, 122.

12 *Истото*, 122.

13 *Истото*, 122.

14 Pr. Prof. Acad. Dimitru Popesku, *Ortodoxie şi catolicism*, Editura „România creştină“, Bucureşti, 1991, 2

15 Отец Јустин Поповић, *Житие Светог и Равноапостолног оца нашег Фотија Великог*, „Истина је једна“, Лио, Горњи Милановац, 2001, 24.

16 *Исто*, 23.

17 *Истото*, 23-24.







- Синот не може да биде посредник меѓу Отецот и Духот, бидејќи Духот не е сопственост на Синот;

- Освен Отецот, во Божеството не може да постои друго начело. Отецот е начело и причина не поради божествената природа, туку поради ипостасното својство;

- Бидејќи Лицето (Ипостасот) на Отецот не Го вклучува во себе и Синот, Тој (Синот) не може да биде начело и причина;

- Двојното происходење не може да се помири со принципот според кој: она што не е заедничко на сите Три Лица, припаѓа само на едно од трите лица“[18]. Односно, происходењето е или само од Отецот, или е од сите Три Лица (Ипостаси). А тоа дека е само од Отецот сведочи целото Свето Писмо и Светото Предание – Светите Отци и Учители на Црквата која ја вдахновува Светиот Дух, од Отецот преку Синот, Троица Света, Едносуштна, Животворна, Неразделна и Едноначална.

18 *Истото*, 24



# ПЕРСОНОЛОГИЈАТА И ХРИСТОЛОГИЈАТА НА СВЕТИ МАКСИМ ИСПОВЕДНИК

## (ВТОР ДЕЛ)[1]

Александар Стојаноски,
протопрезвитер

### ЗНАЧЕЊЕ НА ПОИМИТЕ "СУШТИНА" И "ИПОСТАС" ВО БОГОСЛОВИЕТО НА СВЕТИ МАКСИМ ИСПОВЕДНИК

Основната претпоставка на Максимовата онтологија и персонологија е разработка на тезата на кападокиските отци. Нагласокот кај него е ставен на тезата дека личноста ја ипостазира суштината, односно природата. За философите, според свети Максим, суштината е самостојна постоечка реалност, додека отците во неа гледаат природен идентитет, својствен на многуразлични ипостаси. За терминот „ипостас" кај философите се вели дека е суштина со својства, додека кај отците овој термин означува секој поединечно, од мноштвото природни ентитети. Веќе овде може да насетиме која е насоката на свети Максим Исповедник. На една страна условно наречената философска суштина е сфатена како некоја дадена природно-апстрактна опстојност, од друга страна тежиштето на отците од почетокот благо, а потоа сè појасно, ќе биде поместено од сферата на веќе спомената, природна опстојност, во насока на значително конкретизирана претстава, за секогаш поединечниот суштествувачки природен ентитет. Онтолошко најсуштественото прашање, прашањето за битието, ќе добие нова димензија. Прашањето за битието ќе постане прашање на битието на личноста. Свети Максим Исповедник значително се ползува со Аристотел, разјаснувајќи ги овие прашања. Според

1 Првиот дел е објавен во претходниот дел на списанието „Огледало" (двоброј 10/11 – декември 2018)

Аристотел поимот „суштина" би можел да се сфати двојно: првото е дека таа би можела да се сфати како последен темел, начело на сè она што е, и второто сфаќање ја поима суштината, како онтолошко уверлива постојаност, на секое конкретно суштествување, за, и покрај движењето и промените, да ја сочува својата стварност[2].

Во зависност од постоењето на личноста, и како таа постои, ќе зависи судбината и извесноста на битието. Ипостаста е нешто единствено кое во себе го вклучува општото. Притоа е битно да се потенцира дека секогаш кога свети Максим вели единствено, ипопстасно, мисли на личноста(персоналноста). Разликата меѓу христијанските и паганските философи се состои во фактот што паганските философи го доживуваа Божественото како трансцедентно, додека христијанските философи ја признаа трансцедентноста, но и личносноста на Бога. Оттука свети Максим во целост ја прифаќа и ја развива тезата на каподокијците, коишто суштината ја потчинија на личноста. Суштината може да постои единствено како ипостазирана, бидејќи суштина без ипостас нема слобода. Слободата е една од клучните онтолошки категории што ја карактеризираат личноста. Свети Максим во таа смисла вели дека на секоја суштина и одговара ипостас. Битно е да се потенцира дека свети Максим не прави разлика помеѓу поимите „суштина" и „природа", но значенски ги поистоветува. Во голема мера, кога станува збор за овој проблем, свети Максим Исповедник се ползува со Леонтиј Византиски или подобро кажано се ползува со неговиот јазик. Тој ја спротивставува природата како нешто општо, и ипостасите како нешто конкретно и реално. За него ипостаста не се исцрпува со особеностите, туку иако ја ипостазира природата, таа е самостојно битие. Ипостасноста не е одвишно обележје, туку реална самобитност. Ипостасноста не ја смалува, ниту ја ограничува природата како таква. Затоа Овоплотувањето на Логост е примање и своеволно вклучување на човечката природа, во едната Ипостас на Логосот Христос, и всушност во едната Ипостас на Логосот се конкретизираат две природи: Божествената и човечката. Во суштина Ипостаста на Логосот со Овоплотувањето од проста станува сложена, односно составна. Меѓутоа таквата сложеност го означува само тоа дека единствената ипостас истовремено и неразделиво е ипостас за двете соединети природи.

Сложеноста се состои во соединувањето на природите, кои остануваат без било каква измена на природните својства. Свети Максим ипостасното единство го одредува како соединување на различните суштини, односно природи, во единството на лицата (ипостасите)[3]. Како човечката, така и Божествената личност онтолошки е заснована на личносниот однос со другите личности. Парадигма за ова е Божествената Троица, која постои во заедница на љубовта помеѓу Отецот и Синот и Светиот Дух. Оттука и љубовта е онтолошка категорија во Византиската философија. Личноста е неповторливо жива само доколку е во соодност и заедница со другите личности. Западот повеќе ја апсолутизираше суштината, малку обрнувајќи внимание

2 Petar Jevremovic, *Personologija I ontologija sv. Maksima Ispovednika, www.verujem.org*, преземено од интернет, стр. 136.

3 Георгиј Флоровски, *цит. дело*, стр.216 и 217.







на личноста. Посткападокискиот исток личноста ја разбра како фундаментална онтолошка категорија. Човекот, за да биде потполна личност, треба да постапува според парадигмата која ја има во Света Троица. Личносното постоење значи и воспоставување и развивање на однос со другите личности. Отецот е отец затоа што има Син. Ваквата Максимова персонологија ќе постане база на црковното учење за соборноста на Црквата. Во Црквата се надминува себељубието, бидејќи не постои личност без изразување на соодветна релација. Свети Максим Исповедник во делото „Мистагогија" каде зборува за соборноста на Црквата и светотаинскиот живот, вели: „Овде е секој заради другиот"[4]. Свети Максим Исповедник тука прави извесни паралели помеѓу Црквата и космосот, па како што космосот е единствен по своето дејствување со тоа што сите ги соединува, исто така и Црквата ги држи во единство сите, значи надвор од себељубието (егоизмот). Оттука христијанската аскетска философија гледа на себељубието како корен на сите гревови. Гревот и злото немаат сопствена онтолошка подлога, туку се токму плод на себељубието. Нарцистички отуѓувајќи се од другиот, човекот западна во своевидна неприродна состојба. Всушност, едно од најчестите поставувани прашања во современата егзистенцијалистичка философија, па и во книжевноста, е прашањето на оттуѓувањето, односно на алиенацијата, на човекот од самиот себеси и од другиот. Свети Максим одлично го разработува токму овој проблем, укажувајќи дека со алиенацијата, човекот ги губи квалитетите на личноста, бидејќи нема личност надвор од заедницата (κοινονια), со Бога и со луѓето. Со право заклучува Петар Јевремович во својата статија, дека неградењето на заедница со другиот е егзистенционална опаднатост, односно тоа е промашување на егзистенционалната цел да се биде во заедница. Иако човечката душа по благодат е бесмртна, сепак постоењето без другиот и без Бога е слично на смрт, уште подобро кажано тоа е пребивање во смртта[5]. Тоа е вистинска трагедија за човекот.

Во сите овие расудувања на свети Максим се огледува фасцинантно познавање на православното Богословие, од една страна, и на световната философија, од друга страна особено на Аристотел. Со право заклучува архимандрит Василиј Татакис во својата книга[6] дека преподобен Максим Исповедник многу подобро го познава Аристотел од неговиот претходник Леонтиј Византиски. Но, исто така, ги познава I кападокиските отци, а, особено свети Григориј Ниски, потоа Евагриј од Понт, Ориген итн. Целиот овој духовен, културен и философски багаж, на свети Максим му дава кредибилитет и вештина да ги разјасни овие проблеми, од персоналистичката философија, и христолошките ереси да ги побие на еден еклектичен начин.

Идентитетот на личноста е содржан токму во човековата персоналност. Свети Максим на едно место вели: „Идентитетот е постојана непроменливост на битието, што е самосвесно во секогаш активниот персонално реципрочен соодност со другиот. Со ова уште еднаш се потврдува дека личноста е соодност со другиот. Најважната, пак, карактеристика на човеко-

4 Свети Максим Исповедник, *Избрана дела*, Призрен, 1997, стр 167.

5 Petar Jevremovic, *цит. дело*, стр. 140

6 Василиј Татакис, *Византиска философија*, Култура, Скопје, 1998, стр. 114.

вата персоналност е слободата, преку која тој може да се одлучи да биде во заедница со Бога, но може истата заедница да ја одбие и да ја одбере алиенацијата. Друга онтолошка особеност на личноста е нејзината вечна перспектива, нејзината неуништивост. Но не само неуништивост, туку во идниот век, кога ќе се случи воскресението на мртвите, што е цврста вера и убеденост на христијанинот, истата личност ќе прими квалитативна новост, односно совршенство, па душата ќе добие постојан или непроменлив карактер, додека телото ќе добие бесмртност или нераспадливост. Тоа, пак, значи дека човекот како личност е единство (интегралност на душата и телото). Онака како што човекот е создаден од душа и тело, кои според природата се различни, така и Божествената и човечката природа се соединети во едната Ипостас на Логосот. Вера Георгиева во таа смисла констатира: „Човечката Богоподобност е клучен термин што на свети Максим Исповедник му олеснува да го прецизира православното откровение за диофизитизмот".

Од сето досега произнесено во ова поглавје може да заклучиме дека проблемите на христијанската персонологија и христологија, иако не беа непознати за поранешните мислители, не само византиските, туку и оние пред Византија, апостолските ученици (св. Иринеј Лионски, св. Иганатиј Богоносец, св. Поликарп Смирнски, св. Атанасиј Велики), сепак свети Максим Исповедник ги дополнува сите недоречености поврзани со овој проблем. Суштината или природата се конкретизира во личноста, за која свети Максим го употребува терминот „ипостас" кој што означува личност со постојаност и континуитет, личност во која не се случуваат суштествени проблеми, и личност која секогаш се наоѓа во сооднос со другиот.

Ваквото прецизирање на термините „суштина" и „ипостас" ќе и помогне на Црквата, после бурата на долгите христолошки спорови, конечно во целост догматски да го формулира учењето за Христос. Ова е овозможено со тоа што учењето на свети Максим Исповедник е заокружено со уште едно битно христолошко прашање. Тоа прашање е: Дали во Христа има две волји и две енергии или една; и прашањето: На што и принадлежи енергијата – на природата или на личноста? Ова прашање ќе биде разгледано во следното поглавје. Јован Маендорф, еден од најголемите познавачи на Византиското богословие, вели дека термините „суштина", „ипостас" и „енергија„ се клуч за разбирање на целото Богословско-филофоско учење на светиот Максим Исповедник.

## УЧЕЊЕТО НА СВЕТИ МАКСИМ ИСПОВЕДНИК ЗА ЕДИНСТВОТО НА ДВЕТЕ ВОЛЈИ И ЕНЕРГИИ ВО ЕДНАТА ИПОСТАС НА БОГОЧОВЕКОТ ХРИСТОС

Ипостасното соединување на двете природи и на двете волји, Божествената и човечката, во личноста на оваплотеното Слово, Богочовекот Христос, кои ја сочинуваат суштината на Максимовата Христологија[7], односно двете природи ги заменуваат двете енергии или двете волји, кои се

7 Христологијата е термин од грчко потекло со кој се означува црковното учење за Христос.







среќаваат една со друга.

Во однос на ова преподобен Максим Исповедник главно се потпира на Аристотел, кој што уште во античката философска мисла го застапуваше принципот дека една природа, односно секоја природа, има и своја сопствена волја и енергија, односно егзистенционална манифестација. Ова особено го развија кападокиските отци во својата богословска мисла. Трите ипостаси на Пресвета Троица не се три Бога, туку Еден , затоа што имаат една природа од која извира една енергија. Значи уште кападокиските отци своето учење за природата го поврзуваат со енергијата. Ова постана основа за свети Максим да може да се повика на своите претходници, на православната патристичка традиција, кога се спротивставувал на монотелитското еретичко тврдење дека една ипостас ја одржува една енергија, па сходно на тоа дека во Христа има само една енергија, Божествената енергија, што претставуваше своевиден компромис на монофизитското и православното учење, кој се обидуваа да го направат царските власти од една страна, а беше и понижување на човечката природа Христова од друга страна. Природното од Бога воспоставено движење (енергија) или човековата волја се упатени во насока на Обожувањето или во заедницата со Бога, но не во издвоеноста од сè создадено, туку во враќањето на создаденото во првобитна состојба. Од овој аспект може да се разбере зошто свети Максим на монотелитството гледа како на предавство на халкидонското учење, за Христа како за потполн и совршен човек. Вистинската човечка природа не постои таму каде што нема реална човекова волја, или движење. Така, бидејќи Христос има две волји, има и два начина природно да дејствува, Божествен и човечки, и исто толку дејанија (дејства). Начелото на дејание и припаѓа на природата, не на личноста. Свети Максим на монотелите им ја спротивставува Христологијата на Халкидонскиот Вселенски собор, која во најчиста форма ја наоѓаме во делата на свети Кирил Александриски[8].

Но, тука се поставува прашањето: Ако човечката волја не е ништо друго, туку движење на природата, дали тука има место за човековата слобода? Да, затоа што вистинска човекова слобода не постои во живот изолиран од Бога, туку во живот во заедница со Бога, бидејќи кога човек не е во заедница со Божествените несоздадени енергии, му се случува ропство на страстите, кои се страданија. Во таа смисла свети Максим ја разликува природната волја (Θελιμα φυσικον), која ја дефинира како основно својство на духовното битие, бидејќи природно е човекот да се движи кон Бога.

Но човекот поседува уште една друга можност, која што не е условена со неговата природа, туку со неговата личност или ипостас, а тоа е можноста за слободен избор, со која можност се ползуваа Адам и Ева. Таа можност на слободен избор преподобен Максим ја нарекува „гномичка волја" (Θελιμα γνομικον), што значи мислена волја, односно функција на личниот ипостасен живот, а не на природата[9].

Во Христа човековата природа е соединета со Божествената во една-

8 Василиј Татакис, *цит. дело*, стр. 114
9 Џон Маендорф, *Византиско Богословље*, Крагујевац, 1985 стр.45 и 46.

та ипостас на Богочовекот, притоа останувајќи потполно човечка, ослободена од гревот, извор од каде, пак, потекнува гномичката волја. Поради тоа што е конкретизирана во ипостасот на Богочовекот Христос, човечката природа е совршена човечка природа. Христос го доживеал целиот природен човечки раст: раѓање, страдања, смрт и воскресение, и со тој акт ја насочи човековата природа кон воскресение од гревот и страстите. Ваквото богословско-философско учење стана основа за сотириологијата[10] на преподобен Максим Исповедник. Со сето ова свети Максим ја разобличи еретечката теорија, според која човечкоста (L.humanite) би била еден пасивен начин на постоење, неспособен за вистински и достоинствен однос со Бога. Освен тоа, како можеше таквата човечкост без волја (volonte) и дејство да биде виновна за сето одвојување од Бога, заради гревот и каква радост таа би Му причинила на Бога кога би била лишена од целата своја сопствена волја? Бидејќи ако човекот не беше способен за грев или одвојување од Бога, тогаш неговата љубов ќе ја немаше цената на вистинска љубов. Доколку се случеше другата крајност и Бог се плашеше од човековата слобода, во тој случаја тој не ќе беше семоќен. Но Бог прифати да покаже дека ова спротивставување од страна на човекот не само што не го разгневува, туку Бог повторно, и покрај тоа спротивставување, љубејќи го човекот несфатливо и неразбирливо за човечкиот ум, со еден збор опишано – бескрајно, му подготви спасение во Логосот Божји во Единородниот Син Свој[11].

Монотелитите всушност ја застапуваа идејата за единечност на волјата и дејствата во Христа, односно единечност на личната ипостасна волја во Христа. Зарем единството на лицата претпоставува и единство на волјата? Така монотелитите бараа одговор кој го наоѓаа во тврдењата дека со соединување на Божествената и човечката волја настанала некоја трета, или Божествената ја проголтала човечката волја.

Свети Максим ги дава вистинските одговори на сите овие напластени прашања. Двете волји во Христа се обединуваат. Христос, како Бог, го сака сето она што го сака и како човек, односно искупувањето на човечката природа. Овие две волји не се измешуваат, ниту пак произведуваат некоја трета, зашто како носител на Божествената природа Он сака да спасува, а пак, како носител на човечката сака да биде спасен. Волјата на Овоплотениот син Божји во нејзината конкретна примена не е одвоена од човековата волја, исто колку што и човечката волја не се одвојува од Божествената. Он ги соединува двете без да ги измеша. За сето ова да стане појасно, ќе го проследиме автентичното слово на свети Максим Исповедник, цитирајќи еден извадок: „Он е Тој Кој сака како човек, и Он е Тој Кој како Бог ја обликува оваа волја (човечката). Но никој не треба да ги критикува текстовите, кои се спротивставуваат на дуалитетот, на „мислените волји“ (волји како расудувања), зашто гледаме дека речиси сите доктори признаваат две волји, и ако е човек благочестив не треба како Севериј да се ориентира само кон една волја, што би било заменување на едно зло со друго, тоест разделу-

10 Сотириологија е термин од грчко потекло, со кој се означува црковното учење за спасението на човекот од гревот и смртта.

11 Димитриу Станилое, *цит. дело*, стр.125.







вањето со измешувањето. Отците не зборувале за мислени, туку за природни волји, дефинирајќи ги точно суштините и законите на двете волји. Всушност преку волјата тие ја разбирале природната желба на телото, духовно оживототворено, а не онаа мислената, на некој одреден човек, водена од движењата на интелектот. Тие во овој конекст ја разбирале волјата без која не може ни да постои човечката природа. Зашто волјата е природна способност да ги подржува кавалитетите на природата, а во оваа способност секогаш се наоѓа умешноста да се сака. Но умешноста да се сака и вистинското сакање не се исти нешта, исто така како и способноста за говор не е исто што и самиот говор, бидејќи умешноста за говор ја имаме постојано, но не зборуваме постојано. Додека првата и е својствена на природата, престојувајќи во нејзината суштина, втората се однесува на внатрешниот свет на човекот, со самиот себе, и е втисната во расудувањето на оној што говори. Својствено и е на природата да може да говори, но она што и е својствено на личноста, односно на ипостаста, е начинот на кој се говори. Тоа е подеднакво со можноста да се сака и вистинското сакање[12].

Од сето досега кажано произлегува дека Овоплотеното Слово Божјо, Христос, човечката природна умешност да сака ја ставил во движење и ја обликувал со својата Божествена волја. Притоа не се случило никакаво мешање, бидејќи Оној Кој обоготворува и оној кој се обоготворува, се две различни природи, но се соединуваат, неслеано, неизменливо, без да се случи едното да се измеша со другото, или едното да ги изгуби своите квалитети и да се претопи во другото, бидејќи човекот сака да се обожи, бидејќи тоа е негова природна волја, а Бог го обожува. Значи Спасителот како човек имал човечка волја, определена од Неговата Божествена волја, но не и спротивставена на неа, зашто нема ништо природно што се спротивставува на Бога, кога и мислената волја (која што е означена како лично расудување на личноста, или гномичка волја) не се спротивставува на Него.

Всушност и учењето за обожувањето се темели на овие основи од христологијата на преподобниот. Заедништвото со Бога не ја смалува ниту ја уништува човечката природа, туку прави да биде вистински човечка. Ипостасното соединување во Христа подразбира взаемно општење на идиомите. Особините на Божественоста и човечноста се изразуваат во општењето на едното со другото, или со взаемното општење – перихорисис[13]. Човечките акции и енергии ги има и самиот Бог како нивни причинител. Затоа можеме да кажеме дека Бог бил роден, и дека Марија е Богородица и дека Логосот беше распнат, додека повторно раѓањето и смртта остануваат човечки реалности. Но, исто така, овие сентенци се движат и во спротивниот правец, па мора и може да се каже дека човекот воскреснал од мртвите и седи од десната страна на Бога Отецот, бидејќи ги добил особините кои по природа Му припаѓаат на Бога: бесмртноста и славата. Преку Христовата човечка природа Обожувањето им е достапно на сите. Тајната на спасението на луѓето е извршена во Христа со Неговото Овоплотување,

12 Свети Максим Исповедник, *Творенија, цит. дело*, стр. 241.

13 Оваа дефиниција која ја споменува свети Максим не е нова, бидејќи идејата за перихорисисот е разработена и кај халкидонските оци, па затоа и велиме дека е ова халкидонска дефиниција.

а е завршена и со тоа е исполнет целиот спасителен домострој[14] за нас со тајната на Крстот и Воскресението.

Меѓутоа спасението, остварено од Христа и во Христа, требало да постане сопственост на сите луѓе. Затоа Господ, вознесувајќи се на небесата, на апостолите им го дава ветувањето за Светиот Дух со чие слегување врз апостолите започна да дејствува да живее Црквата, во која се сите спасителни тајни и средства. Во неа се наоѓаат сите спасителни средства кои го опфаќаат целиот живот на човекот, почнувајќи од неговото раѓање, па сè до смртта. Во Црквата ни се дадени сите благодетни средства за спасение. Но животот на човекот не треба да биде само благодатен, туку благодатно–подвижнички. Подвигот се состои во три степени на растење. Првиот степен е очистување на срцето од страстите, или практична философија која се состои во избегнување на страстите кои се приврзаност на душата кон сетилните нешта, и во практикување на добродетелите, при што човекот од Бога на дар го добива венецот на бестрастието. Потоа доаѓа просветлувањето на умот што се состои во созерцателно гледање на Бога, кое е гледање наоколу, бидејќи суштината Божја за човекот останува неспознатлива. Созерцанието сепак не некакво философско вежбање на умот, туку, пред сè, тоа е дар на благодатно просветлување, кое се добива после трудот и стекнатото бестрастие. Последниот и највозвишен степен на духовниот раст на човекот е секако Обожувањето. Обожувањето е врв на сè, бидејќи тоа е најсовршениот израз на апофатичката теологија. Со Обожувањето природата блеснува, со натприродна светлина и со преизобилност од слава бива издигната над нејзините сопствени граници. На овој степен на издигнувањето на човекот кон Бога, неговиот ум се одвојува од сите создадени битија и ита кон Логосот, Единородниот Син Божји. Тогаш созерцанието доаѓа до највисокиот степен, а тоа е теолошка мистагогија или тајноводство. Целта на секој човек треба да е Обожувањето, но, за жал, поради различни фактори сите не ја достигнуваат. Сепак, во согласност со степенот во кој духовно сме израснале, во таа мерка Бог ќе ни ја дава својата благодат во идниот век.

## ЗАКЛУЧОК

Христијанската мисла која се развиваше континуирано, од времето на кападокиските отци, а која беше поттикната од проблемите со кои се соочуваше христијанската доктрина, ја доживеа својата кулминација во богословието и философијата на свети Максим Исповедник. Новата ерес која се појави во империјата токму во времето на свети Максим Исповедник беше компромис, кој царските власти сакаа да го направат помеѓу монофизитството, од една страна, и православното учење, од друга страна. Монофизитството учеше дека во Христа има една природа, Божествената, додека халкидонската формулација, која беше православна, и која победи, учеше дека во едната Ипостас на Логосот соединети се две природи – Божествена-

14 Артемиј Радосављевић, *Тајна Спасења по светом Максиму Исповеднику*, Теолошки погледи, версконаучни часопис, 1-2, 84, стр 85.





та и човечката. Потребни беа натчовечки напори, богословски и философски, со Божја помош да се докаже дека во едната ипостас на Богочовекот Христос се соединети и двете волји и двете дејства, како што се соединети и двете природи.

Во овој труд ја покажавме суштината на Максимовото богословие, давајќи акцент на персоналистичко-христолошката проблематика.

Човекот беше создаден од Бога според образот Божји, со што неговата личност беше онтолошки втемелена во Бога. Бидејќи една од клучните категории кои ја одредуваат личноста на Бога, следствено на тоа и на човекот, бидејќи е создаден според образот Божји, е слободата, односно човекот беше создаден слободен. Оттука произлегува дека човекот можеше слободно да одбере заедница со Бога и да се обожи. Но тој одбра да живее одделено од Бога, преку прворODниот грев и непослушноста. Поради тоа се Овоплоти Синот Божји, Кој се соедини со човечката природа, и двете природи, и Божествената и човечката, беа соединети во едната Ипостас на Богочовекот. Секоја природа има своја волја, и своја манифестација, односно дејство. Следствено на тоа, вели свети Максим, парадоксално би било природата да се лиши од волја и дејство. На тој начин се губи клучната онтолошка личносна категорија, која заедно со љубовта ја карактеризира личноста, а тоа е слободата. Оној што нема волја, тој не може ни да одлучува, а според тоа човекот не може да биде ни виновен за гревот и за оддалечувањето од Бога. Докажувајќи го православниот став по ова прашање, свети Максим се ползуваше и со внатрешната и со надворешната философија. Главно, како што видовме, свети Максим се повикува на принципот на Аристотел, дека секоја природа има своја егзистенционална манифестација односно дејство.

Од внатрешната философија се ползува со кападокиските отци и нивната онтологија. Пресвета Троица е една по природа, а троична по ипостасите, но сепак енергијата којашто происходи од Пресвета Троица е една. Трите ипостаси на Пресвета Троица не се три Бога, туку еден зашто имаат иста природа од која извира една енергија. Значи уште кападокијските отци своето учење за енергијата го поврзуваа со природата. Ова постана основа за свети Максим да може да се повикува на православната патристичка традиција, кога се спротивставувал на монотелистичкото учење, дека една ипостас ја одржува една енергија, па следствено на тоа дека во Христа има една енергија – Божествената енергија. Двете волји во Христа се обединуваат. Христос како Господ го сака сето она што и како човек го сака, односно искупувањето на човековата природа. Овие две волји не се измешуваат, ниту произведуваат некоја трета, зашто како Носител на Божествената природа Он сака да спасува, а според човечката природа сака да биде спасен. Волјата на Овоплотениот Син Божји во нејзината конкретна примена не е одвоена од човечката, исто колку што и човечката не се одвојува од Божествената. Он ги соединува двете без да ги измеша. Според свети Максим отуѓената, осамената од Бога и од луѓето личност, не е личност, бидејќи личноста секогаш подразбира релација кон другиот. Осаменоста е пекол или пребивање во смртта. Со тоа свети Максим не само што ги дополнува пора-

нешните христијански мислители, туку развива и автентична егзистенцијалистичка философија. Прекрасните содржини од православното Откровение, од една страна, и познавањето на надворешната философија, од друга страна, мислата на свети Максим ја правата длабока. Но, исто така, мислата на свети Максим е тешка за разработка, а тоа го забележал и свети Фотиј Цариградски, кој се жали на високиот стил на кој се пишувани делата на свети Максим Исповедник. Свети Максим Исповедник е особено значаен и за Corpus Aeropagitikum, односно тој практично го спаси ова дело, кое е со непроценлива вредност. Мислата на свети Максим е неисцрпен извор на проучување, а овој труд се надевам, е скромен придонес кон тоа.





ИСТОРИСКИ ТЕМИ

Тетовско - гостиварска епархија



# ХРИСТИЈАНИТЕ ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА - ПРИЛОГ КОН СОЦИЈАЛНАТА ИСТОРИЈА НА ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА (ВТОР ДЕЛ)[1]

Васко Гичевски

Османлискиот социјално-економски систем наметнувал и определени давачки vergiler/resimler, односно даноци. Христијанското население, како и сите останати, морало да ги плати државните даноци, но и даноците кон Црквата.[2] Бројните даноци како ушурот, ресми и агнам, ресми дунум, џезие, авариз итн., биле особен товар за христијанското население. Особено отежнувало тоа што имало и голем број на злоупотреби од страна на собирачите на данок. Најчесто била собирана поголема сума од со закон дозволеното, а даноците кои биле во натура биле собирано во парична вредност. Во интерес на просторот тука ќе наведеме само два примера за двата случаи погоре изнесени. Во контекст на покачувањето на даноците од страна на одредени лица издаден е циркуларниот ферман од декември 1781 година до сите кадии во Румелија, во кој стои напишано: „Рајата од Румелија поднесува разни притисоци и зулуми од валиите, мутеселимите, војводите и мубаширите,

1 Првиот дел од трудот е објавен во претходниот дел на списанието „Огледало“ (двоброј 10/11 – декември 2018).

2 Во оваа прилика поради просторот нема подетално да се задржуваме врз даночната политика. За оданочувањето и даночната политика кај османлиите види кај: Васко Гичевски, *Закупот на даноците во Османлиската империја*, Axios vol. 1, декември 2016 година, стр. 157 - https://issuu.com/axiosjournal/docs/axios_vol.1__2016_; Metin M. Cosgel Efficiency and Continuity in Public Finance: The Ottoman System of Taxation, Review of Social Economy, 2004, 33(3): 329-341; Васко Гичевски, Оданочувањето во Османлиската империја, Зборник на Пелагониските научно-културни средби, број 13, стр. 221-227. За црковните давачки во Османлиската империја види кај: А. Матковски, *Црковните давачки (kilise resimler) во Охридската Архиепископија*, МАНУ, Прилози II, Скопје 1971, стр. 39-72.

кои на редовните даноци им додаваат други суми, а по некој пат несреќната раја неправедно ја обвинуваат и ја затвораат, им ги продаваат имотите или се богатат на нечесен начин, а кадиите и наибите ги помагаат овие силеџии со тоа што не ја известуваат мојата Порта“[3]. За земање, пак, на даноци во пари, а за кои било пропишано да се собираат во натура, говори ферманот од 9 ноември 1706 година, во кој му се наредувало на војводата Осман во иднина да не зема десеток во пари од рајата на Касандра, а земените да ги врати и да бара само во натура[4]. Во еден документ од 7 декември 1715 година, испратен до Високата порта,[5] група селани се жалат дека „митрополитот Игнатиј наплатува од нас два па и три пати повеќе црковни давачки, угнетувајќи нè и мачејќи нè и по таков начин нè предизвикува да се разселиме и емигрираме.“[6] Од претходно изнесеното се согледува дека и кај црковните давачки постоеле извесни злоупотреби кои дополнително го притискале населението. Ваквите злоупотреби предизвикале масовни бегства на населението, одметнување во ајдуци, дигање на буни со цел да се намали феудалното угнетување и самоволието на поединци од владеачката класа. Некои даночни олеснувања имало населнието кое прифаќало да извршува специјални задолженија од типот на чување на клисурите-дервенџии, чување на патиштата-мартолози, оризариство-челтукџии итн. Оваа група на население главно била ослободувана од помалите и споредни даноци, додека останатите големи даноци ги плаќале како и сите останати.[7]

Условите за живот биле тешки. Покрај земјоделството, селаните се занимавале и со сточарство, живинарство, лов и риболов. Пространите шуми, исто така, нуделе можности и за трговија со дрва. Христијаните кои живееле во градовите имале значително полесна ситуација бидејќи даночните престапи и останатите зулуми во градовите биле реткост. Куќите биле главно градени на еден или два ката од плитар, а ако куќата била на два ката тогаш долниот кат бил резервиран за животните, а горниот за луѓето. Населението страдало од мноштво на болести меѓу кои и чумата, што предимно се должи на лошите санитетски услови. Најголем дел од населнието било неписмено. Се смета дека на 1000 луѓе одвај и 10-тина да биле писмени. Ситуацијата била особено лоша кај христијанското населние чија што единствена можност за едукација биле келијните училиште во црквите и манастирите. Религиозниот живот и кај муслиманите и кај христијаните бил на високо ниво. Се славеле сите црковни празници, познати и задржани до ден-денес.

3 Александар Матковски, *Крепосништвото во Македонија*, ИНИ, Скопје, 1978, стр. 105.

4 Александар Матковски, *Отпорот во Македонија за време на турското владеење*, том. 1, Мисла, Скопје 1973, стр. 109.

5 Овој западно европски назив се однесува на Султановата канцеларија, односно Султановата влада во Истанбул.

6 Александар Матковски, *Крепосништвото...*, стр. 106.

7 За селата со специјални задолеженија види повеќе кај: Александар Матковски, *Крепосништвото во Македонија*, ИНИ, Скопје, 1978; Александар Стојановски, *Дервенџиството во Македонија*, ИНИ, год.VII, Скопје 1964, стр. 111; Васко Гичевски, *Селата со специјални задолженија и нивната положба во даночната администрација на Османлиската империја*, AXIOS Vol. 2, 2017,стр. 113-122.





Силен удар христијанското население во Османлиска Македонија доживува во 1767 година, кога со султански декрет се укинува Охридската архиепископија[8]. Оваа институција за христијанското население претставувала матица и закрилник, можност за едукација и богослужење на словенски јазик. Со потпаѓањето под директна власт на Цариградската патријаршија, започнале обидите за грцизација на словенското автохтоно население кои не биле добро прифатени. Ова ќе биде и директен повод за движењето за создавање на една словенска Црква, олицетворена во Бугарската Егзархија во 1870 година, како и повод за создавањето на Кукушката унија и појавата на унијатското движење.

Векот на националното будење и модернизацијата на Балканот ќе доведе до отцепување и формирање на државите: Грција, Србија, Бугарија, Романија, со што Османлиската империја, која веќе е во замирање, ќе добие силен удар. Принудена е да спроведе реформи во државата како што е Танзиматот,[9] кој на христијаните ќе им донесе бројни привилегии и права и ќе започне процесот на развој на христијанското население, а засилено пропаѓање на Османлиската држава. Сè поголемиот нејзин надворешен долг, кој изнесувал околу 170.000. 000 златни лири,[10]додатно ја влошувал нејзината ситуација. Само за споредба нејзиниот годишен приход изнесувал некаде околу 130.000. 000 златни лири. Приватизацијата на тимариотските поседи од средината на XVIII век довело до формирање на нов општествен систем – чифлигарскиот, кој дополнително ја усложнил социо-економската позиција.

Од вкупно 2.209 чифлици во 1900 година во Османлиска Македонија, 158 припаѓаат на христијани, а 15 на црквите и манастирите.[11] Ова говори за прогрес на христијанското население, кое особено во текот на XIX век започнало масовно да се описменува и да се сели во градовите. Со формирањето на Бугарската егзархија се формирал и нов Булгар милет, кој требало да претставува опозит на несловенската Грчка црква, но наскоро, со формирањето на Бугарија во 1878 година, овој милет добил и политичко рување, па така секој кој одел во словенска, односно бугарска црква, по автоматизам се сметал и за припадник на Егзархијата и за дел од бугарскиот народ. Ваквата состојба довела до, буквално кажано, борба за души. Населението имало можност само да бира каква црква сака да има и тука верските и големодржавните пропаганди преку поткуп или присилување го убедувале населението да се приклучи на една или друга страна. Локалното население од Османлиска Македонија, останувајќи без

8 Треба да се напомене дека диецезата на Охридската архиепископија опфаќала територија поширока од етногеографската територија на Македонија, односно Османлиска Македонија и се простирла на територија на Србија до 1557 година, кога е обновена Пеќската патријаршија, на територија на Бугарија, Црна Гора, Албанија итн.

9 Период на реформи и модернизација на Османлиската империја. Со издавањето на Гулханскиот хатишериф и Хатихумајон христијаните и муслиманите биле изедначени и на христијаните им се гарантираат верските права и слободи.

10 Данчо Зографски, *Работничкото движење во Македонија*, ИНИ, Скопје 1971, стр. 20-21.

11 Диме Бојановски, *Чифличките односи во Македонија околу 1903 година*, Годишен зборник на Правно економскиот факултет, том 1, Скопје 1954 година.

својата матица Охридската архиепископија, било принудено да бира некоја од погоре наведените Цркви, кои што биле темел на „нацијата и државата“, а всушност биле само преоблечена верска организација, односно милет во етнополитичко руво. Сега веќе преструктуираната Османлиска Македонија, со три административни единици Солунски, Битолски и Косовски Вилает била плодно поле за крвопролевањата предизвикани од пропагандите.

Формарањето на МРО во 1893 година означило нова етапа на организираното политичко дејствување на словенското население од Османлиска Македонија, кое веќе имало свој закрилник. Од друга страна, пак, ова овозможило дополнително да се закрваат односите меѓу милетите во Османлиска Македонија. За илустрација ќе дадеме податоци од Битолскиот вилает. Според пописот од 1897 година населението во Битолскиот вилает броело 1. 061. 522 жители, а според пописот од 1906/1907 година броело 824. 808 жители[12]. Населението во Битолскиот вилает било составено од повеќе милети, па така според пописот од 1907 година во вилаетот живееле: 328. 551 муслимани, 288. 001 патријаршисти, 197. 088 егзархисти, 5. 556 власи, 5. 459 евреи и 2. 173 неизјаснети.[13] Падот во бројноста на населението е последица на: Илинденското востание од 1903 година, зулумите на османлиските власти кои следувале по него, и дејството на соседните пропагандни чети кои масакрирале цели села.[14] Ваквиот развој на настаните предизвикал голем број на човечки жртви и еден, за тогашните услови, голем бран на миграција на население кое трагало по подобар живот. Започнале и голем број на судири меѓу припадниците на различните големодржавни и верски пропаганди. Во периодот од 1904 до 1906 година во судирите помеѓу патријаршистите и егзархистите убиени биле 119 души, а 28 биле ранети, а од патријаршиските зулуми убиени биле 217 души, а 41 бил ранет. Само во периодот од 1 март 1905 година до 15 декември 1905 година според извештајот на Опенхајмер, имало: 36 убиени патријаршисти и 14 ранети од страна на егзархистите, 169 убиени егзархисти и 31 ранети од страна на патријаршистите[15].

Ваквата измешана и зовриена општествено-политичка ситуација дополнително ќе ја влоши и Младотурската револуција од 1908 година, во која масовно се вклучило и автохтоното население од Македонија,

12 Stanford. J. Shaw, *The Ottoman census system and population 1831-1914*, International journal of Middle East studies, Vol 9, No.3, Oct., 1978 , стр. 338

13 K. Karpat Osmanlı Nüfusu (1830- 1914), *Timaş Yayınları*, 2010, стр. 166-167. Во оригиналот за термините „патријаршисти и егзархисти“ стои „православни Грци и православни Бугари“, термини кои не смее и не може да се сфатат како етноними или национална определба бидејќи националноста како таква не постои во Империјата, туку таа своето население го дели според верска определба(милет систем). Од тука произлегува дека всушност „православните Грци и Бугари“ се верници од Битолскиот вилает кои припаѓаат на Грчката Вселенска Патријаршија и на отпадната од неа словенска Црква, Бугарската егзархија формирана во 1870 година.

14 При користењето на Османлиските демографски статиски треба да се земе предвид дека тие никогаш и не биле целосно точни, поради големината на империјата, честото селење на населението од место на место, бегањето на населението пред пописните комисии итн.

15 Австриски документи за историјата на макеоднскиот народ 1905-1906 том I,Скопје,1977. стр.126-129





надевајќи се за автономија, но сепак овие надежи ќе останат неостварени. Ваквата ситуација на политичка расцепканост и желбите на милетите за сепаратизам, всушност и довеле до избувнувањето на Младотурската револуција. Таа во своите програмски цели и задачи имала унифицирање и сплотување на населението под графата „Османлии“ и жестоко реагирала на сепаратистичките и автономистичките тенденции. Но поради сложеноста на ситуацијата, по револуцијата состојбите на теренот дополнително ќе се влошат, масакрите ќе се зголемат, упадите и судирањата со аскерот ќе бидат сè почести. Ваквата поставеност на нештата дополнително ќе ја ослабе Османлиската Империја, за на крај сето ова да резултира со нејзиното повлекување од Балканот во 1912 година со што христијанското население од Османлиска Македонија ќе стане жртва на големо империјалистичките апетити на балканските земји.





# АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ (1906-1981) – ПРВИОТ ПОГЛАВАР НА ВОЗОБНОВЕНАТА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ЛИЦЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ОД 1958 ДО 1981 ГОДИНА

Славе Николовски – Катин

*Во спомен на 95 годишнината (1924-2019) од замонашувањето на Архиепископот Доситеј*

*Архиепископот Охридски и Македонски господин господин Доситеј е роден во историското Маврово, на 7 декември 1906 година, со крстено име Димитар Стојковски. Доситеј бил предложен за прв поглавар на Македонската православна црква и едногласно бил избран со титула архиепископ охридски и скопски и прв митрополит македонски.*

Христијанското население од Македонија ги искажувало духовните и интелектуалните потенцијали низ дејноста на Охридската архиепископија. Затоа, негувањето на црковната литература, архитектура и сите видови на ликовната и применетата уметност, сврзани за иконографијата и литургијата во науката се високо оценети. Црквата одиграла првостепена улога за македонскиот народ во текот на тешките периоди на ропство. Затоа се вели дека Црквата била основата на националното признавање и лулка на ренесансата на македонците во подолг период.

Така, според скромните историски податоци за поглаварите во Самуиловата држава и почетоците на Охридската архиепископија е забележано дека Самуил за прв поглавар на Преспанската (македонска) црква го наименувал Герман-Гаврил. Тој уживал голема почит и бил мошне близок на својот господар, што се потврдува и со фактот дека и самуиловиот првенец и престолонаследник го добил името на црковниот поглавар - Гаврил.

Непобитно е дека Самуил и Герман-Гаврил се избориле за автокефалноста на Охридската архиепископија, со што и поглаварот бил потврден од Апостолската столица, а црквата го добила своето дефинитивно оформување како самостојна помесна црква. Не се знае кога починал Гаврил. Меѓутоа, познато е дека тој бил поглавар на чело на Црквата сѐ додека нејзиното седиште било во Преспа и тука се упокоил, не стигнувајќи да се пресели во Охрид. Според народните преданија, вечното почивалиште му е во манастирската црква во селото Герман, во Долна Преспа, во егејскиот дел на Македонија.

Доситеј II е возобновител и прв Архиепископ Охридски и Македонски на возобновената Македонска православна црква – Охридска архиепископија. Тој се смета и како наследник на Арсениј II, кој бил последен архиепископ на укинатата Охридска архиепископија во 1767 година.

Кога се пишува за денешната Македонска православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ-ОА), еден од најзначајните духовни водители е, секако првиот поглавар г.г. Доситеј. Име кое ќе остане забележано со златни букви во историјата на МПЦ-ОА и на македонскиот народ.

Според историските податоци, Архиепископот Охридски и Македонски господин господин Доситеј II е роден во историското Маврово, на 7 декември 1906 година. Неговото родно место е сместено во најголемиот природен парк во Македонија, Националниот парк „Маврово" на јужниот брег на денешното Мавровско Езеро. Маврово, кое е планинско село, се наоѓа под падината на планината Бистра на надморска височина од околу 1200 метри. Според записите на Ѓорче Петров од 1896 година, на крајот на XIX век, Маврово било распрснато и раздробено село на 8 маала, така што за негова обиколка биле потребни околу еден и пол час.

Роден е со крстено име Димитар Стојковски, како четврто дете од осумте деца на Лазар и Софија. Израснал под планината Бистра. Целиот свој живот го посветил во служба на црквата. Богословија започнал да учи во Сремски Карловци во 1922 година, а се замонашил во 1924 година, на 17 години, во црквата „Пресвета Богородица Пречиста", Кичевско.

Негов духовен татко бил игуменот Григориј. По одредените подготовки, Доситеј заминал за Света Гора, каде улогата на духовен татко ја презел игуменот Митрофан од манастирот „Хиландар". На Света Гора останал сѐ до 1932 година, кога поради потребата од дошколување заминал во Битолската богословија.

Како монах Доситеј престојувал и во манастирите „Свети Наум" во Охрид, „Пресвета Богородица" (Трескавец), Буковскиот манастир и други. Во меѓувреме, на 12 февруари 1934 година, од страна на владиката Николај, во црквата „Пресвета Богородица" во Битола, Доситеј бил назначен за јероѓакон, додека на Цветници го примил јеромонашкиот чин.

Доситеј будно го следел решението на македонското црковно прашање и вложувал максимални усилби за негово разрешување преку обновата на Охридската архиепископија и создавањето на Македонската православна црква. Длабоко во себе бил свесен за своето потекло.





Богословијата во Битола ја завршил во 1937 година, а истата година Српската православна црква, како казна за неговата „непослушност" не му доделила стипендија за да се запише на Теолошкиот факултет во Белград. Сепак, бил прифатен од нишкиот епископ Доситеј, кој го примил во служба што му овозможило паралелно и да студира на Теолошкиот факултет во Белград и да дипломира во 1942 година.

Како последица на промените во Македонија за време на Втората светска војна, во Српската православна црква (СПЦ) настанале превирања. СПЦ сакала да ја спроведе старата српска црковна политика и да го врати во Македонија стариот скопски митрополит Јосиф. Доситеј, прво го отстраниле од црквата и го испратиле да управува со патријаршискиот двор во Сремски Карловци. Таму останал до 1949 година, каде прво добил титула архимандрит, а подоцна бил избран за епископ топлички – викарен на српскиот патријарх Викентиј. Хиротонијата за викарен епископ се одржала на 22 јули 1951 година.

Доситеј ја дознал политиката на Српската православна црква и отворено се спротивставувал на ваквите намери. Во тоа време интензивно комуницирал со Иницијативниот одбор за организирање и за формирање на Македонската православна црква. Најголем дел од членовите во Одборот биле македонски свештеници, кои за време на војната и потоа, останале со народот и ја споделувале неговата судбина.

На иницијатива на Одборот, во декември 1951 година, Доситеј со благослов на српскиот патријарх Викентиј ја посетил Македонија. Тоа бил значаен датум за македонците, бидејќи по ослободувањето во 1945 година, првпат земјата ја посетил некој македонски владика.

Посетата на Доситеј во Македонија предизвикала негативни реакции кај радикалите во СПЦ, а по неговото враќање во Белград, бил остро напаѓан од поранешниот скопски митрополит во Македонија, Јосиф.

Додека Српската православна црква инсистирала на враќање на нејзините стари епископи, пред сѐ на митрополитот Јован, поранешен четнички војвода и познат по својата асимилаторска политика, паралелно Иницијативниот одбор решително се залагал на испразнетите места да дојдат македонски епископи.

Во 1957 година во координација со Доситеј, Иницијативниот одбор за организирање на МПЦ, се согласил со СПЦ да ја усогласи организацијата во македонските епархии, во согласност со Уставот на СПЦ, а на српскиот патријарх Викентиј да му се признае статус администратор на трите епархии.

Истовремено, Синодот на СПЦ се обврзал на наредното собрание на Светиот архијерејски собир, во мај 1958 година да се изврши избор на македонци архијереи за сите три епархии.

Вториот црковно-народен собор се одржал во Охрид на 4 октомври 1958 година. На соборот учествувале вкупно 219 делегати, свештеници и мирјани. На соборот во црквата „Света Софија" била донесена Одлуката за возобновување на Охридската архиепископија.

Откако се донела Одлука за возобновување на Охридската архиепис-

копија, а во согласност со одлуката изборот на митрополитот и епархиските архијереи да биде од Македонија, Доситеј бил предложен за прв поглавар на Македонската православна црква и едногласно бил избран со титула Архиепископ Охридски и Скопски и прв митрополит Македонски.

За време на изборот биеле сите камбани во Охрид. По појавувањето на Доситеј во црквата „Света Софија", свештеникот Нестор Поповски официјално му ја соопштил Одлуката за возобновување на Охридската архиепископија и Одлуката за избор на прв поглавар на Македонската православна црква.

Во негово време од темел била возобновена Црквата, со сите нејзини витални органи: епархиите, епископатот, свештенството, црковните општини во татковината и во дијаспората, црквите и манастирите, образованието и просветата. Во 1967 година била отворена Богословијата, а во 1977 година Богословскиот факултет во Скопје.

Целиот свој живот го посветил на службата на Црквата. Тој будно го следел решението на македонското црковно прашање и вложувал максимални усилби за негово разрешување преку обновата на Охридската архиепископија и создавањето на Македонската православна црква.

На вториот црковно-народен собор, одржан од 4 до 6 октомври 1958 година, бил избран за поглавар на МПЦ во обновената Охридска архиепископија.

Под негово раководство бил свикан Третиот црковно-народен собор, одржан на 18 јули 1967 година, на кој МПЦ била прогласена за афтокефална.

Инаку, во 1958 година, во Охрид се одржал Вториот македонски црковно-народен собор, каде што бил прифатен предлогот за обнова на Охридската архиепископија, олицетворена во самостојната Македонска православна црква, а за нејзин прв епископ бил избран господин Доситеј.

Одлуката за самостојност на МПЦ била потврдена преку отслужувањето на заедничка архијерејска литургија со српскиот патријарх Герман, во јули 1959 година во црквата „Свети Мина" во Скопје, и во исто време била извршена и хиротонија на преспанско-битолскиот владика Климент. Со тоа Светиот архијерејски синод на СПЦ и дал самостојност на МПЦ, со што, таа и натаму останала во канонско единство со СПЦ преку нејзиниот патријарх.

Во мај 1962 година во придружба на патријархот Герман, со неколку епископи на СПЦ во посета на МПЦ пристигнал московскиот патријарх Алексиј, придружуван од митрополитот Никодим, епископот Пимен и повеќе великодостоинственици на Руската православна црква. На празникот на свети Кирил и свети Методиј во црквата „Пресвета Богородица–Каменско" во Охрид била одржана и архијерејска литургија на која што служел московскиот патријарх Алексиј во сослужение на српскиот патријарх Герман и Архиепископот охридски и митрополит македонски Доситеј. Тоа било прво сослужување на поглаварот на МПЦ со поглавари на други автокефални цркви.





Доситеј бил поглавар на Македонската православна црква од 4 октомври 1958 до 20 мај 1981 година. По него архиепископи на МПЦ биле Ангеларij (18.8.1981 до 15.7.1986 година.), Гаврил (4.10.1986 до 9.6.1993 година.), Михаил (од 21.12.1993 до 6.6.1999 година) и Стефан (од 10.10.1999 до денес).

Првиот архиепископ на возобновената Охридска архиепископија во ликот на Македонската православна црква архиепископот господин господин Доситеј почина на 20 мај 1981 година. Неговиот гроб се наоѓа во црквата „Свети Димитрија", во Скопје.

Во спомен на 25-годишнината од неговото упокојување, во 2007 година после Божествената литургија, по повод патрониот празник Свети Климент Охридски и 40-годишнината од возобновувањето на автокефалноста на Македонската православна црква - Охридска архиепископија, пред соборниот храм „Свети Климент Охридски" во Скопје беше откриен и осветен споменик на архиепископот Доситеј, првиот поглавар на МПЦ. Споменикот на архиепископот Доситеј го изработи скулпторот академик Томе Серафимовски.







# РЕГИСТАР СО ПОВАЖНИ ДАТУМИ ОД ЦРКОВНИОТ ЖИВОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

## (ВТОР ДЕЛ)[1]

Петар Петковски,
дипл. теолог

**5 – МАЈ:**

**- 01 мај 1955 година:** *Во с. Добрушево (Битолско) роден е Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва г. г. Стефан;*

**- 9-10 мај 1946 година:** *Одржана е Свештеничка конференција во Скопје;*

**- 20 мај 1912 година:** *Во Ново Село, Штипско, роден е четвртиот Архиепископ Охридски и Македонски г.г. Михаил (Гогов);*

**- 20 мај 1981 година:** *Упокоен е првиот Архиепископ на возобновената Охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква – г. г. Доситеј (неговото гробно почивалиште се наоѓа во припратата на храмот „Свети вмч. Димитриј“ во Скопје);*

**- 27 – 28 мај 2018 година:** *Се одржа свечена и јубилејна прослава по повод големиот јубилеј „1000 години Охридска архиепископија“ во древниот Охрид.*

**- 28 мај 2017 година:** *Се изврши канонизација на светиот Епископ Велички Гаврил Светогорец во Соборниот храм „Свети Николај“ во Штип;*

**- 29 мај 1946 година:** *Во с. Богомила (Велешко) роден е Митрополитот Преспанско – пелагониски и администратор Австралиско-новозеландски г. Петар;*

1 Првиот дел е објавен во претходниот дел на списанието „Огледало“ (двоброј 10/11 – декември 2018)

## 6 – ЈУНИ:

**- 10 јуни 2013 година:** *Упокоен е првиот Митрополит Американско-канадско-австралиски, а потоа и прв Митрополит Полошко-кумановски г. Кирил (Попоски) при возобновената Охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква (неговото гробно почивалиште се наоѓа во дворот на манастирскиот храм „Свети вмч. Георгиј“ – с. Дељадровце, Скопско);*

**- 14 - 15 јуни 1981 година:** *Извршена е хиротонија за Епископ на Митрополитот Преспанско – пелагониски и администратор Австралиско-новозеландски г. Петар во Соборниот храм „Св. великомаченик Димитриј“ во Скопје, а наредниот ден бил интронизиран за Митрополит на Преспанско-битолската епархија во Соборниот храм „Св. великомаченик Димитриј“ во Битола;*

**- 15 јуни 1986 година:** *Упокоен е вториот Архиепископ на возобновената Охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква – г. г. Ангеларij (загинал кај Дреновската клисура, а неговото гробно почивалиште се наоѓа во дворот на храмот „Свети вмч. Димитриј“ во Скопје);*

**- 18 јуни 1979 година:** *Упокоен е првиот Митрополит Преспанско-битолски г. Климент (Трајков) при возобновената Охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква (неговото гробно почивалиште се наоѓа во припратата на храмот „Пресвета Богородицај“ во Битола);*

**- 18 јуни 1980 година:** *Во придворскиот манастир „Свети вмч. Георгиј“ во Криви Дол – Скопје, замонашен е Митрополитот Преспанско-пелагониски и администратор Австралиско-новозеландски г. Петар;*

**- 21 јуни 2005 година:** *Во Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје, на третиот ден од Духовден, во епископски чин со титула Велички беше хиротонисан г. Методиј (Златанов), викарен Епископ на Скопската епархија;*

**- 23 јуни 1934 година:** *Во с. Царев Двор, Преспанско, се родил Митрополитот Полошко-кумановски г. Кирил;*

**- 26 јуни 1977 година:** *Во храмот „Свети вмч. Димитриј“ во Скопје за Епископ Тивериополски е хиротонисан г. Горазд;*

## 7 – ЈУЛИ:

**- 03 јули 1986 година:** *Во манастирот „Свети Наум Охридски“, Охридско, замонашен е Архиепископот Стефан (Вељановски);*

**- 05 јули 1977 година:** *За Митрополит Дебарско-кичевски бил интронизиран Ангеларij (подоцна втор Архиепископ на возобновената МПЦ). Исто така, тој бил поставен за администратор-сотрудник на болниот Митрополит Преспанско-битолски Климент;*

**- 06 јули 1999 година:** *Се упокои четвртиот Архиепископ на возобновената Охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква – г. г. Михаил (неговото гробно почивалиште се наоѓа во припратата на храмот „Свети Наум Охридски“ во населба Радишани, Скопје);*





**- 12 јули 1986 година:** *Извршена е хиротонија за Епископ на Архиепископот г. г. Стефан во храмот „Свети Димитриј“ во Скопје, како Митрополит Злетовско-струмички, а кратко потоа именуван е за Митрополит на Брегалничката епархија;*

**- 12 јули 1998 година:** *Хиротонисан е Митрополитот Повардарски г. Агатангел (Станковски) за Епископ Велички, а на таа функција останува до 26. 11. 2000 година;*

**- 12 јули 1967 година:** *Извршена е хиротонија на Митрополитот Полошко – кумановски г. Кирил за Епископ Тивериополски. Во 1969 година заминал за Канада, со седиште во Торонто, со цел да ја организира прекуокеанската епархија. Со Австралиската епархија, која во 1974 година била одвоена од Американско-канадската, активно раководел до 1982 година, а со Американско-канадската до 1987 година. Во периодот на раководењето со овие епархии, од 1971 до 1978 година, администрирал и со Полошко-кумановската епархија. Во 1987 година бил назначен за Митрополит Полошко-кумановски.*

**- 12 јули 2005 година:** *Во храмот „Св. Димитриј“ - Битола хиротонисан е за викарен Епископ г. Климент, со титула Хераклејски, на Преспанско-пелагониската епархија;*

**- 13 јули 2006 година:** *Во Соборниот храм „Свети Николај“ во Штип хиротонисан е за викарен Епископ г. Иларион, со титула Баргалски;*

**- 17 – 19 јули 1967 година:** *Во Охрид се одржал Третиот македонски црковно-народен собор, на кој се донела историската одлука за прогласување на автокефалноста на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква;*

**- 17 – 19 јули 1967 година:** *За време на Третиот македонски црковно-народен собор – е донесен првиот Устав автокефална МПЦ-ОА;*

**- 17 – 19 јули 1967 година:** *За време на Третиот македонски црковно-народен собор формирана е Американско-канадската епархија, како една од дванаесетте, односно како една од четирите задгранични епархии на Македонската православна црква. Прв нејзин епархиски архиереј бил Митрополитот Кирил, кој 20 години ја управувал епархијата (1967–1987). Од 1987 до април 1989 година Митрополитот Стефан ја носел титулата Митрополит Американско-канадски; од април 1989 до 1992 епархијата ја администрирал Архиепископот Гаврил, а потоа епархијата била под административна надлежност на Синодот. Архиепископот Михаил го презел администрирањето од 1993 до 1999 година, Архиепископот г. г. Стефан од 1999 до 2006 година, а Митрополитот Американско-канадски г. Методиј (Златанов) од 2006 година;*

**- 17 – 19 јули 1967 година:** *За време на Третиот македонски црковно-народен собор се возобновила и древната Величка епархија со седиште во Охрид. На 18 јули 1967 година, викарниот Епископ Методиј (Попоски) бил назначен за епархиски архиереј на Величката епархија со седиште во Охрид. Само после една година, на одржа-*

*ниот Црковно-народен собор, на 17 октомври 1968 година, со одлука бр. 538, древната Величка епархија е преименувана во Дебарско-кичевска епархија, повторно со седиште во Охрид, и со неа управувал архиерејот Методиј сè до неговото упокојување на 25 февруари 1976 година;*

**- 19 јули 1959 година:** *Во храмот „Свети Мина“ во Скопје бил хиротонисан за архијереј Митрополитот Климент (Трајков) од: Патријархот Српски Герман, Архиепископот Охридски и Македонски Доситеј и Епископот Бачки Никанор;*

**- 26 јули 1959 година:** *Неколку дена по хиротонијата на владиката Климент, во храмот „Свети Николај“ во Штип, тогашниот Архиепископ Доситеј и Преспанско-битолскиот Епископ Климент ја извршиле хиротинијата на Наум (Димовски) за владика на Злетовско – струмичката епархија;*





**МЕДИЦИНА**

Тетовско - гостиварска епархија



# АГРЕСИВНОСТА ВО ИНТЕРПЕРСОНАЛНИТЕ ОДНОСИ (ВТОР ДЕЛ)[1]

проф. д-р Методи Чепреганов,
неуропсихијатар

Во овој контекст, теоријата на фрустрационата агресија, се заоснова на фактот дека „појавата на асоцијално и агресивно однесување на една личност секогаш претпоставува постоење на фрустрација и обратно, постоењето на фрустрација секогаш води кон некој тип на агресија и асоцијално однесување".

Да, кон бројни психолози оформувањето на хармонијата на социјалниот мозок и социјалната когниција, е процес кој трае и во него се имплицирани бројни фактори:

- личните животни фрустрации и нивниот интензитет;
- карактерот на индивидумот, поточно хармоничниот, или дисхармоничниот конгломерат на неговите карактерни особини патопластицирани во текот на неговиот живот;
- неговата едукација;
- воспитание;
- инкорпорацијата на социјални, морални, религиозни и етички норми и
- богатството и резервоарот на знаења.

На овој животен багаж, секогаш се натоварени и политички и општествено-социјални елементи, креирани, помалку, или повеќе, во зависност од времето на нашето постоење, така што секој од нас го носи со себе и печатот на своето време.

1 Првиот дел е објавен во претходниот дел на списанието „Огледало" (двоброј 10/11 – декември 2018)

Столетијата, со сите социјални, економски и воени премрежија, на фундамент на одредено ниво на заедничка едукација и воспитание, го формираат психо-профилот на една нација, со сите архетипови во колективното јас, од што покасно ќе зависат менталните и интелектуалните склопови и капацитети на општиот позитивен, или негативен квантум на таа нација, популација, или народ, неговото однесување, интелектуален капацитет и знаења, работоспособност, толерантност и флексибилност, визионерство и креативност, со еден збор нивото на неговото постоење, крајно примитивно, или високо интелектуално, практично, хумано и издржано.

Ова означува дека токму овој, тн. општествен параметар со тек на многу години го „креира" психо профилот на една популација, на еден народ, поточно го:

- моделира начинот на размислување и делување на масата;
- осмислено;
- конструктивно;
- објективно;
- реално и
- визионерско кон иднината; или
- емотивно;
- моментално;
- неиздржано;
- импровизаторско;
- без креативност;
- со склоност кон уништување на сè што било создадено од претходните генерации.

Крајно опасен феномен кој го креира психо профилот на една одредена популација, односно народ, а кој за жал го стопира прогресот на истиот тој народ.

Во актуелниот момент, тоа би бил фундаментот, за еминентните психолози во светот на теорискиот концепт на анатомијата на човечката деструктивност, преточена во нов вокабулар во името на социјална когниција, со социјални структури во мозокот, задолжени за неа, со хармонично, или дисхармонично функционирање на секоја личност, пред сè во знаењата, во толеранцијата и флексибилноста богата со емпатија, како фундамент во нашите секојдневни интерперсонални конекции.

Сепак, современите мислители, а особено психолозите се исправени пред еден апсурд, на нашето секојдневие во името на „степенот на деструктивност за кој очекуваме да се намалува со матурацијата на цивилизацискиот ментум, за жал ефектот е обратен, тој расте, во корелација со се поголемиот развиток и напредок на цивилизацијата".

Апсурд кој ја застрашува и прави ирационална иднината на светот!

Сферите на политичко и економско влијание, како сценарио од некоја моќ, кон некого, ги загрозува човековите витални интереси загрозувајќи ја неговата лична и општествена слобода.





Желбата за слобода е биолошка реакција на човечкиот организам и во неа се длабоко инкорпорирани културата и едукацијата на секоја индивидуа .

Историјата на цивилизациите, во суштина, секогаш била борба за слобода и слободен опстанок, бидејки отсекогаш слободата била услов за успешен развој на една личност, за негово добро ментално здравје и благосостојба.

Симболички речено, слободата е олицетворение на виталниот биолошки интерес на човекот. Нејзиното загрозување предизвикува дефанзивна, одбранбена агресија кај индивидуумот, исто како и кога се загрозени неговите витални интереси и функции.

Ако би се обиделе да заклучиме во контекст на социјалната когниција, мораме да признаеме дека дефинитивен заклучок немало и веројатно нема да има:

- вртешката на животот се вртела, се врти и продолжува да се врти и понатаму, и тоа во две насоки, или:

а – реално, вистинито, објективно и максимално хармонично, животворно, или

б – нереално, лажно, изместено, необјективно, ирационално, импровизаторно и полно со емоции, кои за жал ја стеснуваат свеста и совеста и го реметат логичниот начин на размислување, неживотворно и животоуништувачко.

За жал и пред постоењето кај сите од нас на мозочни структури за социјален мозок, останува апсурдот и ирационалноста за нашата сопствена деструкција, вековно присутна и неискоренлива, со отворена енигма до кога и зошто?

И за крај малку невронаука.

Фундаментално прашање: Дали агресијата има невробиолошка подлога и која е експликацијата на невронауката во актуелниот момент?

Во функционална смисла мозокот е поделен на два дела:

Стар дел (палео кортекс, амигдала и хипокамп) кој управува со основните функции, нагоните и инстиктивните реакции, и

Млад дел кој управува со вишите функции, претставен со неокортексот.

Двата дела се во постојана и интензивна комуникација.

Агресивното однесување потекнува од дисфункцијата на меѓусебно поврзаните мозочни структури во кои спаѓаат префронталниот кортекс, предниот цингуларен кортекс, и субкортикалните лимбични структури со амигдалата.

Предниот цингуларен кортекс функционално се поврзува со вишите извршни функции и стратешкото планирање, тој ги разрешува конфликтите и препорачува соответна акција.

Вишите центри на кој предниот цингуларен кортекс и предложува ре-

шенија е орбитофронталниот кортекс, кој има улога да донесува одлуки и да го планира нашето однесување.

Нашата психобиолошка хармонија, нарекувана со име хомеостаза, постојано е во корелација со нашиот хормонален баланс, или дизбаланс, со неуромодулаторите (норадреналин, серотонин и допамин) како и со неуромедијаторите, глутаматот како ексцитарот и акцелератор и ГАБА како инхибитор и кочничар.

Во невробиолошкиот концепт на агресивното однесување посебно место завземаат невротрансмитерите и гените.

Невротрансмитерите (неуромодулаторите) служат за пренос на сигналите помеѓу невроните и се имплицирани на различни начини во голем број на пореметувања, во антисоцијалното однесување, во агресијата и насилството.

Од друга страна, дисфункцијата на гените, кои регулираат различни аспекти на серотонинергичната и допаминергичната неуротрансмисија, играат значајна улога во патофизиологијата на агресијата и насилството.

Различни мозочни структури управуваат со сложениот феномен на агресијата, со нејзиното изразување и модулација, како и со сите комплементарни механизми, што значи дека ништо со нас и околу нас не се случува случајно, сите наши дејанија се програмирани во мозочните структури, кои за жал во текот на матурацијата на мозокот можат да бидат повредени, така што бројни се процесите, од генетска природа, понатаму, изложеност на токсини, повреди, малнутриција, воспаленија и инфекции, невронални миграции, пореметувања во органогенезата, сите тие можат да доведат до суптилни конституциски слабости во клучните мозочни регии кои го регулираат агресивното однесување,

Сите ние на Мајката Земја планета живееме со аксиомот „сé е менливо и минливо", „сé тече и сé се менува", а дијалектиката многу јасно и едноставно го дефинира нашето постоење, „се оддалечуваме за да се приближиме, а сме се приближиле бидејќи веќе сме се оддалечиле".

Емотивните напливи тлеат во нас и на различен начин биваат експримирани и доживеани, во корелација со нашата психофизичка природна надареност, со нашата карактерна специфика, со нашиот резервоар на знаења, со нашата едукација и воспитување, со сето она што сме го вградувале во нас, во текот на нашиот живот или ни го дала „мајката природа".

Внатрешните капацитети за регулација на емоциите се сосема индивидуални, субјективни и различни за секоја личност, одделно, и во никој случај не можат да се унифицираат; тие се во директна поврзаност со правилниот и навремен развиток со основите на емоционалната сознателност и зрелост, феноменологија, во која стресот, со своето влијание, игра огромна улога.

Денеска научниот свет со сигурност знае дека психопатологијата на емоциите е една крајно богата научна раскрсница, крстопат низ кој минуваат различни дисциплини: невробиолошки, психијатриски, психоаналитички, когнитивни психолошки, социјални и клинички.

Целта на сите коишто се занимаваат со оваа проблематика, е крајно





симплифицирана и единствена: - Максимална психопатолошка интегрираност на афективните феномени, за што поголема и поисцрпна самоконтрола на истите во нашето секојдневно постоење, како би можел нашиот живот да ја има својата основна смисла и цел, знаење, креација, визија, исполнетост и задоволство од и со работата, сето тоа на длабок духовен фундамент.

Агресијата, за жал е секојдневно присутна во нашите интерперсонални односи, дома, на работа, на улица, дури и во дипломатските односи помеѓу државите, значи секаде и на секое место, каде постојат најмалку две индивидуи.

Главните креатори, и подгревачи, на најголемата опасност на иднината за секого од нас е ЕКОЛОГИЈАТА НА ДУХОТ- НАШИТЕ ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ, поточно проблемот на агресијата односно моќта на човековиот деструктивен инстинкт (нагон), од нас и врз нас самите, сосема свесни дека „човек кон човека е волк".

Агресијата е интелектуална немоќ за справување со соговорникот, отсуство на знаење, немање ментален капацитет и концентрација, култура на комуницирање и однос кон дијалогот во меѓучовечките односи.

Во најширока смисла на зборот АГРЕСИЈА е начин на однесување, размислување, делување со силен непријателски набој кон соговорникот.

Како заклучок, во денешниот насилен свет, исполнет со убиства и насилство, агресијата би морале да ја сметаме како збир од бројни фактори, помеѓу кои доминира интелектуалната немоќ и недостатокот на инкорпорирани социјални, морални, етички и духовни норми, од што резултира неспособност да се разговара, да се преговара и да се донесе соодветен заклучок, без агресија и насилство.

И не постои поголем самоуништувач од самољубието, гордоста, зависта или, со еден збор, нарцисоидноста, особено од малигната нарцисоидност.

Терминот нарцисоидност – означува човечки деструктивни нагони, односно извршување на задоволство од суета, егоистичен восхит на сопствените физички или ментални атрибути, кои произлегуваат од арогантност и гордост. Таквата личност живее за конфликти и се храни со конфликти. Конфликтуозните состојби кои самата ги креира и режира, се нејзина насушна и душевна храна.

Нарцисоидност е себеобожување, себеугодување, извршување на своите должности само и единствено за своја сопствена корист, личноста, чувствата ги доживува само како сопствени желби, потреби и сé она што е во врска само со неа самата, со нејзиното тело, а сé друго, што не е нејзино, не е вистинско и тоа станува афективна тежина во нејзините интимни доживувања.

Сé што и припаѓа на таа личност, има значење, а останатите се без какво било значење, беспредметни и неважни, на таквата личност и недостасува способност за објективност и реалност, а во колку таа личност биде загрозена, таа реагира со интензивно лутење и бес, станува гневна, никогаш не заборава навреда и има огромна желба за освета.

Особините на нарцисоидната личност се именуваат со гордост и тврдоглавост, интолерантност, заробени во егото, голема суета и инает, за жал, особини од кои страдаат сите околу него.

Малигната нарцисоидност е особено опасна по опкружувањето, насекаде во светот во секојдневните интерперсонални односи, дома, на работа, на улица.

Малигните нарциси прават невозможни напори, со лаги, со манипулации, со интриги, со подметнувања, дури и со спремност за убиство, за да ја постигнат својата замислена цел. Умеат да се однесуваат, со однос кој е апсолутно лажен и лицемерен, исклучиво за постигнување на својата цел.

Фонот на нивните карактерни особини е крајно специфичен, без трунка на морал, етика и воспитание: многу лажат, инсценираат, лажно обвинуваат, умеат да ги драматизираат собитијата, многу клеветат, мамат, крадат, манипулираат, обвинуваат, окривуваат, ги превртуваат работите, само со една цел да го добијат и остварат тоа што го сакаат и да имаат некакво оправдување. Она што го прават е крајно егоцентрично и полно со злоба и омраза, но тие личности тоа никогаш не го доживуваат како погрешно. Нивната цел е да ги задоволат своите желби, а ако се спречени многу свирепо се одмаздуваат. Никогаш не покажуваат желба и склоност за разбирање во интерперсоналните односи, за меѓусебно договарање, за почит, за емпатија. Малигно нарцисоидната личност никогаш нема чувство за вина, туку обратно во секоја конфликтна ситуација, таа умее да ја окриви секогаш другата страна.

Сепак, во секојдневното живеење многу позастрашувачка е групната нарцисоидност, која создава еден многу опасен феномен на солидарност и кохезија на една одредена група или популација .

На ваков начин „созреаната група" е многу лесна за манипулација и злоупотреба, ништо неможе да ја стопира, особено кога ќе се појави и градацијата фанатичност и фанатизам, како еден од најкарактеристичните квалитети на групната нарцисоидност.

Таа се создава многу лесно и „многу евтино", практично, во сите општества. Потребно е само да се најде или да се „роди" идеолог кој ќе ги формулира паролите што ја раѓаат групната или општествената нарцисоидност. Најчест мотив е националната самобитност, „нацијата и нејзиното постоење како идол и светост".

За жал, сите знаеле дека апсурдот ќе ги уништи и едните и другите, но, сепак, тргнуваат по патот на ирационалноста (!!!). Разумот едноставно исчезнува .

Идејата „зрее" од ден на ден и конечно постигнува една усвитеност на масовна хистерија, којашто повеќе неможе да се контролира, бидејќи општествената свест е веќе значително редуцирана, не ретко сосема изгубена, логиката и реалноста кај поединецот повеќе не постојат, масата може да се манипулира до максимум. Таа е подготвена да убива, да линчува, да пустоши, во името на барањето, правата и идеалите поставени од водачот. Нема сила што може да ја контролира усвитената масовна хистерија, кај која што нема логично размислување, свеста е до максимум стеснета,





а со тоа и манипулацијата е максимално можна. Има безброј примери во светската историја, коишто на дело ги покажуваат дејствијата на усвитената масовна хистерија, војни, штрајкови, протести, навивање со дивеење по стадионите итн.

Логично е да се постави прашањето: Има ли решение за човековата деструкција?

Секој поединец има потреба од задоволување на своите егзистенцијални потреби, коишто се манифестират преку човековите страсти: независност, вистина, омраза, нежност, желба за правда, нарцисоидност, деструктивност.

Тоа се, всушност, човечките страсти кои се интегрирани во човековиот карактер, кој претставува еден релативно постојан систем на сите неинстинктивни тежненија, со помош на кои човекот се однесува кон човечкиот и природниот свет.

На поединецот му е потребна патоказна карта за неговиот природен и општествен свет, без која би бил неспособен да делува и да твори. Но, се чини дека таа патоказна карта не би била доволен водач за акција, ако ја нема јасно дефинираната цел, каде и кон што треба да оди, како да расте и да созрева.

Животните го немат тој проблем, бидејќи инстинктите им се и карта и цел.

Човекот има мозок кој му овозможува во кој правец да оди, каде и кон што да се стреми. Потребен му е пат што ќе го восхитува, постојано ќе го одржува, тој навистина нема потреба од некоја прокламирана транзиторна вредност, таа е минлива, листопадна, туку обратно, нему му е потребна вистинска вредност, вредност што восхитува и е постојана.

Тој пат на восхит и почит треба да ја обединува неговата енергија, да го издигнува над неговата сопствена егзистенција и да му дава значење на неговиот живот .

Целта на технологијата е да се скроти природата, за да донесат информации и удобност за човечките суштества. Науката дава увид во животот на природата, а духовноста прави природата да оживее. Технологијата, без духовност е деструктивна, а духовноста е технологија на свесноста, така и целиот свет е претстава и прикажување на свесноста.

Сепак, за жал, и покрај сите предупредувања, се чини дека човекот и понатаму го следи апсурдот и ирационалноста на неговата сопствена деструкција, бидејќи таа енигма, родена во него и за него, за сопствено уништување, била и останува нерешлива и, пак, за жал, вековно присутна.

Енигмата за агресијата во нашите секојдневни интерперсонални односи е наша, а одговорот, со можните идни решенија, е во нас!

Реперкусии од состојбата: Два одговора: реален (психолошки), нереален политички (власт, профит, личен интерес, поради асоцијални карактерни промени со параноја и малигна нарцисоидност).

Тврдокорност, тврдоглавост, негативна карактерна особина кај примитивни личности, без знаење, без инкорпорирани норми за хармоничен интерперсонален однос, а сосема друга карактерна особина е издржливост

присутна и во функција кај луѓе со висока емоционална интелигенција, максимално матурирани, со енормно богатство од знаења, со исфилтрирана идејна програма, на која работат упорно со години.

Кој страда: народот, разделен, расцепен, нема интерперсонална хармонија, нема почит, нема емпатија, нема толеранција, а флексибилноста е изгубена. Изгубени работни саати, намалена работоспособност, конфликтни состојби, разделени фамилии, разделени пријатели, лоши односи на работното место, бројни психосоматски болести.

P.S.

Во сите земји на мајката Земја планета се поставува прашањето: Дали деструктивноста како карактеролошка особеност остава секвели и има реперкусии во секојдневниот живот на обичниот граѓанин? За жал насекаде во светот одговорот е многу позитивен и има крајно негативни последици, со два можни одговора:

- реален (психолошки), и
- нереален (политички: власт, профит, личен интерес, асоцијални карактерни промени со параноја и малигна нарцисоидност).

Во овој контекст психолозите и психијатрите поставуват дополнително прашање, имено: Кој и каков е епилогот?

Одговорот е повеќе од трагичен, бидејќи страда народот, кој е разделен, расцепен, нема интерперсонална хармонија, нема почит, нема емпатија, нема толеранција, а флексибилноста и логичното мислење се комплетно изгубени.

При ова изгубени се работни саати, намалена работоспособноста, настануваат бројни конфликтни состојби, разделени фамилии, разделени пријатели, лоши односи на работното место и она што е најтрагично деструкцијата, агресијата и ароганцијата во интерперсоналните секојдневни односи, како пролонгиран стресоген фактор предизвикува бројни психосоматски болести, од кои за жал страда обичниот граѓанин.





# БЕСЕДИ

Тетовско - гостиварска епархија



# ВО СПОМЕН НА ПРОСВЕТИТЕЛОТ ОД ТЕАРЦЕ[1]



г. Јосиф,
Митрополит Тетовско-гостиварски

*Вистина, вистина ви велам: кој што го слуша словото Мое и верува во Оној Којшто Ме испрати ќе има живот вечен и нема да дојде на суд, а преминал од смрт во живот...*
(Јован 5,24)

*Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух!*

*Драги браќа и сестри,*

Светата црква устроила секој ден од седмицата да е посветен на определена личност или настан. Саботата е посветена на упокоените, за сеќавање кон нив и за молитви. Црквата не престанува да се моли и за своите порано упокоени, затоа што со смртта тие не престанале да бидат нејзини членови, бидејќи „во Бога сите се живи" (сп. Лука 20, 38). И ние во оваа сабота од Третата недела на Великиот пост, дојдовме во Лешочката света манастирска обител, сеќавајќи се на ликот и делото на големиот просветител Кирил Пејчиновиќ – Тетоец (1771-1845), со молитви да ја одбележиме 173-ри годишнината од неговото упокоение во Господа.

Стоејќи покрај неговото вечно почивалиште, во близина на неговото родно Теарце, во манастирот каде ги поминал последните години од својот земен живот, погледнувајќи во надгробната плоча и читајќи го неговиот надгробен епитаф, неколкуте стихови кои самиот со своите сопствени раце ги издлабил во оваа плоча и со кои накратко автобиографски ни го опишал својот живот, не можам да останам рамнодушен пред тајната на времето, животот и смртта и да не ги кажам зборовите на Проповедникот: „И ќе се врати правот во земјата како што си бил, а духот ќе се врати кај Бога кој

1 Говор изговорен на поменот во светата Лешочка манастирска обител, над гробот на познатиот просветител Кирил Пејчиновиќ на 10. 03. 2018 - по повод 173-ри годишнината од неговото упокоение во Господа на 12 март 1845 година.

го дал“ (Проп 12, 7), зборови кои длабоко нѐ потсетуваат на реалноста, на единствената вистина дека животот на земјата е дар што Господ го дава и дека тоа постоењето на земјата, всушност е кратко патување кон вечниот живот во нашата вистинска татковина, во Небесното царство при нашиот Троичен Бог. Тоа многу добро го знаел нашиот просветител Кирил, кој секаде каде и да бил, од родното Теарце, па преку светогорскиот манастир Хиландар и Пречиста Кичевска, низ Марковиот манастир, сѐ до своето последно почивалиште овде во Лешок – секојдневно се трудел да живее, чекорејќи од смрт во живот и да допринесува тие Божји вистини, преку делата Огледало и Утешение грешним, но и преку неговите проповеди да стигнат и до неговиот народ и тоа на народен и разбирлив јазик.

*Почитувани,*

Секојдневно сме сведоци дека „Род еден си заминува, и род друг доаѓа“ (Проп. 1, 4), и сведоци сме дека делата се најголем потсетник и најголемиот споменик што човек сам си го подига. Такви дела направи и скромниот некогашен игумен на овој манастир, упокоениот Божји слуга Кирил, кој со помош на поимотните верници успеал да го обнови овој свет манастир и да отвори училиште во кое ги подучувал младите и старите. Успеал поуките да ни ги остави и нам – неговите наследници и браќа и сестри во Христа, Кој е нашето воскресение, живот и покој. Нам како вечна порака од него ни останува да ги прочитаме неговите дела, да се сеќаваме на неговиот живот, да го посетуваме и помагаме неговиот манастир и неговиот гроб, бидејќи тој многу направил за нас низ целиот свој живот.

*Возљубени,*

Денес, сеќавајќи се на нашиот преродбеник од Теарце, гледаме дека не е важно човек колку ќе живее, туку како ќе живее и што ќе остави зад себе. Ете, тој ни остави многу дела зад себе, направи дела со кои сите се гордееме и изгради спомен за себе пред својот народ и пред својата Црква овде на земјата, но и горе на небото. А тој спомен е најтраен и вечен. Нашите денешни сеќавања и молитви кон семилостивиот Бог наш за покој на неговата душа се најголем доказ дека неговиот спомен е вечен.

*Бог да Го прости и вечен да Му е споменот!*





# 200 ГОДИНИ „ОГЛЕДАЛО“

**Г. Г. СТЕФАН,**
Архиепископ охридски и македонски
и на Јустинијана Прва



Годината[1] што изминува е благословена за нашата Црква и за нашиот народ од аспект на прославувањето на значајни настани и личности од нашата духовна, свештена и национална историја. Така, ја одбележавме 1000-годишнината од славното мачеништво на свети Јован Владимир, потоа, речиси цела година, преку најразлични прославувања, на ниво на Црква, на институции и на држава, ја одбележуваме 1100-годишнината од блаженото упокојување на патронот на нашата света Црква и ангелот-чувар на нашиот род, свети Климент Охридски. Меѓу другите, се одбележуваат и други годишнини: 110 години од смртта на Ѓорѓи Сугарев и Дамјан Груев, 90 години од смртта на Крсте Петков Мисирков, 110 години од раѓањето на архиепископот Доситеј, на Михаило Апостолски и Антон Панов, 90 години од основањето на Природо-научниот музеј, 70 години од донесувањето на првиот Устав на Народна Република Македонија, 70 години од Драмски театар-Скопје, 50 години од Факултетот за музичка уметност итн.

Еве и денес сме собрани за еден значаен јубилеј - 200 години од печатењето на делото „Огледало“ на нашиот просветител и преродбеник Кирил Пејчиновиќ. Оваа книга, зборник по својот формат, е составена од

1 Обраќање на промоцијата на книгата „Огледало за Огледало на Кирил Пејчиновиќ“ од Борис Момировски, Духовно-културен центар „Кирил Пејчиновиќ“ при манастирот „Пресвета Богородица“ и „Свети Атанасиј Велики“ – Лешок, 24. 11. 2016 г.

два дела: првиот дел го сочинуваат молитви и верско-обредни текстови на црковно-словенски јазик, со македонски народни црти, преземени од православниот требник, а вториот дел го сочинуваат беседи напишани на тетовски говор, со елементи на скопскиот и други македонски говори. Првиот дел подразбира конкретно прирачник за свештениците, а вториот дел е наменет и за свештениците, како книга-пример за темите на кои треба да се посвети особено внимание во проповедта на тогашните пастири, но овој дел е несомнено наменет и за верниот народ, зашто има за цел да проповеда, поучи, да упати и критикува.

Отец Кирил е вистински пример за духовник, не само на своето време, туку и за денешните генерации свештенослужители. Го одликува потребната скромност, но и нагласената ревност за преданието на Црквата, за молитвата и за вистината. Тој е неуморен во работењето, во возобновувањето на манастирите, во кои по Божјата промисла живее. Неговото житие ни говори дека тој речиси целиот свој живот, од детството, го поминал по манастирите. Заедно со своите татко Пејчин и стрикото Далмант заминува за Света Гора, каде што се замонашува во манастирот Хиландар. Потоа дошол во Пречиста Кичевска, од каде, по извесно време заминал во Марковиот манастир, каде што бил поставен за игумен. Оттаму, кон крајот на 1817 или по почетокот на 1818 година заминува во родното Теарце, а потоа во Лешочкиот манастир, каде што како игумен веднаш се зафаќа со возобновување на разурнатото светилиште на големиот отец на православието - свети Атанасиј Велики. Во својот Поменик, познат денес во науката како Лешочки манастирски поменик или Белешки за историјата на Лешочкиот манастир, отец Кирил ја опишува обновата на манастирот, ктиторите, како и околностите во кои се зафатил со овој потфат.

Игуменот Кирил, кого науката го препознава како скудно образован човек, повикувајќи се на неговите зборови од писмото упатено до кнез Милош во 1833 година, каде што тој вели: „не учихом во никое школо“, како и на неправилното користење на црковнословенскиот јазик, сепак, богословски е добро образован човек, кој умеел да ја почувствува потребата на времето - на народот да му ја приближи религиозната поука на народен, на разбирлив јазик. Тоа, во делата на Пејчиновиќ значи користење на неговиот роден тетовски говор, во кој има и елементи на централните говори, како и значително влијание на црковнословенскиот јазик. За овој Лешочки игумен несомнена и неоспорна е тогашната актуелна потреба - народот да се просветува, пред сè духовно, преку книгата, преку пишаниот збор.

Отец Кирил не е само преведувач и составувач, како други во негово то време наши просветители. Тој е и писател, автор на оригинални текстови на народен јазик - дела во кои доаѓа до израз неговиот темперамент на проповедник и поучувач, на самосвесна личност која не се плаши да говори лице во лице со читателите. Особена карактеристика на неговите дела се народниот начин на прикажување на нештата, потоа изразениот степен на актуелност, зашто делото на Пејчиновиќ е израз на неговиот начин на живот, на неговата свест за тоа што е - пастир, отец и учител, што се согледува





со соживувањето на неговата личност и проповед со елементи и случки од секојдневниот живот на човекот во Македонија.

Во книгата „Огледало“, отпечатена пред 200 години во Будим, централно место зазема авторското *Поучение свакому христиану како подобает празновати празници Господских и сјатих и како подобает причаститисја свјатим причаштением*, познато во научната и читателската јавност и како Слово за празниците. Во него игуменот Кирил ни се прикажува како вистински проповедник, на што укажува и доследното следење на омилитичките правила, според кои творбите наменети за читање во храмот или на трпеза, започнуваат со некакво мото од Светото Писмо, а тоа е случај и во ова Слово кое започнува со стихот од Псалмите: *Дојдете чеда, послушајте ме, јас ќе ве научам да се бојте од Господа* (Пс. 33, 11). Тој не се колеба со голема ревност и верба во успех да поучува, советува, објаснува, па дури и критикува. Во ова слово, кое е распослано на 88 страници, централно место зазема истакнувањето на вистинскиот и единствен начин на живеење на христијаните - низ Светите тајни на Црквата. За него бескомпромисна е борбата за автентичното светоотечко предание, односно автентичното богословие на отците. И таквиот пристап кај отец Кирил е разбирлив - времето кога тој пребива на Света Гора е време на појавата на светогорското филокалиско (коливарско) просветителско движење, кое се појавува како спротивставување на тогаш актуелните застранувања од православното црковно предание: нередовното причестување, суеверието, погрешното извршување на богослужбениот поредок итн. Коливарите своето име го добиле, всушност и на тој начин се појавиле, поради нивното инсистирање, кое своја оправданост има во правилата на Црквата, благословувањето на коливото (варената пченица) да се врши во сабота, а не во недела. Без друго, коливарството се појавува и како одговор на христијанството на рационалистичкото просветителство кое се појавува во Европа во XVIII односно XIX век. Одликата во делото на коливарите е проповедта и ползувањето на народниот, говорниот јазик, потоа ставањето акцент на светата Литургија, како и заложбите библиските принципи да ги посочат и истакнат како насушни во секојдневниот живот. И сега, несомнено, ако го погледнеме делото на Кирил Пејчиновиќ, ќе ги видиме сите овие карактеристики. „Словото за празниците“ е токму еден таков - автентичен преданиски текст, предаден на народен говор, што секако ја доловува генијалната идеја на авторот тоа да биде достапно за обичниот човек, во кое централно место зазема литургискиот живот на христијаните: преку празниците и начинот на кој треба да се прославуваат и да се учествува во нив, со отклонувањето на сите аномалии кои се производ на суеверието, паганството и неетичкото живеење, до крунисувањето на таквиот подвиг во светата Евхаристија. Делото „Огледало“ на отец Кирил Пејчиновиќ е повеќе од актуелно и денес, бидејќи на еден или друг начин и денес се соочуваме со слични проблеми и појави. Дури како да го видел и нашево време, па поучува: *Не карајте се, тукуда живуемо како браќа, еден за другого да се молимо, еден другого да жалимо, еден другому да помажемо, еден другому тежината да носимо.*

И на крајот да се запрашаме за насловот на книгава – зошто „Огледало“? Авторот не ни оставил директно сведоштво, но од содржината, особено

од „Словото за празниците“ е многу јасно. Севкупното дело на Пејчиновиќ е Христоцентрично, за него сè во светот има смисла само во Богочовекот, на Кого треба да се огледаме. Така, отец Кирил го поставува огледалото како средство во кое се манифестира одразот на она што се огледува – ако ние се огледаме, и во одразот не Го видиме Христа, тогаш нашиот живот е, да се изразиме со јазикот на отците, безсмислен. И друго, тој во своите дела говори за етиката и етичкото однесување, но за етиката осмислена во аскетскиот опит, и само на тој начин може да имаме вистинско просветување, вистинско просветителство. Конечно, само човекот кој ги применува и усвојува начелата на христијанската етика, ќе може да се погледне во огледало.

Топло ви го препорачуваме делото „Огледало“ од Кирил Пејчиновиќ, кое еве денес имаме чест да го промовираме издадено во книгава што е пред нас. Му благодариме на авторот г. Борис Момировски Лешанин, долгогодишниот истражувач на творештвото на Пејчиновиќ, за тоа што, со помош на издавачката куќа „Силсонс“, повторно ги актуализира пред нас овие зборови што живот значат и кои се важни за нашиот духовен, културен и историски бит. Па почесто да го прелистуваме Кириловото „Огледало“, за да не заборавame да погледнуваме во спасоносното огледало!



# ОГЛЕДАЛО

# ВЕСТИ И НАСТАНИ

## Тетовско - гостиварска епархија

Синиша Георгиев



Бадник во Тетово



Доделување на Светиклиментов орден на маестро проф. д-р Ивица Зориќ



Рождество на Господ Исус Христос –
Божик во Гостивар



Закројување на лозите на празникот посветен на
свети Трифун во Лешочкиот манастир







Средба со потпретседателот на ЕУО на ТГЕ



Акатист во чест на Пресвета Богородица во Тетово



Средба со пратеници



Канонска визитација на храмот „Свети Атанасиј Велики“ во с. Брвеница, Тетовско







Цветници во Гостивар



Средба со проф. д-р Методи Чепреганов



Статии на Велики петок




Доделување на хуманитарна помош на социјално-загрозени семејства во епархијата







Воскресение Христово – Велигден во Тетово



Средба со градоначалникот на општина Теарце



Свети Никола – летен во с. Жилче, Тетовско



Светски ден на културна разноликост, дијалог и развој







70 години УКИМ



Спасовден во с. Рогачево, Тетовско



Екскурзија во Беровскиот манастир



Работна средба со жителите на с. Долно Палчиште
за обнова на храмот



Средба со генерал Павле Арсовски



Свети Наум Охридски на Попова Шапка



Осветување на храм во с. Јагуновце



Средба со амбасадорот на Р. Франција,
Н. Е. Кристијан Тимоние







Манастирска слава во с. Галате, Гостиварско





Одбрана на докторскиот труд на Митрополит г. Јосиф
на ВТУ – Велико Трново



Средба со ректорот на ВТУ – Бугарија



Манастирска слава во с. Зубовце, Гостиварско







Ракополагање во ѓаконски чин во Гостивар



Прием на гости во Митрополијата



Литургија во с. Печково, Гостиварско









Мисионерска дејност – Организирана екскурзија во Маврово за лицата со посебни потреби



Преображение Господово вонаселба Циглана – Гостивар



Ракополагање во свештенички чин во Гостивар








Посета на архимандритот Партениј со дел од братството и сестринството на Лешочкиот манастир



Осветување на манастирската сувенирница во Лешок



Средба со владини претставници во Лешочкиот манастир



Манастирската слава во Лешок








Посета на Светата земја со директорот на КОВЗРГ, г. Даријан Сотировски



Средба со амбасадорот на РМ во Тел-Авив – Израил







Осветување на нови крстови за обновениот храм
„Свети Атанасиј Велики“ во с. Брвеница

*Контакт:*
Тетовско – гостиварска православна епархија
Соборен храм „Свети Кирил и Методиј“
Бул. Гоце Делчев, бб
Тетово

*e-mail:*
tgeogledalo@gmail.com

**ПЕЛАГОНИЈА**
А.Д. ГОСТИВАР
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОИЗВОДСТВО
И ИНЖЕНЕРИНГ УВОЗ-ИЗВОЗ

*Голема благодарност до „Пелагонија А.Д.“ – Гостивар,
која го потпомогна издавањето на
овој број на списанието „Огледало“*



tge.mk

ISSN 2545-4579
ОГЛЕДАЛО